View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk

brought to you by CORE

provided by UGD Academic Repository

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

Издавач:
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Адреса на Редакцијата:
Министерство за одбрана
Списание „СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА“
ул. „Орце Николов“ бб 1000 Скопје
Телефони: 3282-299 и тел. факс 3113-527
Интернет адреса: WEB на Министерството за одбрана:www.morm.gov.mk, публикации, СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА на македонски и на англиски јазик
Списанието излегува два пати годишно.

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

ТЕОРЕТСКО СПИСАНИЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РМ

***ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ***
генерал-мајор *Насер* СЕЈДИНИ*, **претседател***
проф. д-р *Трајан* ГОЦЕВСКИ
проф. д-р *Росе* СМИЛЕСКИ*, полковник*
*м-р Димче* ПЕТРОВСКИ, *бригаден генерал*
*Афродита* КОСТОВСКА
*Сашко* ДИМОВ
*доц. д-р Методија* ДОЈЧИНОВСКИ, *полковник*
*доц. д-р Мухамед* РАЦАЈ, *полковник*
*м-р Жанет* РИСТОСКА

***УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
проф. д-р *Трајан* ГОЦЕВСКИ
проф. д-р *Росе* СМИЛЕСКИ*, полковник*
м-р *Жанет* РИСТОСКА
проф. д-р *Зоран* НАЦЕВ
доц. д-р *Драге* ПЕТРЕСКИ*, полковник*
*доц. д-р Методи* ХАЏИЈАНЕВ, *мајор*

Главен и одговорен уредник: проф. д-р *Трајан* ГОЦЕВСКИ
Заменик главен уредник: проф. д-р *Росе* СМИЛЕСКИ*, полковник*
Одговорен уредник од МО: м-р *Жанет* РИСТОСКА
Технички уредник: *Билјана* ИВАНОВА
Ликовно решение на корица: *Кочо* ФИДАНОВСКИ
Лектор: м-р *Жанет* РИСТОСКА

Печат: „Европа 92“ - Кочани

Сите права се резервирани
Се забранува репродуцирање на публикацијата и нејзините делови, како и нивно трансформирање во разни медиуми: електронски, магнетни ленти, механичко фотокопирање, снимање и друго, без писмено одобрение на издавачот и авторите.

All rights reserved
No part of this publication may be reproduced, stored in a retrieval system or transmitted in any form or by any means: electronic, electrostatic, magnetic tape, mechanical photocopying, recording or othewise, without permission in writing from the publisher and authors.

Според мислењето на Министерството за култура бр. 07-7144/2 од 27. 12. 1999 година, за списанието „СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА“ се плаќа повластена даночна стапка.

# СОДРЖИНА


1 *Општо-теоретски, доктринарно-стратегиски и други теми од областа на одбраната*

Методи ХАЏИ-ЈАНЕВ

**СОВРЕМЕНАТА ДОКТРИНА ЗА ИРЕГУЛАРНО ВОЈУВАЊЕ** ............................ 7

Оливер БАКРЕСКИ

**МОДЕЛИ НА ПЛАНИРАЊЕ НА ОДБРАНАТА** ..................................................... 31

3 *Геополитички, геостратегиски, военополитички и теми од меѓународен ангажман во областа на одбраната*

Стојан СЛАВЕСКИ

**РАЗУЗНАВАЧКА ПОДДРШКА НА БЕЗБЕДНОСНАТА ПОЛИТИКА НА ЕУ** ....45

4 *Техничко-технолошки достигнувања, вооружување и опрема*

Славко АНГЕЛЕВСКИ

**ПОДОБРУВАЊЕ НА ВОЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА СО ПРИМЕНА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА НА КОМПЈУТЕРСКИ ИГРИ** ............. 59

Драге ПЕТРЕСКИ, Росе СМИЛЕСКИ, Методија ДОЈЧИНОВСКИ, Кемо ЃОЗО

**ТРГОВИЈАТА СО КОНВЕНЦИОНАЛНОТО ОРУЖЈЕ КАКО ГЛОБАЛЕН ПРЕДИЗВИК** ........................................................................................ 75

6 *Други теми од областа на безбедноста, одбраната и заштитата*

Методија ДОЈЧИНОВСКИ, Драге ПЕТРЕВСКИ, Кемо ЃОЗО
**САМОУБИСТВЕНИТЕ НАПАДИ – НОВОТО ЛИЦЕ НА ТЕРОРИЗМОТ** ..... 85

Јулијана СТОЈАНОВА
**ПСИХОЛОШКИТЕ ПОРЕМЕТУВАЊА И ВОЈУВАЊЕТО**
**КРАТКА ИСТОРИЈА ЗА PTSD** .......................................................................... 85

7 *Прикази на книги, стручни трудови и др. од областа на одбраната*

Жанет РИСТОСКА
**КРИЗИТЕ ВО НЕЗАВИСНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**(проф. д-р Трајан Гоцевски)** ....................................................................... 117

Марина МАЛИШ-САЗДОВСКА
**МЕТОДИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ**
**(проф. д-р Росе Смилески)** ......................................................................... 121

# СОВРЕМЕНАТА ДОКТРИНА ЗА ИРЕГУЛАРНО ВОЈУВАЊЕ

**Методи ХАЏИ-ЈАНЕВ**
Армија на Република Македонија

**Апстракт**: *Овој труд претставува обид да се прикажат промените кои се наметнаа во начинот на војување под влијание на современите закани од „Ал Каеда“ и нејзе афилираните групи. Фактот дека Република Македонија активно учествуваше (се мисли на Ирак) и сѐ уште учествува (во Авганстан) со сопствени сили во меѓународните операции против овие закани ја потврдува потребата од расправа на оваа тема. За разлика од класичниот начин на герилско војување кој е претежно со материјална и локална цел (регионална во најголема мерка), современото бунтовничко движење коешто применува микс од герилска тактика и тероризам има апстрактна (глобален Џихад) и тотална цел (за елиминирање на сите неистомисленици). Нивната агенда е глобална. Затоа, современите методи при справувањето со овие бунтовници мора да вклучат комплексна системска анализа која ќе се применува преку театарското кампањско планирање. Следствено на тоа, оперативните процедури задолжително мора да имаат индиректен, наместо директен и неконвенционлен наместо конвенционален пристап, со помош на кои ќе се оствари победата и ќе бидат исполнети стратешките цели*

**Клучни зборови**: *глобално бунтовничко движење, директен пристап, индиреткен пристап, конвенционално војување, неконвенционално војување*

# THE MODERN DOCTRINE FOR IREGULAR WARFARE

**Abstract**: *This title represents an effort to understand the changes in war-fighting under the influence of threats posed by Al Qaeda and its Associated Movements. Since the Republic of Macedonia was actively involved (in Iraq) and is still present (in Afghanistan) with military forces against these threats, the importance of this debate is more than clear. In contras to classic guerrilla warfare which is predominantly materially and locally focused, modern insurgency movement that practice mix of guerrilla and terrorism has metaphysical and total goal. This goal is also global instead of regional or national. Therefore, modern methods in countering with these insurgents must rely on complex system analysis implemented through theater campaign planning process. Following this the operational procedures must have indirect unconventional approach instead of direct and conventional approach, which will lead to accomplishment and fulfillment of strategic objectives.*

**Key words**: *global insurgency, direct approach, indirect approach, conventional warfare, unconventional warfare*

**Вовед**

Современите закани кои ги постави „Ал Каеда“ покрај останатото предизвикаа промени во начинот на војувањето. На тој начин, според некои аналитичари, она што се случува во Авганистан и во Ирак, но и таму каде се одвиваат операции против афилираните гупи на „Ал Каеда“, е одраз не т.н. „4та генерација на војување“. Терминот „4та генерација на војување“ не е прифатен во оперативните кругови и е повеќе метафора која датира од академските кругови. Во секој случај, станува збор за современо противбунтовничко војување. Иако ваквиот начин на војување не е новина, стандардите кои се поставени се нови и предизвикуваат поинакви импликации. За разлика од класичните војни, ова војување е војување на идеи. Тоа пак, ја наметнува потребата од промена, не само во планирањето, туку и во изведувањето на борбните операции. Класичните пристапи во досегашната практика на справување со современите безбедносни закани не дадоа плод. Тоа се должи на несоодветното планирање на борбените операции, но и на несоодветниот пристап за време на изведувањето на борбените дејства.

## Четврта гнерација војување: генерални забелешки

Терминот четвртата генерација на војување почнал да се користи помеѓу воените планери и стратези во доцните 80-ти годни од минатиот век, како начин со кој се карактеризираат динамиката и идната насока на војување. Дел од заедницата на стратези и планери ја гледаат еволуцијата на војување низ неколку различни фази.

Првата генерација на модерната војна се карактеризира со доминација на масовна работна сила. Оваа војна кулминира со Наполеоновите војни. Од овде се извлекува и еден од основните принципи на војувањето, а тоа е масовноста.

Огнената моќ ја карактеризира втората генерација на војување. Својот врв овој начин на војување го достигнува во предвечерието на Првата светска војна. Тоа значи дека примената и потпирањето на масовноста како принцип и понатаму е присутна, но на поинаква основа. Во овој случај станува збор за масовност во поглед на техниката и огнената моќ.

Третата генерација на војување ја одбележува смената во примената и доминацијата на принципите на војување. Наместо масовноста, стратешкиот маневар има значително изразена доминација. Прускиот гнев и идејата за потрага по одлучувачки битки интензивно го применуваат маневарот како принцип на војувањето. Долго по Втората светска војна овој начин на војување е атрактивен и во другите конвенционални судири како средство за решавање на споровите преку употреба на сила.

Четвртата генерација на војување, за разлика од класичниот начин на војување, акцентот не го става врз постојните принципи на војување. Еволуцијата на овој начин на војување е во насока на тоа што приоритетот кој ја гради рамката преку којашто се формира овој концепт на војување е искористување на предностите на политичките, информациските, економските, правните и техничките промени по Втората светска војна.[1] Користејќи ги предностите на овие

општествени промени (глобализацијата пред сè) се наметнува неконвенционален пристап во војувањето кој се храни од конвенционлниот пристап на противникот (околу ова поопширно подолу во текстот).

На тој начин, физичката надмоќ на противникот се фаворизира за омасовување на поддршката преку користење на постојните правила (потрага по борба за човекови права), влијание врз јавното мнение (масовноста на непријателот нè дефаворизира и нè поставува во инфериорна позиција – што побудува сожалување и пасивна поддршка за бунтовниците од населението) и религијата (солидарноста пред сè) со што се наметнува омасовување и глобализација на целите кои се апстрактни и тотални.[2] Со оглед на тоа што физички непријателот е пософистициран (се однесува на нас како непријател на современите бунтовници), понадмоќен во техника и жива сила, во оперативна смисла, спротиставувањето е преку герилски начин на војување. Бидејќи станува збор за манипулирање со инструментите на моќ (дипломатија, информации, економија и воена сила), како што тоа го прават државите наместо само класична герила, станува збор за бунтовничко движење. Ова движење има воен дел, политичка гарнитура, јатаци или поддржувачи и целни групи кои се користата за мобилизација.[3]

Оттука, „4та генерација на војување“, која сега непосредно е актуелна во Ирак и во Авганистан, е модерна форма на бунт. Нејзините практичари имаат за цел да ги убедат непријателските (нашите-коалициони) политички лидери дека нивните стратешки цели се неостварливи или премногу скапи. Основното правило врз кое се заснова идејата на современите бунтовници е дека кога правилно ќе се употреби политичката волја, ќе се добие поголема економска и воена моќ, а сето ова е во насока на одземање на легитимитетот на противникот и „пумпање“ на сопствениот легитимитет.

Од овде би заклучиле дека т.н. „4та генерација на војување“ во голема мерка се поклопува со класичното герилско војување.[4] Во стратешка смисла, четвртата генерација на војување не е ништо друго туку борба на идеи. Со други зборови фокусот при овој вид на војување е врз менување на свеста на донесувачите на одлуките. Во политичка смисла на зборот, овој вид војување ги опфаќа транснационалните, меѓународните и национални организации и мрежи.

---

[1] Поширко околу ова во: U.S. Government, “Counterinsurgency Guide”, United States Government Inter-agency counterinsurgency initiative, January 2009

[2] Изјава на: **Hussein Massawi Hizbullah “We are not fighting so that you will offer us something. We are fighting to eliminate you” Hussein Massawi, Hizbullah, 2003**

[3] Околу ова пошироко во: US Army Field Manual 3-07.22, “Counterinsurgency operations”, Department of the Army Washington, DC, 1 October 2004

[4] За овој термин различни автори користат различни термини. Така се нарекуваат револуционерни движења, бунтовници, герилско војување, партизански начин на војување, или ослободителни војни кога станува збор за движење на отпор и сл. Повеќе околу ова може да се види во: Guerrilla : a Historical and Critical Study, London : Weidenfeld and Nicolson, 1977

На оперативно ниво, тоа значи дека се користат различни пораки за различни публики, кои се фокусираат на кршење на противничката политичка волја (значи влијаење и преку домашното јавно мнение кај противникот-т.е. коалиционите сили кои се спротиставуваат). Тактички, пак, се користат материјали кои се присутни во општеството и во секојдневниот живот. Значи не мора да станува збор само за воени средства. Така на пример, како потенцијален извор за употреба - се предвидуваат индустриските ресурси како хемикалии, течен природен гас, или вештачко ѓубриво преку кои се предизвикуваат масовни ефекти. Од овде би заклучиле дека современото војување кое го диктираат недржавните актери (што впрочем и ја поставуваат глобалната закана) е микс од тероризам и бунтовничко-герилско војување на глобално ниво). Притоа, целите на глобалните бунотвници се тотални и апокалиптични (околу ова пошироко ќе стане збор подолу).

## Дали навистина станува збор за нов начин на војување?

Разумна критика би забележала дека доколку вака го опишеме новиот начин на војување, не сме кажале ништо ново. Ваквите конфликти, според некои видувања, се присутни уште од дамнешни времиња и ја следат еволуцијата на војувањето низ историјата. Историјата на војувањето, дури и по Втората светска војна изобилува со ваков вид војување. Деталните анализи околу ваквиот начин на војување укажуваат дека не може еднозначно да се одреди дали овој начин на војување е успешен или не. Постојат примери во кои овој начин на војување бил успешен за герилците (на пример САД ги изгуби Виетнам, Либан, и Сомалија). Но, постојат и примери кои зборуваат за успешна противбунтовничка кампања. Пример за тоа се војните во Малаја (1950), Оман (1970) и Ел Салвадор (1980). Генерално, победата во ваквиот начин на војување, била резултат на кохерентна, трпелива акција која го опфаќала целиот спектар на политички, економски, информациски и воени активности.

Според ваквите ставови, многу слично се случува и во современите борбени операции во Авганистан и во Ирак, па и нешто пошироко, односно секаде каде што се изведуваа операциите од т.н. „Глобална војна против тероризмот“.[5] Така и покрај високата воена технологија која ја има САД и коалиционите партнери во сегашните конфликти во Ирак и Авганистан што во оперативна смисла (значи војнички) е услов за доминација, резултатите од директниот пристап-употреба на кинетичка сила се не продуктивни.[6]

---

[5] Овој термин е променет од страна на администрацијата на Обама. Имено за разлика од Џорџ Буш Обама, смета дека терминот глобална војна против тероризмот не соодветствува со сликата на теренот. Советниците на Обама сметаат дека станува збор за глобално бунтовничко движење кое применува форми на тероризам, а не за глобален класичен тероризам. Пошироко види во: David Kilcullen, The Accidental Guerrilla, Fighting small wars in the midst of big one”, Oxford, University Press, 2009

[6] Тоа впрочем беше и причината за ургентното донесување на нова доктрина позната и како Ирегуларно војување види: US Department of Defence, „Iregular Warfare, Joint Operating Concept“, 2007

На 1 мај 2003 година, претседателот Џорџ Буш прогласи крај на главните борбени дејства во Ирак. Додека повеќето Американци се радуваа на овој оглас, делот од оперативците кои знаеа што ги чека, го протолкуваа тоа на начин според кој застанаа на ставот дека лесниот дел од војната е завршен. Така, иако беше прогласен крај на операциите со размер на војна, воените операции продолжија, а жестокоста на истите, заради отсуство од ефективен мир започна да варира. Всушност, Талибанците и ирачките бунтовници заедно со „Ал Каеда" се вратија назад со уште потежок начин на војување, начин на кој конвенционалниот метод не може да одговори. Наместо мир, секој ден сме сведоци на немири, медиумите секојдневно објавуваат за смртта на уште еден војник, од детонација на смртоносните автомобил-бомби убиството на цивили и немири.

„Ал Каеда" поддржана од нејзе афилираните групи (понатаму: АКИНАГ), се стреми кон заокружување на својата стратешка цел преку примена на герилски начин на војување и примена на тероризам. Аргументот за вакиот пристап на АКИНАГ лежи во фактот што САД, конвенционално речиси и да не се поразени. Ова е дотолку повеќе и заради фактот што, горчината на заканите од герилското војување САД ја почуствува не еднаш, туку три пати (Виетнам, Либан, и Сомалија). Ваквата форма на војување, ја фрли на колена и Франција во Алжир, а и доктрината на Советскиот Сојуз во Авганистан и подоцна Русија во Чеченија. Токму овие статистички податоци се можеби најсилниот аргумент заради кој АКИНАГ го наметнаа ова темпо на војување на глобален план.[7]

Со ваквите ставови не би можеле, а да не се сложиме. Сепак, би морале да бидеме претпазливи од причина што современиот начин на кој се манифестира глобалниот бунт диверзира од класичниот во целта и во намерите. Иако припадниците на АКИНАГ настојуваат да ги поразат САД и нејзините сојузници преку метод кој функционирал во минатото, тоа го применуваат на глобално ниво, не во регионален контекст како во минатото. Специфичноста со која АКИНАГ ја применуват т.н. „4та генерација на војување" се бележи преку фактот што АКИНАГ се обидуваат да влијаат врз промена на свеста на непријателот и политичарите кои го раководат. Притоа, пред да го стори тоа АКИНАГ многу добро ги има проучено и сфатено овие односи и начинот на кој функционира демократското општество.

Затоа и интензивно се експлоатираат меѓународните, националните и политичките мрежи за остварување на сопствените цели. Припадниците на АКИНАГ се свесни за тоа дека, за да ја остварат својата цел им се достапни поголем спектар на меѓународни канали како на пример: ООН, НАТО, Светската банка, Организација на земји-извознички на нафта и др. Проблемот за сојузниците,

---

[7] Околу ова види и во: Steven Metz and Raymond Millen, "Insurgency and Counterinsurgency In the 21st century: Reconceptualizing Threat and Response", US Strategic Studies Institute, November 2004, стр. 8

а предност за АКИНАГ, е што секоја организација има различна функција во меѓународните односи и начин на кој оперира. Тоа, уште повеќе ја усложнува работата на сојузниците кои почиваат на вредности во кои се претпоставува почитување на овие организации и дејство во склад со поставените принципи од нивна страна.

Во едни вакви услови, задскривајќи се зад вакуумите кои постојат заради различните перцепции во рамките на овие организации (што пак е одраз на културните разлики) на АКИНАГ многу лесно им оди од рака создавањето на политичка парализа не само преку јавното мнение на домашен план, туку и во самите меѓународните организации (подели за да владееш полесно - обично не е тешка задача). Оттука, можеби е и јасно зошто уште Наполеон ја препознал слабоста на коалицијата, па изјавил „ако сакате да победам дајте ми коалиција и јас лесно ќе ја извојувам победата“. Фох, неговиот наследник во 20 век пак, изјавил дека „после војувањето со коалиција импресиите од Наполеон се се побледи“.

Временските рокови на 4та генерација на војување, и нејзините организации, и цели, се многу различни во споредба со оние на конвенционална војна.[8] Во таа насока, за разлика од конвенционалните временски приоритети, справувањето со овој глобален бунт кој го форсираат АКИНАГ, почива на подолги временските рокови. Токму затоа, иако победата во овие операции е неминовна, јунаците кои ќе парадираат на победоносната парада сè уште не се родени. Сепак, пред и воопшто да се зборува за победа мора да се разбере основата на која почива ова бунтовничко движење, начинот на неговото создавање и методите-тероризмот кој тоа го практикува.

## Создавањето на глобалното бунтовничко движење

За разлика од класичниот начин на кој се применувало герислкото војување (каде целта била ограничена на дадена територија, најчесто една држава или евентуално регион, метеријална за конкретен проблем), современиот бунт има апстрактна цел-глобален џихад, и тотална цел, за целосно елиминирање на противниците (не за менување на власт или отцепување во крајна линија, како што тоа било карактеристика за класичните герилски војувања). Сето ова се практикува со примеси на тероризам, што дополнително ја комплицира целата ситуација околу пристапот против него.

Она што во контекст на претпоставаката за тоа дека постои смена во начинот на војување го загатнавме како теза се однесува, пред сè на начинот на

[8] Иако не ја нарекува со ова име, авторот на Tip of the Spear (анализа на неколку значајни операции во овој домен), исто така ја евидентира оваа промена. Пошироко во : John T. Hoffman, “Tip of the Spear”, Center of Military History, United States Army Washington, D.C., 2009, стр. 8

кој Ал Каеда успеа да создаде глобален феномен. Овој феномен според најновата администрација на САД, се ословува како глобално бунтовничко движење. Ваквата еволуција на Ал Каеда и поврзувањето со нејзе афилираните групи поставија низа предизвици кои се исправени пред идните лидери и планери кои треба да ги водат, односно поддржуваат, меѓу другото и македонските воини во мисиите-операциите кои претстојат.

Преку новата асиметрична и неконвенционална стратегија „Ал Каеда“ сериозно започна да им пркоси на светскиот мир и безбедност. Нападите од 11 септември 2001 ја потврдија деструктивната моќ на заканите од современиот тероризам применет од Ал Каеда. Ал Каеда не само што успеа да го наметне современиот тероризам, туку успеа да создаде глобална мрежа која по многу елементи наликува на конгломерат од бунтовнички движења чии локални агенди се глобализираат и ставаат во функција на идејата и целта на Ал Каеда.

**Современиот тероризам-бунтовничко движење или нешто друго?**

Кога се мислеше дека „Светите војници“ ја исполнија својата должност во Авганистан, за која и беа создадени, неможејќи да се согласат со промената на интересите на големите сили пред сè, на САД, наместо да го положат оружјето, тие продолжија да војуваат. Дел од овие воини се вратија во сопствените земји, каде што, со стекнатите воени и политички вештини, во име на религијата, започна да поттикнуваат револуција за подобри „човекови права”, или едноставно, се стопија во постоечките терористички ќелии кои функционираа во тие региони. Еден друг дел од нив заминаа да им помогнат на своите браќа во Босна, Чеченија, Филипините или на Косово. Трет дел, пак, останаа во Авганистан и се вклучија во граѓанската војна којашто дивееше помеѓу северната Коалиција и Талибанството.[9]

Погорното, предизвика значителна промена во целокупниот начин на дејствување и функционирање на современиот тероризам. Брус Хофман смета дека заради религиозната припадност во проблематичните региони, преку евоулирањето на религиозниот тероризам, започна создавањето на современиот тероризам.[10] Користејќи ја религијата (исламот, за што ќе стане збор подолу) промените во практикувањето на тероризмот отидоа во насока на вмрежување на терористичките групи и нивно сè поголемо интернационализирање. Светските „жариштата” како Авганистан, Судан, Сомалија, Босна, Косово и останатите делови кои се вклопуваат во сликата на држави со „пропаднат систем”, како

[9] Пошироко види во: Ahmed Rashid, “Taliban: Militant Islam, Oil and Fundamentalism in Central Asia”, 2000, str. 12-13

[10] B. Hoffman, “Holly Terror, The Implications of Terrorism Motivated by Religious Imperative”, Royal Society of Naval Sciences, Stockholm, 1995, str. 43

држави во коишто системот не функционира ефективно, во име на религијата, станаа „рај” за терористичките движења и „светите борци” од многу земји.

Така, во услови на современиот свет на живеење, а пред сè, на силните интеракциски односи на меѓународен план, подемот на борбата за човекови права и обидот за толкување на правото на самоопределување во духот на сецесијата, глобализацијата и нејзиното влијание врз класичниот пристап на суверени држави, како и на променетата рамнотежа на сили во меѓународната политика, започна процесот на формирање на современиот тероризам. Ефектите и влијанието коишто, пак, овој ги наметна врз светскиот мир и безбедност беа катастрофални.

Но, современиот тероризам и неговите ефекти не може да се разберат без да се осознае улогата на недржавните актери на меѓународен план. Како резултат на глобализацијата, недржавните актери започнаа да играат клучна улога во економските процеси и, особено, во генералната и безбедносна политика. Фактот што современиот тероризам е практикуван токму од ваквите недржавни актери предизвика огромна сложеност при справувањето со тероризмот на меѓународен план. Последното ќе го осознаеме во контекст на, со сигурност, најактуелниот од таквите актери - меѓународната терористичка мрежа „Ал Каеда”.

## Современиот тероризам олицетворен во „Ал Каеда“

Современиот тероризам, што на меѓународен план го применува „Ал Каеда“, значително се разликува од класичниот меѓународен тероризам со кој светот се соочуваше за време и кратко по завршувањето на Студената војна[11]. Периодот на деведесеттите години од минатиот век и она што денес се случува на овој план создаде значително нова, до сега невидена слика. Во таа насока, можеме да ги издвоиме следните специфичности на современиот тероризам олицетворен во Ал Каеда, и тоа:

*Прво*, терористичките операции не се ограничени на национално и на регионално ниво. Ал Каеда е, на пример, одговорна за изведување на терористички напади во Авганистан, Индонезија, Јемен, Кенија, Мароко, Пакистан, Филипините, САД, Саудиска Арабија, Сингапур, Сомалија, Танзанија, Тунис, Шпанија, Велика Британија, Индија, Ирак и сл. Како една од причините за успехот во глобализацијата на Ал Каеда е и арапската интерпретација за западната поддршка на Израел за сметка на арапскиот и муслимански свет.

*Второ*, агендата на „Ал Каеда“ е глобална. Таа не е национална или регионална, како што е случај со ИРА, ЕТА, Абу Сајеф, ПЛО и сл. Класичниот тероризам се манифестираше преку неколку облици. Имено, еден од облиците

[11] U. Schnekner, “Internationale Terrorsiten als Profieteure fragiler Staatlitscheit“, SWP-Studie , Berlin Stiftung Wiessenschaft und Politik, 2004, str. 15-16

на манифестирање на тероризмот е преку борбата на властите на една држава против опозицијата, познат и како стравовлада-државен тероризам. Од друга страна, за класичен тероризам зборуваме и тогаш кога тероризмот е насочен од опозицијата против позицијата. Причините за тоа можат да бидат различни, од идеолошки несогласувања, борбата на малцинствата за политичка автономија или сецесија и сл. Тоа што во мотивациска смисла се случува со тероризмот на Ал Каеда, меѓутоа е значително различно. Нејзината агенда е религиозно мотивирана и е исполнета со апстрактна цел, којашто прерасна во „глобален Џихад" против неверниците. Целта на оваа агенда е да се врати владеењето на Алах, или за нив, „оригиналниот Ислам" кој се шири од Вахабизмот. Притоа, неверници се, не само САД и „Западот", туку и одредени исламски системи каков што е, на пример, оној во Саудиска Арабија.

*Трето*, искористувајќи ги основите на Исламот, пред сè, во поглед на солидарноста врз која се гради оваа вера, „Ал Каеда" успеа да развие транснационална идеологија.[12] Тоа се одрази на тој начин што идејата за глобалниот Џихад се појави како агенда и водич за многу исламистички екстремни движења, кои имаат сосема поинакви причини за примена на тероризам - многу слични на оние карактеристични за класичните терористички организации со регионални цели. Потврда за мобилизацијата врз основа на постулатите на верата како што е солидарноста, претставува членството во Ал Каеда. Членовите на „Ал Каеда" се муслимани од целиот свет, вклучувајќи ги и оние државјани на држави од Запад.

*Четврто*, организациската поставеност на „Ал Каеда", исто така, е со меѓународен предзнак. Структурата на „Ал Каеда" не е хиерархиска и наликува на она што во академските кругови е познато како „Хидра". Тоа значи дека постои јадро со мал број на членови за кое се закачени „сателитски" главни ќелии со голема децентрализација ширум целиот свет. Во сателистките ќелии, кои изведуват операции и независно од главното јадро, се наоѓа конгломерат на исламски фундаменталисти, исламски политички партии и истакнато независни групи врз кои се потпира главното јадро во логистичка и оперативна смисла.[13] „АлКаеда" не е творба на ниту една држава. Таа нема постојано седиште (преставништво) во ниту една држава. Од друга страна, искористувајќи ги најновите трендови кои се присутни во меѓународните односи, својата оригинерна сила Ал Каеда ја изгради во Судан, подоцна и во Авганистан (места во кои *de facto* не постоеше Влада).[14]

---

[12] Peter L. Bergen, "Holy War, Inside the Secret World of Osama Bin Laden", INC., 2001

[13] M. Haxi-Janev, "Pravilo za obuka na Al Kaeda", Odbrana, Ministerstvo za odbrana na Republika Makedonija, Septemvri 2004

[14] D. L. Byman, "Al Qaeda as an Adversary: Do We Understand Our Enemy", World Politics, vol. 56, No1 October, 2003

Во тој контекст, користејќи ја современата технологија и современите односи, Ал Каеда формира фондови и ги преместува парите, ја пренесува својата идеја и го шири учењето врз основа на религијата. Тоа, и дава неограничена можност за регрутирање на илјадници млади муслимани.

Податоците за тоа дека членови на „Ал Каеда" се среќаваат во движењата во Босна, Авганистан, Пакистан, Бангладеш (во граничните делови), Долината Панкиси во Грузија, Чеченија, Сомалија, Филипините и Јемен се најдобар доказ за функционирањето на Ал Каеда во овој дух. Во голема мера, влијанието на учењето на „Ал Каеда" ги инспирираше членовите на „Џема Исламија" (во Југоисточна Азија), „Ал Итихад Ал Ислами" (на Рогот на Африка), „Ал Ансар Муџахедин" (во Кавкаскиот регион), Туниска Борбена Група и „Џајас Мухамед" (во Југоисточна Азија), со кои има интензивни врски и соработка.[15]

Во поткрепа на погорното стои и изјавата на „Ал Каеда" дека таа нема да запре тука, туку, напротив, дека ќе продолжи да ја шири својата мрежа и дека ќе ги инспирира и другите муслимани во светот. Со тоа, „Ал Каеда" постави досега невиден стандард за примена на тероризам, привлечен и за останатите терористички групи. Само со поистоветување со името на „Ал Каеда", тие ја добиваат потребната популарност.[16]

*Петто*, тактиката на современиот тероризам не се совпаѓа со мошне употребуваната реченица на Брајан Џенкинс дека „терористите сакаат многу луѓе да гледаат, а не многу луѓе да загинат".[17] Настаните од 11 септември 2001 година потврдија дека современиот тероризам се води од девизата „повеќе луѓе да гледаат и повеќе луѓе да загинат". Како за илустрација, за време на 30 годишната употреба на тероризам од страна на ИРА досега загинале околу 3000 лица.[18] Во нападите од 11 септември 2001 само во еден ден загинаа над 3000 лица и беше причинета неспоредлива материјална штета споредена со онаа предизвикана со нападите на ЕТА и ИРА заедно во целокупната нивна борба. Оваа штета не ја почуствуваа само САД, туку и целиот свет.

Од друга страна, споредено со класичниот тероризам, според ефектите, современиот тероризам има силно влијание врз креирањето на политиката на поголем број држави. Како за пример, Шпанија отстапи од коалицијата која учествуваше во операцијата „Слобода за Ирак", а под иста закана се најдоа и некои други земји. Намерата на оние кои го практикуваат современиот тероризам да вовлечат што поглем дел од цивилното население за да ја остварат својата

---

[15] J. Spyer, "The Al –Qa'ida Network and weapons of mass-destruction", Meadel East Review of International Affairs, Vol.8, No3, September 2004, str. 33

[16] A. Dalgaard-Nielsen, "Hvordan Vestern slog Al Qaida – og froaerde den internationale terrorisme en sejr i forstaterunde", videno vo: DIIS Brief, September, (Danish Institute Of International Studies) 2004

[17] Brian Jenkins, "The Potential of Nuclear Terrorism" Santa Monica, C.A. Rand, 1977, str.8

[18] Martha Crenshaw, "Terrorism in Context", Pennsylvania State University, 2005 str. 414

цел, се огледува и во желбата да употребат оружје за масовно уништување. Оваа закана која ја испрати „Ал Каеда“ е од посебно значење, особено во рамките на правото на предвремената самоодбрана заговарано во контекст на борбата против тероризмот, расправано подолу во текстот.

Во тој контекст, обидите за доаѓање до високо збогатен урануим, којшто се користи за правење на нуклеарни бомби и експериментите со биолошки и хемиски супстанци во Авганистан ја потврдуваат сериозноста на заканата од современиот тероризам на „Ал Каеда“.[19]

Од сè за што стана збор, станува јасно зошто и на каков начин Ал Каеда успеа да создаде глобална мрежа и да ги насочи дејствијата на локалните-регионални бунтовнички движења за своја цел. Интересот од криминален профит посебно изразен во Чеченија на пример, кој зема сериозен замав и во Узбекистан, Пакистан и секако Авганистан, нешто што во име на каузата беше применувано и на Косово, е дополнителен катализатор на целоупниот процес. Оттука, со оглед на тоа што одредени движења, како што е „Абу Саев“, или она во Чеченија од воен аспект не се на рамниште на класичен тероризам, туку на герилски движења, а имајќи ја предвид и глоблната политичка агенда под која работат овие движења, се чини дека можеби и е оправдан терминот глобално бунтовничко движење.

Со оглед на тоа што ја востановивме сржта на современите закани т.е. глобални бунтовници, не е тешко да се заклучи дека операциите за справување со заканите кои доаѓаат од нив се противбунтовничките операции – (понатаму: ПБО доаѓа од COIN или Counterinsurgency Operations).

## Современите перспективи во планирањето и изведувањето на противбунтовничките операции

Откако успеавме да го доловиме феноменот на современото бунтовничко движење, со сите негови карактеристики и специфичности, кои сами по себе го издвојуваат онакво какво што е, она на што ќе се посветиме во делот кој следи се современите перспективи при планирањето на ПБО. За да се разберат истите пак, потребно е најпрвин да се разбере процесот на промени, кој е длабоко навлезен во военото планирање, како и донесувањето на воените одлуки. Овие промени се направени со цел воените лидери и планери да можат да го следат трендот на еволуција на современите закани.

Идејата на новите трендови во планирањето се базира врз потребата од ефективно разбирање на оперативната средина, со сите нејзини елементи. Осознавањето на оперативната средина ја наметнува потребата од примена на

[19] J. Staun, “Den nu terror. En globaliseret, netvaerkbaseretterror med potential adgang masseodel aeggelses-vaben“ DIIS Report, No 5, Copenhagen, Danish Institute for International Studies

соодветна и одржана оперативна умешност, којашто води до формирањето на оперативниот дизајн.

Оперативниот дизајн не е ништо друго, туку визија за тоа како и на каков начин треба да се реализираат соодветните задачи. Меѓутоа, ова никако не смее да се сфати дека оперативниот дизајн има за цел да се фокусира на издвоена операција. Напротив, тој најчсто е конгломерат на низа задачи-операции коишто треба да се преземат преку примена на системски пристап за достигање на посакуваната крајна цел.

Современите консидерации и заканите кои егзистираат како дел од нив (на пример, феноменот на глобализацијата и современата практика на тероризмот) ја наметнаа потребата од еден посеопфатен пристап во процесот на планирањето и донесувањео на воените одлуки. Тоа пак, во голема мерка ги „дразни" класичните планери, создавајќи во исто време фрикции и конфузии, не само во перцепциите кај воената елита, туку и пошироко. Во тој контекст, комплексноста на современите закани го прави секој обид за чисто воено решение на овие закани, однапред неуспешен. Оттаму, совремниот концепт во западните армии (пред с#, вооружените сили на САД) почива врз идејата за имплемнтација на инструментите на моќ при дизајнирањето на современите кампањи во меѓународните операции. Последното, би можело да се каже дека им е туѓо на планерите од „старата школа".

**Улогата на инструментите на моќ и противбунтовничките операции**

Инструментите на моќ во класична смисла за време на војна (иако постојат респективни примери за тоа дека тоа не било секогаш случај) целосно беа потчинети на воените потреби. Наспроти тоа, под влијание на хуманистичките движења, јакнењето на влијанието и свеста за имплеменатција на меѓународното право, феноменот на глобализацијата, ограничувањето на сувереноста на државите како субјекти, засилена доминација на недржавните актери (под влијание на ограничувањето на државниот суверенитет и јакнењето на улогата на човековите права), предизвиците пред кои се исправени воените планери се имуни на чисто воени решенија. Неуспехот да се разбере ваквата поставеност на овие односи резултираше со ескалација на настаните во Авганистан и во Ирак.

Така на пример, по физичкото уништување на „Ал Каеда" во 2002 година после операцијата „Анаконда", ненамерно беше предизвикан неочекуван ефект (околу ефектите и планирањето ќе стане збор подоцна). Наместо да останат во комфорната средина (на војната базирана врз маневар и одлучуваки победи-онаква како што беше замислена „Анаконда"-решение за проблемот во Авганистан), воените планери ја поучствуваа горчината на четвртата генерација на војување. Овде само по себе се наметнува прашањето зошто и како после физичкото уништување на силата на „Ал Каеда" во Авганситан (одлучувачка битка и стратешки маневар-„Анаконда"), и покрај недвосмислената и воена доминација во секој поглед, Авганистан, а подоцна и Ирак едноставно експлодираа?

## Краток преглед на еволуцијата на војувањето во контекст на современите закани

Накратко, веќе рековме дека според современите сфаќања првата генерација на војување се карактеризира со доминација на живата сила (од каде всушност и произлегува класичниот принцип за масовност) и кулминира со Наполеновите војни. Втората генерација видовме дека кулминира во предвечерието на Првата светска војна, а се карактеризира со доминација на техниката (после што се зацврстува идејата за развивање на принципот на економија на силите). Прускиот гнев и идејата за "blitzkrieg" ја дизајнираат третата генерација во која класичните планери и лидери (а исто и кога станува збор за воени операции во секојдневните перцепции за војувањето), се најкомотни. Основата на оваа генерација на војување е стратешкиот маневар и потрага и идентификација по одлучувачки битки. Класичен пример за успех на ваквиот пристап е Заливската војна и операцијата „Пустинска луња".

Под влијание на современите консидерации за кои стана збор погоре, како и под влијание на губењето на чекорот во техничко-технолошкиот развој, послабиот се адаптираше, па наместо чисто војнички во класична смисла започна да испраќа закани кои воените планови за одлучувачки битки и стратешки маневар не ги разбираа. Рековме дека современото глобално бунтоничко движење кое применува микс од герила и тероризам е основоположник на четвртата генерација на војување.

Фактот дека герилскиот начин на војување не е нов е непобитен. Оттаму, некој со право би рекол дека не сме кажале ништо ново и дека ова е консидирано со класичните воени вештини и умешност во планирањето на изведувањето операции. Меѓутоа, речиси сите се едногласни дека овие методи биле применувани во дефанзивна смисла, со ограничена цел и на ограничен простор. Сорементиот неконвенционален и асиметричен пристап, во кој максимално се користат предностите на технологијата, пред сѐ, за офанзини цели има поинаков и засега невиден центар на гравитација (понатаму: ЦНГ). Овој центар на гравитација е имун на супериорната воена сила со директен пристап. Напротив, директниот пристап во справувањето со овој ЦНГ само ги храни неговите критични капацитети (критичните способности). Токму тој центар на гравитација, **борбата за идеи**, е белегот на четвртата генерација на војување. Токму тоа е причината заради која „Анаконда" предизвика спротивен ефект. Или попрецизно, токму *неразбирањето* за правилната примена на инструментите на моќ (дипломатија, информација, војска и економија-понатаму: ДИВЕ) во дизајнирањето на воените операции е клучот за неуспехот во совремните ПБО.

Имајќи ги предвид последните збиднувања, како и деталната анализа на она што навистина се случува, стана јасно зошто е потребна промена во концептот на планирањето и изработката на плановите. Со други зборови, воената мудрост сфати дека постои значителен вакуум помеѓу стратешките насоки и нивното преточување

во оперативни задачи. Овој вакуум беше креиран како резултат на расчекорот помеѓу класичните перцепции за војувањето во свеста кај воените планери и лидери и реалноста во оперативната средина. Стратешкиот неуспех да се постигне крајната цел во Авганистан и во Ирак, беше движечката сила која влијаеше на промената на концептот на планирањето и изведувањето на воените операции во ирегуларното војување (Iregular Warfare-IV генерација на војување, доктирнарен наслов во САД за современите ПБО).[20] Оттука, стана јасно дека „дупката“ која постои најдобро ќе се пополни со воведувањето на т.н. **кампањско планирање**. Тоа треба да обезбеди имплементација на инструментите на моќ при аплицирањето на опертивната уметност кога ќе се креира соодветен оперативен дизајн.

## Театарско кампањско планирање и современите противбунтовнички операции

Планирањето за кампања или театарското кампањско планирање (буквален превод) е нешто што според многу автори и лидери недостасуваше во процесот на планирањето. Од практиката веќе истакнавме погоре, стана евидентно дека воените операции кои се изведуваат без кампањското планирање можат да остварат само краткорочни цели. (пример: операцијата „Анаконда” во Авганистан во 2002). Од друга страна, рековме и дека значењето на ова планирање, особено во поглед на ирегуларното војување општо, или изведувањето на ПБО посебно, како еден дел од овој вид војување, е огромно.

Во согласност со дефиницијата која датира од последниот квартал на 2006 година под кампања се подразбира: „*серија од поврзани операции чија цел е постигање на стратешките и оперативните цели во дадено време и простор*”.[21] Од овој документ произлегува и дефиницјата за кампањско планирање. Така според овој документ: „*кампањското планирање е здружен-комбиниран оперативен план за серија од поврзани клучни операции чија цел е исполнување на стратешките и оперативните цели во дадено време и простор*”.

Идејата за кампањското планирање произлегува од сфаќањата за теоријата на редукционизмот и идејите за системската теорија.[22] Упростено, според основите на овие две теории системот треба да се гледа како целина која е составена од одредени компоненти.

Резултатите од анализата на секоја од компонентите често не се совпаѓа со резултатите од анализата на целиот систем. Улогата на таа компонента е да

[20] Пошироко: US Department of defence, Iregular Warfare, Joint Operating Concept, 2007

[21] Пошироко околу ова види во: US Department of Defence, JOPES, CJCSM, 29 Sep. 2006

[22] „Теоријата на редукционизамв, смета дека науката и математиката може да се искористат за да се објасни се во природата.Тој прв го опишал физичкиот универзум со поимите материја и движење, гледајќи го универзумот како џиновски математички создаден мотор, Основоположник е Renatus Cartesius (Рене Декарт), 1596-1650

дејствува во целина. Бидејќи целината е таа која е битна. Системската анализа на секоја од компонентите треба да биде во насока од која секоја од тие компоненти дејствува синхронизирано за постигањето на крајната цел. Преведено во концептот за кампањското планирање тоа значи дека одредени планови сами по себе нема да ја постигнат посакуванат цел. Меѓутоа, кога овие планови ќе се органзираат системски и во меѓусебна зависност, тогаш се постигнува посакуваната цел. Во едни такви услови треба да се гради оперативната вештина, која подоцна преку соодветната стратегија за противбунтовнички операции ќе придонесе да се создаде адекватен оперативен дизајн. Тој оперативен дизајн ќе генериа низа операции кои ќе бидат системски поврзани и ќе овозможат постигање на крајната цел (која е во склад со стратешките насоки).

Од претходно изнесеното, се наметнуваат неколку прашања. Прво, прашањето за тоа што е, и кои се елементите на оперативната уметност? Второ, што е оперативен дизајн и каква е неговата апликација врз современите ПБО? Трето, ако оперативната уметност треба да се примени во кампањското планирање во комбинација со соодветната стратегија, како тоа ќе се имплементира за создавање на оперативен дизајн во ПБО?

Во склад со доктрината на вооружените сили на САД, оперативната уметност се дефинира како: „*Примена на креативна имагинација од страна на лидерите и нивните штабови-поддржани од невните вештини, знаење, и искуство во дизајнирање на стратегија, кампањи и операции во кои се потребно организација и употреба на силите*.”[23] Од овде произлегуваат неколку битни елементи кои треба да се земат  предвид кога се планираат ПБО.

„Примена на креативна имагинација”, подразбира идните лидери да имаат многу пошироко образование од класичните воени лидери кои претежно се фокусираа на изучувањата на воената вештина. Тоа ќе им овозможи да сфатат дека како резултат на современите консидерации класичното поимање на боиштето е надминато. Тие промени кои треба да се сфатат се однесуваат на различното значење на стратешките, оперативните и тактичките ефекти во современите ПБО (како дел од ирегуларното војување), различните пристапи кон непријателот и различните пристапи кон неутралните страни.

## Разликите во сфаќањето на односот помеѓу стратешките, оперативните и такичките нивоа на војување

Фактот за бришење на класичната слика за поделбата на боиштето на стратегиско, оперативно и тактичко ниво на војување  е потребен од причина што многу често ваквата поделба се генрализираше и под инерција се врзуваше за просторот на кој дејствуваат силите. Од начинот на кој дејствува

[23] US Department of defence, JP 5-0, 2006

противникот-современото глобално бунтовничко движење, стана јасно дека ваквата категоризација е несоодветна.

Тоа не смее да се сфати дека поделбата на боиштето на стратегиско, оперативно и тактичко во класична смила не е точно. Тоа значи дека ваквата поделба која се врзува за бројот на силите (рангот на единиците кои се употребуваат) и просторот на кој тие сили се употребуваат е несоодветна за современите противници. Оттаму е и идејата за „стратешки каплари", чија улога во класична смисла е тактичка, но не и во современата концепција на ПБО. Нивната улога во овие операци многу лесно може да е стратешка. Отсуството од успехот да се сфати дека еден испукан куршум може да има стратешки ефекти го наметнува ризикот од тоа да еден елемент од системот (условно се однесува на кампањата) да биде успешен (како операцијата Анаконда), но целокупниот исход да донесе неуспех.[24]

## Оперативната уметност и разбирањето на концептот на непријателот во противбунтовничките операции

Когнитивната имагинација на идните планери и лидери во современите ПБО (како дел од четвртата генерација на војување или ирегуларното војување) мора да им овозможи правилно да го разберат концептот на непријателот. Разбирањето на непријателот никако не смее да се сведе само на доктрината, МТС, концептот на разузнавањето, логистиката и командувањето и комуникациите, или концептот на употербата на стртешката резерва.

Напротив, современиот пристап бара разбирање на културната слика на непријателот. Или она што во најновите насоки на командантот на силите во Авганистан Мек Кристал, се налага „да се видат работите низ очите на непријателот и народот на Авганистан".[25]

Затоа, не треба да се користат планови или дифолти кои функционирале од „претходната војна", или во „вчерашната војна". За тоа треба да се разберат историјата, традицијата, верувањата, идеите, движечките сили, како и, демографската, религиозната, етничката и социјалната слика на соодветното општество со сите односи и очекувања во него.

Неутралните елементи во современите ПБО пак, не се однесуваат на неутралните држави. Факт е дека и тие ќе имаат влијание. Меѓутоа, неутралниот елемент во овој контекст (значи на ПБО) го подразбира населението. Борбата и целта на современите ПБО е освојувањето на „срцата и мислите"[26] на ова население

---

[24] Ayman al-Zawahiri, 'Knights under the Prophet's Banner', in Al-Sharq al-Awsat, 2 Dec 2001

[25] Насоки на командантот на коалиционите сили во Авганистан Стенли Мек Кристал, документот е некласифициран.

[26] Идејата или кованицата на овој термин според некои автори датира од времето на претседателот на САД Џон Адамс, кој зборувал за тоа како треба да се освојуваат срцата и мислите во неговата ретроспектива на Американаката револуционерна војна направена во 1818 година, видено во: Kalev I. Sepp, "Best practices in counterinsurgency", Military Review, May-Jun 2005, стр. 9

и стекнување на доверба. Таа доверба треба да обезбеди легитимитет без кој ПБО не може да се замисли дека ќе имаат успех. Достигнувањето на оваа цел нема единствено решение. Комплексноста на ова решение е правопропорционална со диверзитетот на културите кои гравитираат во оперативната средина. За да се воспостави вистинскиот оперативен дизајн во тој контекст, потребно е избирање на вистинската стратегија во ПБО.

## Значењето на изборот на вистинска стратегија во современите ПБО

Изборот на вистинската стратегија на пристап и покрај тоа што ќе вклучува еднакви постапки дури и сосема идентични (на пример: еднакви борбени постапки, заседи препади и сл. или активности, градење на капацитети, стекнување на доверба и сл.) го дефинира успехот. Притоа, мора да нагласам дека не постои дифолт или однапред утврдена стратегија која може да се примени во дизајнирањето на ПБО.

Начелно, кога се зборува за стратегија во доменот на ПБО треба да се спомене дека пристапот или („бојата” на стратегијата) може да биде директен, индиректен или комбинација. Независно за каков пристап станува збор, клучен елемент за успех во ПБО е да се разбере и фактот дека приоритет на лидерите и планерите мора да биде изолацијата на населението како *неутрален актер* од бунтовниците.

И директниот и индиректниот пристап вклучуваат активности на вооружените сили на теренот. Овие активности се дело кое го потпомага пренесувањето на стратегијата во задачи (значи од стратегија до задачи на теренот). Секоја активност на вооружените сили вклучува низа тактички борбени постапки. Меѓутоа, не е исто ако стратегијата има **конвенционален**, односно **неконвенционален** префикс. Тоа, најпрвин ќе се рефлектира врз приоритетот на борбените постапки, а подоцна и врз целиот исход од ПБО.

Од друга страна, речиси е повеќе од јасно дека за разлика од конвенционалниот префикс кој е доминантен во класичните борбени дејства или операции, современите ПБО имаат неконвенционален префикс. Ова никако не смее да се сфати дека претходната теза имплицира дека конвенционлните сили се неупотребливи, или пак, дека конвенционалната мудрост нема примена во ПБО. Ова значи дека е потребна соодветна адаптација, како во пристапот, така и во разбирањето на оперативната средина. Би рекол, за конвенционалниот пристап да стане адекватен на современите закани (значи да може да се дизајнира соодветна стратегија), потребно е разбирање на рамката во која тој треба да го исполни условот на адекватност-значи да се адаптира. Дополнително, таквата адаптација треба да овозможи имплементирање на тактики, техники и процедури во услови на оперативна средина во која границите помеѓу тактичките, оперативните и стратешките приоритети (дел од променетите услови) се слаби. За да се примени

тоа пак, потребно е да се разбере таквата приорода на рески, и според некои видувања, преклопени граници помеѓу овие нивоа. Ова, е нешто што во услови на современите закани се јавува како нужно за разбирање.

Меѓутоа, за да може да се пристапи кон градењето на стратегијата постои потребата од адаптирање или во крајна линија, разбирање на промената на конвенционалниот пристап на војување, во изведувањето на современите ПБО. Оваа кратка расправа, ќе ни биде од корист при разбирањето на дел од основата на секоја стратегија која треба да се земе предвид при дизајнирањето на ПБО.

## Аргументација за потребата од адаптирање на конвенционалниот пристап при дизајнирањето на стратегијата во современите ПБО

Според конвенционлниот пристап, поделбата на приоритетите главно (иако не секогаш) е врзана за просторот (теренот пред сè). Приоритетите врз кои се храни современата асимерична закана (значи бунтовниците), како што се вредностите и квалитетите на општествениот систем, се само субкатегорија во конвенционалниот пристап. Тоа никако не треба да се сфати дека конвенционалниот пристап е истрошен или дека има „дефект" значи, е слеп за овие субкатегории. Напротив, конвенционалниот „дифолт" налага пристап од кој овие категории, се поимаат и разработуваат од друг агол и со поинаков приоритет во контекст на основните принципи на војната. Оттаму, реконструкцијата на конвенционалниот модел на оперирање (за што се потребни генерации во услови на динамичка, адаптивна и себедоволна асиметрична закана), е неопходна за да се одговори на постоечките закани.

Ако овие **теоретски** претпоставки (се мисли на промената на конвенционалниот пристап) околу кои се гради концептот на справување со современите закани, се преведат во **практичната** матрица, успехот во ПБО би бил можен заради два момента.

Прво, во досегашната практика се покажа дека неконвенционалниот пристап (применуван пред сè, од специјалните единици) има способност да се адаптира на непријателското темпо. Како пример би ја посочиле способноста за маневар со цел да се пронајдат, уништат, или заробат диспезираните групи на бунтовници кои најчесто се јавуваат од ефектите на воздушните или артилериските напади, значи директните акции.

Второ, иако помалку воочлива на прв поглед, способноста на неконвенционалниот модел да „ја совлада" дисперзираната концентрична (не линиска, онака како што конвенционалните сили тренираат да совладуваат) одбрана, преку соодветен избор на центрите за гравитација.

Ваквата анализа би била нереална ако не се согледаат и контра-аргументите кои можат да се постават. Оправдан пристап, во конвенционален контекст, своите ставови би ги бранел врз идејата за надвладување со техника

и масовност. Тоа преведено “во општи бројки” значи дека конвенционалниот одговор за дисперзираните групи би бил опкружување (независно колку линии на опкружување би биле вклучени во игра) и уништување. Без разлика на сѐ, овој пристап е проблематичен и би рекле повеќе архаичен заради неколку причини.

*Прво*, амбиентот (опкружувањето) во кој треба да се одвиваат борбените дејства против асиметричните противници не соодветствува со условите кога оваа теорија е преточна во доктрина. Поинаку кажано, оваа доктрина, иако е тешко да се дадат цврсти историски докази за тоа, е плод на доктрините кои се развиени од времето на т.н. ограничени војни, војни со ограничени цели-регионални или локални, а во дипломатските речници овие војни се познати и како вооружени интервенции. Протагонистите на ваквиот пристап, не се оптоварени со притисокот на хуманистичките движења кои се наметнаа како експлицитен фактор во донесувањето на воени одлуки, што и те како е важно во совремните операции, ако ништо друго, заради добивање на легитимитет.

Од друга страна, под влијание на современите трендови во услови на глобализација, недржавните актери се наметнаа како значаен елемент кој се претвори во она што е познато како субјект без „легален идентитет“. Тоа значи дека овие субјекти постојат, функционираат, предизвикуваат ефекти, но не се правно регулирани како државите, или организациите кои тие ги формирале (така на пример, голем дел од правилата за војување не се применливи за овие субјекти). Независно на сѐ, практикта покажа дека во услови на вооружен конфликт, темпото на војување го диктираат тие. Некој би рекол дека тоа не е новина и дека герилските движења од секогаш дејствувале на тој начин. Аргументот е повеќе од реален. Меѓутоа, истиот е нецелосен од причина што бунтовничките движења во историјата се движења кои прво дејствувале пирамидално, и под ризикот на „конфортот за оскудни ограничувања на правилата на однеусвање на конвенционалните сили” (значи употреба на екстремна прекумерна сила или понакво толкување на пропорционалноста). Амалгамизацијата со цивилното население била слаба, што заради бруталноста (се мисли на масовните брутални конвенционални сили), а што, и заради концептот на дејствување (претежно издвоени шумски и планински предели).

Начините на кој дејствуваат бунтовниците денес (или недржавните актери-терористи) се одликува со тоа што линиите на одбрана не се во шумите и планинските предели, туку помеѓу цивилното население (на пример не она што се случуваше во Либан). Тоа, секако ги иритира воените планери и влијае на изместувањето на балансот помеѓу принципот на воена потреба и пропорционалност.

*Второ*, тактиката со која дејствуваат современите непријатели е тактика која не е еквивалент на конвенционалната тактика (онака како што ја опишавме

погоре врзана со просторт, и бројноста на луѓето). Дека тоа е така зборува и анализата на последните вооружени конфликти-кризи, како дома кај нас, така и во постоечките операции кои се одвиваат на глобално ниво.[27]

Така на пример, одбраната на овие актери не се базира на граници, кои го дефинираат бојното поле (лева-десна граница). Овие граници исто така, не се врзани за просторот (одделение брани место „од – до"). Нивната одбрана на пример, почива на дисперзија која не е линиска туку концентрична.[28] Клучот според конвенционлниот пристап за напад е **масовноста**, како со жива сила техника и оклоп, така и со артилериска поддршка (таков беше пристапот во Хрватска, БиХ, на пример, иако и други фактори имаа сериозно влијание).

И овде би рекле дека навидум цврстиот аргумент е проблематичен од причина што две работи не се земаат предвид. *Прво*, **масовноста** како **основен принцип на војувањето** е на „спротивниот пол" од **маневарот**, како друг **основен принцип на војувањето**. Тоа, дополнително го оптоварува проблемот со координација и едностаршинството (значи КиК) дури и на исороден состав (најчесто овие операции се изведуват или во коалиција или во координација со домашните власти, полициски и армиски сили). Второ, и кога би можеле да го издвоиме притисокот на Меѓународното право за вооружен конфликт, од претходото произлегува дека, овој аргумент е нецелосен бидејќи непријателот се „храни" од *способноста за маневар*.[29]

Од практичната анализа на б/д против вакви групации (бунтовници) се заклучува дека при организирање на *одбрана* овие групи користат три ефективни нивоа на одбрана. Прво, тие не дејствуваат линиски, туку во концентични кругови по длабочина. Тоа, од конвенционалниот модел бара „посветена пешадија" која е способна брзо да *маневрира* и да има строга *оперативна координација* (**особено на маневарот на огнот и сили**). Ваквото раздвижување по длабочина е контрапродуктивно, бидејќи концентричните кругови на дејствување се и по фронт. Тоа значи дека линијата на напаѓачот е раширена, со што основниот принцип за масовност станува нефункционален (за ова постојат многу примери, како во Македонија на пример, мали сили нереално според конвенционалниот пристап држеа огромна линија, или Талибанците кои имаа линија од Кандахар, до Мазар-е-Шариф). Ако само земеме дека идејата на Фалангата на Александар Макеонски е да се разбие линијата на напаѓачот од другата страна, станува јасно дека конвенционалниот пристап е не ефективен за ваквата одбрана.

---

[27] Gerald Meyerle and Carter Malkasian, "Insurgent Tactics in Southern Afghanistan", US Marine Corps Center Analysis, 2009, Ch-2 и 3

[28] Истото во Ch-3, Defense of High-Level Leader in Bulac Kalay, Zabul province, 3 May 2005

[29] Види пошироко околу ова во: John A. Lynn, "Paterns of Insurgency and Counterinsurgency", Military Review, 2005

Од друга страна, вака разбиените линии, им овозможуваат на непријателите да го наметнат сопственото темпо на маневар и удар, на простор, сили и време кое тие ќе го одберат. Тоа го прави конвенционлниот пристап контра-продуктивен и во поглед на постулатите на кои почива конвенционлната доктрина за справување со герилата (а тоа е дека, еднаш воспоставниот контакт со непријателот не смее да се изгуби). Конечно, во едни такви услови, преку маневарот и исклучувањето на битниот елемент, просторот за конвенционлните сили, во поглед на визиите за нивоата на употреба на соодветни оружја, како елемент од крутите линии на КиК (*на пример артилериско зрно до одреден калибар се користи на соодветна далечина заради безбедносни мерки*), овие групации триумфираат врз конвенционалните сили (ова не треба да се сфати дека конвенционалниот пристап има проблеми во самиот систем на функционирање, туку дека неговиот дифолт-концепт е несоодветен).[30] Анулирањето на артилериската инфериорност на овие вооружени групации ја постигнуваат со подготвени заклони, а искористувајќи ја својата способност за маневар, бргу го скратуваат растојанието-просторот со непријателот. На тој начин, со овој маневар, бргу влегуваат во т.н. прегратка на смртта (зародишот оваа тактика го има во раните 90 години во Чеченија позната и како „чеченска прегратка"-се заснова на екстремно блиска противоклопна борба - ПОб со која ефектот на оклопните борбени возила и тенкови се неутрализира преку одлично познавање на тактичко-техничките карактеритиките и можностите на овие средства, како на пример, мртви агли на цевките, далечина на активирање на одделни проектили заради различните видови запалки и сл.).

Вака ослабените конвенционални сили кои се потпираат на супериорноста, масовноста и техниката, во услови на ограничена способност за маневар, го губат контактот (борбениот допир) со непријатлот, кој „сликовито", наместо конвенционално пред нив, најчесто удира од бок. Тоа значи дека тие ја изгубиле иницијативата и дека се инфериорни на противнападот кој следи (а е зачинет со минофрлачка поддршка), после што неуспехот е повеќе од очигледен.

Од дуга страна, конвенционалниот метод во голема мерка страда заради фактот што идејата на Клаузевиц за идентификацијата на т.н. „Центар на гравитација", се потпира на основните принципи на кои се гради доктрината за справувањето со овие групи (*опкружување-исекување од населението, нешто модифициран концепт и уништување*). Тоа значи дека повторно, овој концепт се потпира врз просторот преку кој и одлучувачките точки (значи *decisive points* нешто преку што се доаѓа до Ceneter of Grvity-COG) не се ништо друго туку, **одредени линии**, **„стратешки точки"**- географски точки и сл.[31] За разлика од

---

[30] Edwin Halpin and Justin Walker, "Byonets in Basra – A case study on the effects of Irregular warfare", Urban Warfare Analysis Center, January 2009, стр.7

[31] Carl von Clauzewtitz, "On War", published by N. Trübner, London, 1873

тоа, за неконвенционалниот пристап, ЦНГ се населението, системот, лидерите, локалните власти, идеологијата и сл. Уште повеќе, според најновите драфтови за нековенционалните доктрини, постојат реални размислувања наместо една, да има неколку центри на гравитации.

Освен разликата во центрите на гравитација и одлучувачките точки, овие два модела се разликуваат и во донесувањето одлуки врз база на ефектите. Додека ефектите кај конвенционлниот притап се базираат на *количината на уништени средства и ж/с*, ефектите на неконвенционлниот пристап се потпираат врз *придобивање на населението, јакнење на отпорот кон бунтовниците меѓу населението*, а со тоа **изолација** на логистиката и просторот за маневар со што непријателот станува мошне ранлив.

На тој начин, се создава услов не за уништување на сите бунтовници, туку за нивно кооптирање и интегрирање во системот. Само така нема да се навлезе во замката во која идејата за ПБО се базира на целосно уништување на системот, туку на негово стабилизирање.

## Заклучок

Современите безбеносни предизвици во значителна мерка предизвикаа промена во начинот на војување. За разлика од класичниот герилски начин на војување преку својата глобалана и апокалиптична агенда „Ал Каеда" наметна нови стандарди во војувањето. Тоа ја наметна потребата од промена во начинот на планирањето и изведувањето на операциите против глобалното бунтоничко движење. Наместо класичниот начин на планирање на современите борбени операции мора да го земат во предвид театерското кампањско планирање во кое клучно место зазема системската теорија. За да се постигне успех при изведувањето на современите противбунтовнички операции потребно е при пренесувањето на стратешките насоки во оперативни процедури на теренот задолжително да се има индиректен, наместо директен пристап, односно примена на неконвенционално наместо конвенционлно војување. Кончно, успехот во совладувањето на глобалното бунтовничко движење не смее да се бара во уништувањето на системот (на пример во Авганистан и во Ирак) туку враќање на тој систем во нормалата и кооптирање на бунтовниите. Само на тој начин успехот во оваа војна на идеи за време на т.н. “4та генерација на војување” ќе биде загарантиран.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Adam Dalgaard-Nielsen, “Hvordan Vestern slog Al Qaida – og froaerde den internationale terrorisme en sejr i forstaterunde”, видено во: DIIS Brief, September, (Danish Institute Of International Studies) 2004
2. Ahmed Rashid, “Taliban: Militant Islam, Oil and Fundamentalism in Central Asia” Foreign Affairs, 2000

3. Bruce Hoffman, “Holly Terror, The Implications of Terrorism Motivated by Religious Imperative”, Royal Society of Naval Sciences, Stockholm, 1995
4. Brian Jenkins, “The Potential of Nuclear Terrorism” Santa Monica, C.A. Rand, 1977
5. Carl von Clauzewtitz, “On War”, published by N. Trübner, London, 1873
6. David Galula, “Counterinsurgency Warfare, Theory and Practice”, 1964
7. David Kilcullen, The Accidental Guerrilla, Fighting small wars in the midst of big one”, Oxford, University Press, 2009
8. David. L. Byman, “Al Qaeda as an Adversary: Do We Understand Our Enemy”, World Politics, vol. 56, No1 October, 2003
9. Edwin Halpin and Justin Walker, “Byonets in Basra – A case study on the effects of Irregular warfare”, Urban Warfare Analysis Center, January 2009
10. Gerald Meyerle and Carter Malkasian, “Insurgent Tactics in Southern Afghanistan”, US Marine Corps Center Analysis, 2009
11. James Spyer, “The Al –Qa’ida Network and weapons of mass-destruction”, Meadel East Review of International Affairs, Vol.8, No3, September 2004
12. John A. Lynn, “Paterns of Insurgency and Counterinsurgency”, Military Review, 2005
13. John Cloake, „Templer, tiger of Malaya: the life of field marshal Sir Gerald Templer“, London, Harrap, 1985
14. Josev Staun, “Den nu terror. En globaliseret, netvaerkbaseretterror med potential adgang masseodel aeggelsesvaben“ DIIS Report, No 5, Copenhagen, Danish Institute for International Studies
15. John T. Hoffman, “Tip of the Spear”, Center of Military History, United States Army Washington, D.C., 2009
16. Kalev I. Sepp, “Best practices in counterinsurgency”, Military Review, May-Jun 2005
17. Martha Crenshaw, “Terrorism in Context”, Pennsylvania State University, 2005
18. Методи Хаџи-Јанев, “Правило за обука на Ал Каеда”, Одбрана, Министерство за Одбрана на Република Македонија, Септември 2004
19. Peter L. Bergen, “Holy War, Inside the Secret World of Osama Bin Laden”, INC., 2001
20. Steven Metz and Raymond Millen, “Insurgency and Counterinsurgency In the 21st century: Reconceptualizing Threat and Response”, US Strategic Studies Institute, November 2004
21. Ulke Schnekner, “Internationale Terrorsiten als Profieteure fragiler Staatlitscheit“, SWP-Studie , Berlin Stieftung Wiessenschaft und Politik, 2004
22. U.S. Government, “Counterinsurgency Guide”, United States Government Interagency Counterinsurgency Initiative, January 2009
23. US Department of defence, Iregular Warfare, Joint Operating Concept, 2007
24. US Department of Defence, JOPES, CJCSM, 29 Sep. 2006
25. US Department of Defence, JOPES, JP 5-0, 2006
26. US Army Field Manual 3-07.22, “Counterinsurgency Operations”, Department of the Army Washington, DC, 1 October 2004

# МОДЕЛИ НА ПЛАНИРАЊЕ НА ОДБРАНАТА

**Оливер БАКРЕСКИ**
Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир

**Апстракт:** *Во овој труд се анализирани неколку модели на планирање, кои се применуваат во исти или слични форми и облици, во повеќето земји од светот. Идентично за сите модели на планирање е фактот што истите првенствено се применуваат во областа на одбраната, а потоа се проширувaат и во другите сфери од општественото живеење.*
*Општо земено, со мали модификации и специфичности, во примената најчесто се среќаваат два модели на планирање. Доминантен систем, посебно во земјите во развој и земјите од поранешниот источен блок беше системот за изведбено планирање и буџетирање (ИПБ), додека во западните високоразвиени земји, поширока примена наоѓа системот за планирање, програмирање и буџетирање (СППБ). Инаку и двата вида не се применуваат само во одбраната, туку и во планирањето на активностите во целата јавна администрација и нејзините дејности (полиција, образование, земјоделие итн.). Како куриозитет може да се смета дека и двата вида се започнати во одбраната и пренесени во другите дејности на јавната администрација. Покрај овие два модели на планирање интересни за проучување се и моделот на нулта буџетирање и моделот на стратешко планирање, кој во случајот со Република Македонија, од 2005 година па наваму настојува да го имплементира во работењето на јавната администрација.*
**Клучни зборови**: *модели, моделирање, планирање, програмирање, буџетирање.*

# MODELS OF PLANNING

**Abstract:** *This study analyses several models of planning, which are being applied in same or similar forms and shapes, in most of the countries in the world. Identical for all models of planning is the fact that the same are being primarily applied in the area of defence, and then are being spread in other spheres of social living.*
*Generally speaking, with small modifications and specificities, two models of planning are most familiar in the application. Dominant system, especially in the developing countries and the countries from the former eastern block, was the system for performance planning and budgeting (PPB), while in the western developed countries, wider application finds the planning, programming and budgeting system (PPBS). Otherwise, both types are not applied only in defense, but also in planning the activities in the whole public administration and its functions (police, education, agriculture and so on.). As curiosity can be considered that both types are being started in the defense and transferred in other functions of the public administration. Despite these two models of planning, interesting for studying are*

*also the model of zero budgeting and the model of strategic planning, which in the case with the Republic of Macedonia, since 2005 onwards thrives to be implement in the working of the public administration.*

**Key words:** *modeling, model, planning, programming, budgeting.*

## 1. Поим за модели

Во проучувањето на одбранбените системи се пристапува преку повеќеетапен процес на моделирање. Моделирањето треба да доведе до разбирање на нивната структура, функција и еволуција. Тоа помага на ефикасен начин да се реализираат активностите од собирање информации, па се до долгорочно планирање на развојот на самата организација (систем). Намерата на овие активности се функциите на управувањето кои се резултат на интеракциите помеѓу системот и окружувањето и тие се менуваат во зависност од окружувањето или поточно, се резултат на начинот на кој се адаптира организацијата на промените во окружувањето. Надвор од оваа меѓузависност на системот остануваат многу компоненти од окружувањето и најчесто за нив се знае индиректно. Затоа, правењето концепција за организацијата и нејзиното моделирање е работа која секогаш содржи можности за неочекувани резултати, но доколку моделирањето покаже дека резултатите соодејствуваат со саканите цели, тогаш тоа значи дека системот успеал да изврши висока антиципација на промените во окружувањето.

За разлика од описот на суштината на моделирањето, во науката, сѐ уште нема општоприфатен став за поимот модел. Ова се должи најмногу заради сложеноста на предметот на овој поим и многубројните различни посебни значења на терминот модел во секоја од посебните науки. Така, во една наука модел е нешто конкретно (пример: равенка), а во друга нешто апстрактно (пример: општ приказ на елементи на некој систем).[1]

За целосно согледување на поимот модел ќе се обидеме да ги опфатиме различните гледишта на поимот модел, од повеќе автори во областа на општествените науки, со што ќе се овозможи негово поцелосно разбирање.

Според Боудон, моделот е збир на премиси и аксиоми од кои се дедуцираат збир на последици. Во понатамошната елаборација авторот нагласува и некои особини на моделот дека тој може да биде проверен во искуство, (но и не мора), а сепак да овозможува решение за одредена област базирана на факти.[2]

---

[1] Пошироко види: Ѓорески В., Планирање на одбраната во Република Македонија (докторска дисертација), ИСППИ, 2005, стр. 9.

[2] Boudon, R., Mathematical Models and Methods in Main Trends of Research in the Social and Human Sciences: Social Sciences (Part one), UNESCO, 1970, p. 552.

Bunge M., Method, Model and Matter, Dordecht, Holland: D. Reidel Publishing Company, 1973, p. 131.

Во аргументацијата на Бунге се вели дека кога се одредува моделот во него е содржано: прво, шематско претставување на конкретниот објект што го претставува (сочинува) моделот на објектот, второ, теорија која го опишува моделот на објектот, што е всушност теоретски модел или специфична теорија.[3]

Во елаборацијата на Клаус[4] стои дека моделот е систем на одредени суштински структури и односи аналогни на предметот на истражување и важи за систем чија примена во истражувањето на одредени предметни области се потпира на научната основаност на заклучувањето по аналогија.

Најцелосна и најкомплексна дефиниција за моделот дава Немчинов кој вели дека моделот претставува своевидна апстракција, карика помеѓу апстрактните, теоретските размислувања и објективната стварност. На ова се надоврзува Симиќ кој вели дека моделот претставува апстрактен опис на реалниот свет. Притоа, тој е секогаш поедноставен приказ на значително покомплексни структури, процеси и функции на физички или општествени настани или идеи.[5]

Ако се обидеме да дадеме една општа дефиниција за тоа што претставува моделот може да се каже дека зборот модел во најопшта смисла на зборот значи некоја појава, процес, структура, технички изум кој ги имитира функциите на оригиналот, како и математички опис на некој процес во оригинал, план на борбено дејство, шема на распоред на сили и слично. Моделот истовремено е и метод на решавање на проблемот каде се имитира одвивањето (случувањето), за да ја откриеме научната вистина или да донесеме заклучоци. Исто така за модел се смета и секоја одлука оформена на било кој начин (писмено, усмено, графички и сл.).

Поимот модел во системските и кибернетските истражувања претставува тројна релација. Покрај реалниот систем (С), постои модел на тој систем (М) кој е развиен од човекот, односно субјект на моделот (Л). Овде, субјектот на моделот (Л) се појавува како нов систем кој претставува свесно дејство на човекот како раководител на системот кој сака преку моделот (М) да го запознае реалниот систем (С). Целта е на него да дејствува како би му обезбедил оптимално однесување кое гарантира постигнување на поставените цели на организацијата. Притоа, преку субјектот на моделот (Л) се формира структурата на моделот, но можна е и интеракција во насока на менување на структурата на реалниот систем.[6]

3 Ibid., p. 131.

4 Klaus G., *Kibernetika i filozofija,* Moskva, 1995, str. 11.

5 Ѓорески В., Планирање на одбраната во Република Македонија (докторска дисертација), ИСППИ, 2005, стр. 11.

6 Исто., стр. 12.




**СЛИКА1: Шематски приказ на интеракција помеѓу моделот (М), реалниот систем (С) и субјектот на моделот (Л). Извор: Ѓорески В., Планирање на одбраната во Република Македонија (докторска дисертација).**

## 2. Класификација на моделите

Кога се зборува за класификација на моделите, во литературата се наидува на едно шаренило, предизвикано, пред сè од научните и стручни погледи на авторите и од нивното искуство (во однос теоријата-праксата), како и научните области на кои тие им припаѓаат. Така, се сретнуваат класификации од поопшто теоретско значење до т.н. реално-практични. Во секој случај, ќе укажеме и на едните и на другите, сметајќи ги за помалку или повеќе еднакво корисни за целосно согледување на одделните класификации на моделите.

Теоретски земено и според нивната гносеолошка природа, моделите се делат на: теоретски, односно апстрактни; практични, односно конкретни; реални; идеални; прости; сложени; модели на структура; модели на функција; парцијални; глобални; аналитички; тополошки и мрежни; детерминистички; стохастички; статистички итн.[7]

Според предметната област и начинот на моделирање постојат четири видови модели: макросистеми и на овие соодветни реални модели во класичната физика, енергетиката, геометријата, електротехниката и слично; микросистеми и на нив соодветни модели во атомската физика, квантната хемија и слично; сложени динамички системи и на нив соодветни кибернетски модели и апстрактни системи

7 Исто., стр. 15.

и на нив соодветни знаковни модели во логиката, математиката, кибернетиката и лингвистиката.[8]

Според содржината, постојат следните видови модели: вербален, графички, математички, аналоген итн.

Според функционалната зависност разликуваме физички, математички, графички и логички модели.

Според извесноста постојат пробабилистички (стохастички) и детерминистички и најчесто овие модели можат да се прикажат во графикони и во табели.

Според бројот на елементите во однос на оригиналот, моделот може да биде изоморфен (ист број на елементи со оригиналот) и хомоморфен (помалку елементи од оригиналот).

Моделите се делат и на емпириски и неемпириски, индуктивни и дедуктивни итн.

И покрај широката лепеза на класификација на видовите модели, во секој случај, основно е да се разбере дека исто како што не постои реален систем од чист вид, така не постои и модел од чист вид. Класификацијата и поделбата на моделите служи само за разбирање на можните поделби на моделите. Во пракса, пак, секој модел има најмалку две, па дури и најчесто многу повеќе карактеристики, гледано од аспект на нивната класификација. Праксата покажува дека најчесто се употребуваат мешовити модели и тоа теоретско-практични, идеално-реални, парцијално-глобални, структурно-функционални, математичко-технички, комплексни и слично.

## 3. Фази на изработка на моделите

Во самиот процес на моделирање, неопходно е преземање на повеќе последователни чекори (фази). Најнапред, се поставува задачата (целта, односно планот) за моделирање. Потоа, се анализира реалниот систем и врз основа на оваа анализа се изработува модел, односно се врши моделирање. Понатаму, тој модел се истражува (вклучувајќи го и експериментирањето) и на крај се врши пренос на добиените резултати од моделот на реалниот систем.

Значи, при изработката на моделот има неколку неопходни последователни чекори, кои сами за себе претставуваат релативно независни целини во кои се применуваат разновидни методи и методски постапки и техники. Така, моделирањето во основа ги има следните фази:[9]

- *Утврдување на намената на моделот.* Намената на моделот, секогаш е врзана за стекнување нови знаења, односно за изучување, предвидување и донесување на одлуки. Општествено-економските и во овој контекст

8 Исто., стр. 16.
9 Исто., стр. 20-40.

безбедносните и одбранбените системи, на стратегиско, па и на тактичко и на оперативно ниво, изучувањата и предвидувањата, речиси секогаш се поврзани со донесување на одлуки за потребните интервенции. Значи, овде се работи за стекнување на потребни предуслови за донесување одлуки.

- *Набројување на сите можни елементи кои што се во врска со намената на моделот*. Моделот, како и системот има свои елементи, при што елементите во моделирањето, најчесто се нарекуваат компоненти. Тука концентрацијата е насочена кон издвојување на елементите кои можат да ја сочинуваат одредената структура на некој систем, притоа вршејќи идентификација на можните врски помеѓу елементите. Со апстрактно разгледување се формира хипотеза, без која не може да се продолжи процесот на компонирање на моделот.

- *Селекција на компонентите (елементите), според степенот на релевантност.* Преку селекција на елементите се издвојуваат оние елементи кои сигурно, и во прв ред, се содржани во задачата која се решава. Притоа, овде се применуваат правилата за релевантност на елементите содржани во системската анализа во теоријата на системите.

- *Формирање на почетниот модел*. Во оваа фаза се утврдуваат особините и меѓусебната поврзаност на издвоените релевантни компоненти. Се формира почетен модел со поврзување на компонентите, во систем со строго структуирани врски. Резултат на оваа фаза на моделирањето е добивање аналоген модел, на кој не мора да му претходи математички модел. Овде, исто така, се врши оценување на степенот на релевантноста на одредени компоненти од претходната фаза. Меѓу наброените, треба да се воочат оние компоненти за кои може да се каже дека се ирелевантни за моделот. Со ова, досега е извршена класификација и е одреден исказниот модел со хиеархиска структура.

- *Проверување на моделот.* Преку проверување на моделот се врши пробно експериментирање на моделот, со цел да се утврди дали моделот одговара на оригиналот, односно, дали помеѓу моделот и оригиналот постои задоволителна аналогија. Инаку, моделот по својата природа може бесконечно да се подобрува, бидејќи, никогаш до крај, не претставува слика на својот оригинал.

- *Подобрување на моделот.* Суштината на овој чекор е да се постигне задоволителна (за истражувачот пожелна) сличност помеѓу моделот и оригиналот. Доколку моделот покажува значителни отстапувања од својот оригинал, потребно е да се повторат сите горенаведени фази (од втората до петтата).

На крајот кога моделот е оформен се пристапува кон експериментирање, односно, испробување на варијанти, со цел детално проучување на појавата и согледување на влијанието на одделните параметри. Понатаму, се проучува оптималната структура на моделот на системот и функцијата на одделните компоненти, заради постигнување на максимална цел односно ефекти.

## 4. Специфичноста на моделите на планирање во одбраната

### 4.1. Модел на изведбено планирање и буџетирање

Изведбеното планирање и буџетирање или во пракса наречено планирање според планови, задачи и трошоци започнало да се применува во САД на почетокот на педесеттите години на минатиот век и е прв модерен систем на планирање кој има задача да го редуцира зголемениот обем на трошоци во јавната администрација. На овој модел му претходи формирањето на тнр. Хуверова комисија чија главна задача беше да одговори на две основни прашања: [10]

1. која е потребната големина на трошоци на било кој владин ресор и пожелната големина на вкупните трошоци во бруто националниот производ, и

2. колку ефикасно и економично можат одобрените планови да се реализираат, односно може ли истата работа да се изврши поевтино.

Во настојувањето да се даде одговор на овие прашања Хуверовата комисија ги респектирала техниките на изведбено буџетирање кои што беа доминантни повеќе години во рамките на некои федерални држави и некои федерални владини оддели во САД.[11] Хуверовата комисија предложи воведување на изведбеното буџетирање во целата федерална влада. Иако препораките на Комисијата не биле следени во целост, тие имаа влијание врз документот за буџетски и сметководствени процедури од 1950 година кој обезбедуваше федерално заснован буџет врз функциите и активностите на централната влада.

Замислениот изведбен буџет на Хуверовата комисија се состоел од 3 елементи, и тоа:

– класификација на задачите, програмата и активностите на владините трансакции;
– мерења на изведбите (контрола) и
– извештаи за изведбата.

**Класификацијата на задачите** започнува врз основа на нивна поделба на основни и дополнителни. Истите, понатаму се делат на општи, посебни и поединечни, во зависност од нивото на планирање. Нив ги предлага и разработува секој државен ресор, од својот делокруг на надлежности. Понатаму, предлозите заедно со потребните финансиски средства, специфицирани по видови трошоци се доставуваат до законодавната власт, меѓутоа, преку владата, а не секој ресор поединечно. Шематски прикажано тој приказ на тој процес е следниот:

---

[10] Stejner G., *Strategic Planning*, New York, London, Toronto, Sidney, Singapore, Free Press Paperbacks, Published by Simon Schuster, 1997.

[11] Burkhead J., *Government Budgeting,* New York: John Wiley and Sons, Inc., 1956, Chap.7.




**ШЕМА 1. Процес на изведбено планирање и буџетирање.**
**Извор: Ѓорески В., Планирање на одбраната во Република Македонија (докторска дисертација), стр. 104.**

**Мерењата на изведбите и извештаи за изведбата** се однесуваат на спецификацијата на мерката заради ефикасност која би можела да биде во форма на предетерминирани и стандардни изведби во одреден временски период. Изведбениот буџет беше структуиран на начин што ќе обезбеди дескриптивен приказ на задачите и работниот план за секој оддел. Во поддршка на приказите, општо на програмите дадени се мерења на продуктивноста, податоци за работата и планирани цели или постигнувања. Тоа е направено со цел да се пренасочи фокусот од буџетскиот преглед на добиените податоци на размислувањето за програмите кои се насочени кон изведба.

Во однос на системот на одбрана, карактеристично е што промените од развојот кај неа се чувствуваат многу побрзо. Инаку, во овој период и според овој модел на планирање, предлогот на плановите ги изработувале генералштабовите,

додека министерството за одбрана немало никаква позначајна улога, што подоцна, се разбира е драстично променето. Овој модел овозможи развој на другите модели, а и ја зголеми палетата на методи и техники за проверка на оправданоста на задачите и средствата потребни за нив. Исто така со овој модел, започнува ерата на доминацијата на извршната власт во креирањето и планирањето на буџетите, при што законодавната власт (која и до ден денес ги одобрува буџетите) го загуби темпото на предлагање на потребите на државата во корист на јавната администрација. Практично, законодавната власт е ставена во положба да дискутира за веќе предложени решенија, а во мали случаи сама да предлага.[12]

Сепак, имплементацијата на овој модел во овој приод наиде на потешкотии. Имено, ова бараше напредно програмирање на владините трансакции во програми, мерење на трошоците и продуктивноста и прифаќање на специфични одговорности од агенциите. Постоеше имплицитно верување дека со воведување на менаџерски систем во кој на менаџерите би им се овозможило раководење со комерцијалниот свет и доколку се развијат соодветни мерки да ја мерат нивната изведба, проблемите на владиниот финансиски менаџмент би биле во голема мера решени. Покрај претходно забележаните потешкотии во обезбедувањето на соодветна класификација, мерењето на продуктивноста во владата се покажало како несигурно. Иако во првичниот обид мерките на продуктивноста биле вклучени во неколку организации, веднаш се покажало дека агенциите што се насочени кон услуги или политика нудат повеќе предизвици. Процесирањето на трошоците продолжило да биде подеднакво сложено и во никој случај не било во ситуација да ги открива квалитативните разлики во услугите. Изведбените буџети понудија подобра квантитативна основа во донесувањето одлуки, но мораше да ги земе предвид и квалитативните аспекти и изгледаше дека потпирањето само врз претходното може да доведе до грешни заклучоци. Исто така се наиде на потешкотии и во реориентирањето на приодите на практичарите и законодавците. Недостатокот на значајни образовни напори и организирањето фази на имплементацијата, создаде повеќе проблеми. Тие беа разгледани од Втората Хуверова комисија во 1955 г. која ги повтори своите препораки за класификација на програмата во буџетот и за буџет кој што беше формулиран и администриран врз основа на трошоците.[13] Оваа комисија забележа дека само некои елементи од изведбеното буџетирање беа имплементирани и за да се раздвојат идеалните од посакуваните, комисијата го воведе она што во интерес на јасноста се смета за концепирано програмско буџетирање.

---

[12] Ѓорески В., Планирање на одбраната во Република Македонија (докторска дисертација), ИСППИ, 2005, стр. 100-110.

[13] Пошироко види: *Извештај за Буџет и Сметководство*, Хуверова Комисија (1955), стр. 13-14.

### 4.2. Систем на планирање, програмирање и буџетирање

Системот на планирање, програмирање и буџетирање (ППБС) ја доживува првата примена во 1962 година во Министерството за одбрана на САД. Поточно, основните елементи на овој ситем се појавиле во почетокот на шеесетите години од минатиот век, односно историски тоа се врзува со 1961 година, во времето кога функцијата секретар за одбрана на САД ја вршел Роберт Макнамара.[14] Придонесот на ППБС во процесот на планирање се гледа преку обезбедување проценки на последиците од аспект на трошоците и ефектите од алтернативните одлуки. "Моделот претставува системски начин на планирање на идните алокации на ресурси на организацијата преку програма (проекти), а помалку преку функции или организациони единици. Моделот прифаќа дека резултатите на организацијата се остварени со интеракција на различни функции и организациони единици"[15]. Исто така, суштината на моделот на ППБС се огледа во системското планирање на алокацијата на ресурсите со помош на програми.

Појдовен елемент на моделот на ППБС е определување на целите. Програмот пак ги претставува сите активности кои треба да бидат преземени за остварување на дефинираните цели. Програмот обично е дефиниран од аспект на сите функционални и помошни активности кои мора да бидат преземени за остварување на секој краен производ и услуга. Откога програмот е дефиниран, следната фаза е дефинирање на ресурсите потребни за извршување на програмот. Посебна фаза е проектирање на трошоците потребни за ресурсите. Ова не значи дека сите трошоци или очекувани ефекти можат или треба да бидат изразени во квантитативни термини. Откога се определени очекуваните трошоци за секој алтернативен програм, напорот треба да биде насочен кон споредување на антиципираните трошоци со очекуваните користи. Анализата на трошоците-корист е таква активност во овој модел кој овозможува да се оцени користа во светлина на трошоците за програмата.

Следен елемент на ППБС моделот е извршувањето, а оценката на ефективноста на програмата се однесува на определување на резултатите од програмата. Познавањето на резултатите од програмата ги помага главните две расудувања: „До кој степен постојните програми ќе ги пресретнуваат формулираните цели?" и „Дали има поефикасни програми за пресретнување на овие цели?".

---

[14] Стефаноски С., Примена на моделот на планирање, програмирање и буџетирање во функција на ефикасно планирање на системот за управување со кризи во Република Македонија (магистерски труд), Скопје, 2007, стр. 126.

[15] Don Hellriegel, John W. Slocum: Management. A contigency aproach, Addision-Wesley Publishing Company, Reading, Massachusetts, 1974, p.234.

Значи, ППБС е модел кој овозможува изработка на планови. ППБС не го елиминира менаџерското расудување, туку тој обезбедува рамка за системска анализа на алтернативните програми и споредување на трошоците и користите сврзани со секоја програма.

Гледано само од аспект на одбраната, системот ППБС практично: 1) одбранбените цели на земјата и предвидените дејности за остварување на тие цели што се прикажани во документите на надлежните државни органи за стратегиско планирање по пат на сеопфатни, конзистентни и континуирани среднорочни програми ги пренесува на физички (количински, односно натурални) потреби и на неопходни финансики издатоци (расходи) по годините на среднорочниот период; 2) по секоја година повторената процедура на среднорочното програмирање, ги претвора во предпресметка на годишните буџетски средства за нивно финансирање што, во рамките на вкупниот државен буџет, го одобрува законодавната власт (парламентот, собранието, конгресот); потоа 3) во своето прагматично тековно функционирање во текот на буџетската година, по пат на постојано усогласување со потребите со можностите, се грижи за остварување на планираните и на буџетираните потреби со (остварените) буџетски средства со кои вистински располага, со соодветни динамички промени во среднорочните програми на потребите и на расходите и нивното перманентно усогласување.

**4.3. Систем на буџетирање на нулта основа**

На почетокот на 70-те години на минатиот век беа направени експерименти на варијантите на системот на буџетирање на нулта основа (ЗББ) во приватниот сектор. Неговата практична примена е евидентирана во 1977 година.

Основната карактеристика на системот на буџетирање на нулта основа е во тоа што тој бара проверка на програмите на различни нивоа на доделување на ресурси и изведба. Исто така, се истакнуваат и следните карактеристики:

а) целите треба да бидат формулирани одделно за секој орган/институција;

б) активностите на секоја организација се претворени во пакети на одлуки кои во основа се значително исти како програмските категории во претходните системи кои што се развиени за да покажат изведба на различни нивоа на ресурсите како што се: „минимум”, „средно”, „тековно” и „напредно” ниво и

в) пакетите на одлуки потоа се проценети и распоредени на секое ниво од менаџментот според рангот.[16]

Овој распоред овозможува организациите/институциите да го дефинираат минималниот напор и да ги посочат зголемените нивоа на напор на минимумот на секоја програма. Нивоата на напор потоа се подредени во намалувачки ред, а

[16] *Прирачник за стратешко планирање*, Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија, Скопје, 2007.

поставена е и точка на отсечување. Точките под оваа точка не се финансираат. Друга важна карактеристика на овој систем е тоа што и е доделена специфична улога на „линијата" или менаџерските официјални претставници во изработката на буџетот и им дозволува да ги рангираат програмите како што тие сметаат дека е погодно. Овие програми потоа сукцесивно се проценуваат на секое повисоко ниво. Крајните рангирања се подготвени на врвот на менаџерското ниво и на она ниво што е во можност да генерира поодговорно административно планирање со целосно препознавање на финансиските импликации. Овој систем го дополнуваат процедури за формулација на среднорочните буџети во рамките на Владата и форма на буџетирање што доаѓа во законодавството под кое датите за скратување во финансирањето се планирани за програми од страна на законодавството.

Имплементацијата на системот на буџетирање на нулта основа наводно била полесна од претходните системи. Тоа се должи на фактот дека системот на буџетирање на нулта основа започна да работи по повеќегодишно експериментирање со системите за изведба, програмирање, планирање, буџетирање. Друг дополнителен фактор беа буџетските дефицити и чувството дека трошоците треба да бидат контролирани. Забележано е дека системот на буџетирање на нулта основа не претставува концептуално преголемо разликување, ниту пак бара нови апарати за сите негови намери и цели.

Повеќето што го поддржувале системот сметале дека тој помага вниманието да се насочи подеднакво на буџетската основа и на зголемувањето на таа основа која во суштина дозволува прилагодување во поглед на промените на ситуацијата за ресурсите. Критичарите сметаат дека системот е најдобар ако се примени форма на институционализирано зголемување, додека со рутинско инсистирање за незголемени буџети, организации можат да се здобијат со финансиска безбедност. Неговиот придонес е ограничен уште повеќе во однос на трансферот на плаќање на други нивоа на влади и домаќинства, а системот охрабрува натпревар меѓу учесниците. Овие критики имаат големо значење и покрај тоа што е потребно да се истакне дека натпреварот е неизбежен во било која организација каде што има повеќе центри за донесување одлуки.

### 4.4. Модел на стратешко планирање

Стратешкото планирање придонесува за да се определат институционалните вредности и цели и ја обезбедува рамката за развој на квалитетот и алокација на ресурсите.

Во основа стратешкото планирање им помага на органите на државната управа да го анализираат и да го утврдат она што сакаат да го постигнат и да испланираат како ќе се постигне тоа. Со спроведувањето на стратегијата во пракса и преку стратешко дејствување, органите може да се фокусираат на тоа

што навистина е важно, односно на приоритетите и на тој начин да ги распределат своите ресурси.[17]

Методот и техниките за стратешкото планирање можат да се применуваат на многу нивоа, односно од планирање на приоритетите и иднината на едно лице, планирање на која било мала организација (орган), планирање на големи и комплексни министерства, па се до планирање на приоритетите и развојот на целата држава.

Стратешкото планирање предвидува изработка на Стратешки план. Тој претставува основен документ на органите на државната управа во кој, се содржани општите планови, програми и проекти со кои се утврдува развојната компонента на истите, како и посебните активности, мерки и процедури за постигнување на утврдените краткорочни цели и приоритети. Стратешкиот план претставува документ со кој се определува „насоката на движење" на ресорот во следните три години. За да биде истиот реален и остварлив треба да биде заснован на реално обезбедени финансиски средства, кои ќе бидат однапред ограничени.[18]

Важно е да се истакне дека стратешкото планирање и стратешките планови на органите на државната управа треба да претставуваат синтеза на двете нивоа на планирање и тоа:[19]

I. *Планирање во областа или областите за кои министерството/органот е надлежно* што подразбира детална анализа на состојбите, дефинирање на приоритетите во тие области, креирање на политики и програми преку кои ќе се остваруваат приоритетите и целите, утврдување на потребните ресурси за нивно спроведување, следење на остварувањето итн. Методот и техниките кои се применуваат на ова ниво се непосредно поврзани и превземени од областа анализа и креирање на политики.

II. *Планирање на развојот на самото министерство или орган* како организација која во согласност со законот има надлежност да ја води и да дејствува во соодветната област или области подразбира анализа на постоечкита состојба во министерството како организација, анализа на ресурсите со кои располага, постапките кои ги спроведува и нивната ефективност и ефикасност, комуникацијата внатре во организацијата, како и дефинирањето на активностите кои треба да се превземат за министерството да може да прерасне во успешна

---

[17] Прирачник за стратешко планирање, Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија, Скопје, 2007.

[18] Пошироко види: Стефаноски С., Примена на моделот на планирање, програмирање и буџетирање во функција на ефикасно планирање на системот за управување со кризи во Република Македонија (магистерски труд), Скопје, 2007, стр. 130-135.

[19] Влада на РМ, Генерален секретаријат, Сектор за стратегија, планирање и следење, Скопје, мај 2005.

организација подготвена да се справи со сите предизвици и да ги изврши своите функции на најефективен и најефикасен можен начин. Методот и техниките кои се применуваат на ова ниво се превземени од областа на организацискиот менаџмент.

Врската меѓу овие две нивоа е буџетот. Рамките одредени преку фискалната стратегија и буџетскита плафони ја обезбедуваат реалната рамка за планирање во овие две нивоа. Токму затоа од клучно значење е ресурсите да се концентрираат само на приоритетните област.

**ЛИТЕРАТУРА**


1. Allmendinger Philip, *Planning Theory*, Palgrave, 2002
2. Argenti J., Practical Corporate Planning, UNWIN – Paperbacks, London, 1989
3. Ashby W. Ross, *An Introduction to Cybernetics*, London 1961
4. Anthony R., *Planning and Control Systems,* Cambridge, Massachusetts: Harvard University Press, 1965
5. Boudon, R. *Mathematical Models and Methods in Main Trends of Research in the Social and Human Sciences:* Social Sciences (Part one), UNESCO, 1970
6. Bradley J.W., & Shaefer, C.K *The Uses and Misuses of Data and Models,* London: SAGE Publication, 1998
7. Bienien H. Power, *Economics and Security*, The United States and Japan in Fokus, Westview Press, 1992
8. William A., *Forecasting. An Apparaisal for Policy – Makers and Planners*, The Johns Hopkins Press, London, 1978
9. Wildavsky A., *The Political Economy of Efficiency*: Cost-Benefit Analysis, Systems Analysis, and Program Budgeting, Public Administration Review, 26 December, 1966
10. Davis P., *New Challenges for Defense Planning*, RAND, Santa Monica, 1994.
11. Ewing D.W., *The Practice of Planning*, Harper and Row Publishers, New York, 1968
12. Crisp P., *Strategic Planning and Management*, Blagdon: The Staff College, 1991
13. Novick D., *Current Practice in Program Budgeting,* New York: Russak, 1973
14. *Parliamentary Oversight of the Security Sector*, Inter-Parliamentary Union and DCAF, Geneva/Belgrade, 2003
15. Stejner G., *Strategic Planning*, New York, London, Toronto, Sidney, Singapore, Free Press Paperbacks, Published by Simon Schuster, 1997
16. *The Planning, Programming and Budgeting System* (PPBS), OSD Comptroller I Center, Department of Defense, Washington, 2001

# РАЗУЗНАВАЧКА ПОДДРШКА НА БЕЗБЕДНОСНАТА ПОЛИТИКА НА ЕУ

**Стојан СЛАВЕСКИ**
Европски универзитет - Скопје

**Апстракт:** *Развојот на меѓународната и меѓуагенциската разузнавачка соработка е императив за денешната безбедносна околина. Ако со таканаречените „нови закани" треба да се справуваме колективно, тогаш оваа соработка не само што е посакувана, туку, таа е, исто така, неопходна во изготвувањето на заедничките проценки на заканите. Наспроти другите организации, ЕУ поседува широк дијапазон на алатки во безбедносната политика кои треба да бидат координирани. Поради тоа, таа, исто така, има потреба од поддршка од различни видови разузнавачки агенции во поголем обем отколку другите меѓународни организации. За остварување на оваа цел таа веќе започна да формира сопствена структура за создавање и размена на различни видиви разузнавачки информации.*

**Клучни зборови:** *разузнавачка соработка, разузнавачка поддршка, разузнавачка заедница*

# INTELLIGENCE SUPPORT TO EU SECURITY POLICY

**Abstract:** *Developing international and cross-agency intelligence cooperation has become imperative in today's security environment. If the so-called "new threats" are to be tackled collectively, it is not only desirable but also necessary to make collective threat assessments. In contrast to other organizations, the EU applies and has to coordinate a broad range of security policy tools. Therefore, it also needs support from different kinds of intelligence agencies to a larger extent than other organizations. To this end, it has already begun to develop its own structure for the production and exchange of various types of intelligence.*

**Key words:** *intelligence cooperation, intelligence support, intelligence community*

**Вовед**

Честопати, за разузнавањето се зборува како за втора најстара професија во историјата, која сега е суштествен фактор на надворешната политика на државите во непосредна врска со нивната безбедност и одбрана.[1] Во последните години, разузнувањето и разузнувачката соработка добиваат сѐ повеќе на значење. Ваквиот равој на настаните се поврзува со промените во безбедносната околина, при што, разузнавањето е основен елемент во напорите на државите да се справат со новиот вид тероризам, пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, организираниот криминал и во справувањето со хуманитарните катастрофи. Детектирањето на таканаречените „нови закани” и правењето процени за ефектот од нивното дејствие, со право, бараат поголема разузнавачка соработка помеѓу различните разузнавачки елементи, како и помеѓу разузнувачките агенции од различни земји. Ваквата соработка, исто така, е императив за оперативната имплементација на потребата од мултилатерални одговори на новите безбедносни предизвици.

Земајќи го сето ова предвид, Европскта унија дава природна рамка за интензивна разузнавачка соработка. Понатаму, Унијата треба да развие таква безбедносна заедница која ќе ги исполни сопствените декларирани амбиции. Разузнавањето игра значајна улога во развојот на заеднички безбедносни политики и давањето на супстанца на Европската безбедносна стратегија. За да формулираат заедничка безбедносна политика, Европјаните треба да развијат заедничко чуство за тревога, заедничка перцепција за заканите и на тој начин заедничка „процена за заканите”. Оттука, соодветна разузнавачка поддршка, секако, ќе биде потребна за имплементација на европските безбедносни политики. Затоа постоечката разузнавачка соработка треба да се адаптира и преструкуира на начин на кој ќе им служи како поддршка на политиките коишто се соодветни на новата безбедносна средина.

Прашањето е која улога треба да има ЕУ во сето тоа и кој облик на соработка треба да реализра за рамките на разузнувачката заедница на ЕУ? Следното прашање кое бара одговор е, кој вид разузнавачка соработка е потребен и на кое рамниште треба да се одвива во рамките на ЕУ?

## Разузнавачка поддршка на безбедносната политика на ЕУ

Различните тела на ЕУ имаат различни одговорности и на различен начин придонесуваат кон активности на полето на безбедноста политика на Унијата.[2] Моменталната распределба на одговорностите ја следи инструменталната и географската логика. Ако ја следиме логиката на инструментите кои ги поседува Унијата, тогаш може да зборуваме за пет полиња на акција: (1) воено, (2) правда (третиот столб плус владеење на правото, полициски работи и

[1] Phillip Knightley, *The Second Oldest Profession: Spies and Spying in the Twentieth Century*, W.W. Norton, New York, 1998 and Jeffrey Richelson, *A Century of Spies: Intelligence in the XX Century*, Oxford University Press, Oxford, 1995.

[2] За организациската поставеност на ЦФСП и ЕСДП на ЕУ види во: International Crisis Group, *EU crisis Response Capability: Institutions and Processes for Conflict Prevention and Management*, Brussels, 2001 and *EU Crisis Response Capabilities: An update*, Brussels, 2002.

гранично обезбедување), (3) цивилни и хуманитарни работи (цивилна заштита, деминирање и хуманитарна помош), (4) економија (трговија и помош за развој) и (5) политичко/дипломатско. Во географска смисла, сегашните одговорности на телата на Унијата прават јасна дистинкција помеѓу внатрешната и надворешната димензија и помеѓу улогата на националните држави и улогата која ја има Европската унија. Поделбата во рамките на структурите на ЕУ открива строго разграничување помеѓу внатрешната и надворешната фукција на Унијата како генератор на безбедност и ја нагласува одговорноста на националните држави за сите безбедносни прашања во рамките на нивните национални територии. Унијата, како целина, може да презема оперативни интервенции и активно да биде вклучена во безбедносните прашања само надвор од територијата на Унијата и евентуално долж границата со соседните држави. Во подрачјето на ЕУ, улогата на Унијата во спротивставувањето на заканите е лимитирана во поддршката и асистенцијата на националните авторитети.

За да ги исполни своите задачи во овие пет полиња на активности, ЕУ може да има потреба од воена[3], контраразузнавачка[4], криминалистичка[5] и надворешна разузнавачка поддршка[6]. Се поставува прашањето до кој степен ваквата функционална разузнавачка поддршка е или треба да биде обезбедена од различните европски тела или пак национални агенции.

**Поддршка од военото разузнавање**

Со формулирањето на Главните цели и воспоставувањето на структурите не ЕСДП (European Security and Defence Policy – ESDP), државите-членки јасно ја искажаа својата амбиција Унијата да добие воена компонента во своето

[3] *Военото разузнавање* ги собира и врши процена на информациите на актуелните и потенцијални активности на странските вооружени сили на својата територија, како и надвор од својата територија. Националните агенции кои создаваат таков вид на разузнавачки информации генерално се под авторитетот на Министерството за одбрана.

[4] *Безбедносните или контраразузнувачките* агенции прават преглед на заканите кои се насочени кон владините функции дефинирани со уставите и законите на државите. Тоа, помеѓу другите работи, подразбира ангажирање и спротивставување на разузнавачките активности на странските сили и „лево” и „десно” ориентираните екстремистички активности, како и активности против тероризмот

[5] *Криминалистичкото* разузнавање се ангажира во борбата против организираниот криминал. Тоа е различно од другите разузнавачки функции во однос на неговата поврзаност со криминалните истраги, кои имаат за цел да обезбедат докази кои што можат да резултираат со покренување на кривични пријави пред судот.

[6] *Надворешното или странско* разузнавање се фокусира на настаните во странските земји. Тоа треба да го поддржува донесувањето на одлуките, генерално, во однос на надворешната политика на државата и создава проценки за состојбите за прашања поврзани со безбедноста, одбраната, надворешните и економските политики на државата. Надворешното разузнавање е резултат на меѓуагенциската соработка од причина што тоа прави процени за состојбите врз основа на повеќе извори (воени, безбедносни и криминалистички извештаи). Сепак, наспроти останатите поменати функции, надворешното разузнавање, попрво го поддржува донесувањето на политички одлуки, отколку оперативни одлуки.

делување. Оваа улога е лимитирана од географски и политички ограничувања. Иако формално не е дефиниран георафскиот делокруг на подрачјето на делување на Унијата, постојат одредени ограничувања кои се однесуваат на оддалеченоста до која можат да бидат распоредени воените капацитети на Унијата. Обично оваа дистанца се дефинира на околу 4000 км оддалеченост од Брисел.[7] Оваа бројка доаѓа од изготвеното сценарио на ЗЕУ за изведување операции кои произлегуваат од Петерсбершките задачи и е едностано детерминирана од ограничувањата кои што ги имаат воените капацитети при распоредувањето. Иако не е формално обврзувачко, ова ограничување сè уште се смета за валидно за најинтензивните Петербуршки задачи. Треба да се забележи дека помалку амбициозни операции можат да се изведуваат и во подалечни подрачја. Понатаму, има уште еден лимит кој се однесува на близината. Имено, оваа воена структура на Унијата е во рамките на ЦФСП (Common Foreign and Security Policy – CFSP) и не е предвидено таа да се употреби на територијата на државите-членки. Дефиницијата на Петербуршките задачи останува сè уште дискутабилна. Иако тие не ги покриваат задачите подведени под „присилата кон мир" („peace enforcment") тие, исто така, не го покриваат и подрачјето на колективната одбрана или пак евентуални превентивни удари врз потенцијалните непријатели и оние кои развиваат оружје за масовно уништување. Понатаму, тие не го покриваат сменувањето од власт на диктатори како што тоа го демонстрираа САД при операциите во Авганистан и Ирак. Постојните аранжмани не им овозможуваат на државите-членки, доколку сакат, да се ангажираат во вакви ситуации туку тоа треба да го прават преку други организации или „коалиции на заинтересирани" („coalitions of the willing"). Проширувањето на компентенциите на Унијата за вакви задачи ќе ја промени природата на ЕСДП и воено разузнавачката поддршка која ќе ѝ ќе биде потребна.[8]

Поради тоа, разузнавачката поддршка за воените структури на Унијата мора да биде насочена кон подготовки за потенцијални ангажирања и да се спроведува преку конкретни операции во рамките на дадените географски и политички ограничувања. Оттука, сегашното функционирање на воениот дел од ЕСДП нема потреба од продукција и размена на воени разузнавачки информации за одредени подрачја кадешто Унијата нема да изведува воени операции (на пример, Северна Кореја, Русија, итн.). Тоа не значи дека сегашната разузнавачка структура не овозможува ваква соработка, туку едноставно значи дека воената разузнавачка

[7] Повеќе за ова кај: Hans-Cristian Hagman, "European Crisis Management and Defence: The search for Capabilities", in *Adelphi Paper* 353, 2002, p. 46.

[8] Усвојувањето на „членот за солидарност", како што беше предвидено со Реформскиот договор, не мора да има директно влијание на воената разузнавачка поддршка. Промени би имало само ако ЕУ ја преземе координативната улога во овој случај. Многу е поверојано дека преземањето на евентуални воени мерки ќе биде регулирано на билатерална основа помеѓу државите.

служба на рамниште на ЕУ не треба да оди надвор од воените амбици на ЕСДП.

Разузнавачкото одделение (The Inteligence Division - INTDIV) во рамките на ЕУМС (European Union Military Staff – EUMS) претставува точка за размена на воени разузнавачки информации на рамниште на Унијата. Вработените во ова одделение составуваат извештаи, кои се темелат на националното разузнавање, коешто се пренесува во рамките на структурите на ЕСДП. Одделението се фокусира на информации поврзани со воените капацитети и контролата врз нив, во регионите на сегашните и потенцијалните кризни подрачја. Во одреден степен тоа врши и проценка на намерите на оние коишто поседуваат воена сила во подрачјето на акција. Но,тоа не ги анализира интересите на актерите до тој степен како што тоа го работат агенциите коишто произведуваат надворешни разузнавачки информации. Како дел од ЕУМС одделението треба да го поддржи стратегиското планирање коешто започнува штом кризата ќе се појави и завршува кога политичките авторитети на ЕУ ќе го одобрат воениот стратегиски план за ангажирање.

Во реалноста, разузнавачката поддршка за операциите кои се во тек, наспроти тоа, воглавно не се одвива преку институциите на ЕУ, иако разузнавачкото одделение ја отвора оваа линија на комуникација од Брисел до оперативната команда. Поради тоа, националното разузнавање директно ги доставува информациите до линијата на командување со што се докомплетира разузнавачкиот материјал кои единиците го добиваат од сопственит капацитети распоредените на теренот.

Ефикасната разузнавачка поддршка ги зајакнува шансите за постигнување на целите на воените операции предводени од ЕУ и осигурува безбедност на трупите коишто учествуваат во операцијата. Меѓутоа, основната пречка во обезбедувањето на ваквата поддршка лежи во ограничените разузнавачки капацитети за собирање на информации на државите-членки, но не и во начинот на кој воената разузнавачка соработка е организирана и структуирана. Ова е забележано во многу документи на Унијата во последните години. Покрај можната поддршка од ЕУСЦ (European Union Satellite Centar – EUSC) на стратегиското планирање и тековните операциии, разузнавањето преку користење на слики[9] од сателити останува еден од најзначајните недостатоци. Исто така, како проблем останува и разузнавањето од слики од беспилотните летала. Понатаму, ХУМИНТ[10]

[9] Разузнувањето од *слики* (Imagery Intelligence – IMINT) подразбира добивање на информации од различни слики (од фотографии, радари, инфра црвени и други типови на апарати за сликање) кои што се добиени преку лица, авиони или сателити.

[10] *Хуманото/Човеково* разузнавање (Human Intelligence - HUMINT), кое произлегува од човечки извори, и е најстар начин за собирање на разузнавачки информации. Во овој вид на разузнавање информациите можат да се добијат преку шпијунажа, меѓутоа во најголем дел тие се обезбедуваат преку дипломатски извештаи, сопстевен оперативен штаб, или преку локалното население.

е многу важно за спроведувањето на воените операции, а, кое, понекогаш е недоволно. Меѓутоа, за тоа тешко можеме да зборуваме во генерални рамки затоашто пристапот до ХУМИНТ се разликува многу од случај до случај, особено кога тоа се добива од локалното население.

**Разузнавачка поддршка за делот поврзан со правда, полиција и гранично обезбедување**

Покрај воената сфера, ЕУ е активна како надвор, така и во рамките на ЕУ, на полето на спроведување на законот (law enforcment). Меѓутоа, во оваа сфера, Унијата не презема извршни функции до тој степен како што тоа го чини кога изведува воени мисии. Во овој случај, политиките на ЕУ се едноставо насочени кон олеснување на соработката помеѓу националните авторитети одговорни за спроведување на законот во земјата. Надвор од територијата на ЕУ, Унијата има сличен приод кон работите. Овде Унијата примарно сака да го осигура владеењето на правото преку поддршката на локалните власти. Таа нема стратегија со која европските официјални лица би го замениле системот за спроведување на законот на локално ниво.

Во полициските работи, целта на државите-членки на Унијата е да обезбедат до 5.000 офицери за учество во меѓународни операции за превенција и менаџмент со кризи. Нивна главна задача е да обезбедат совети и обука со цел да им помогнат на локалните власти. Иако, извршните функции не се исклучуваат, треба да се нагласи дека извршувањето на меѓународни полициски работи е многу редок случај (во овој момент, меѓународни полициски сили има само во Источен Тимор и на Косово, во обата случаи под мандат на Обединетите нации). Сегашните аранжмани на Европската унија не ѝ дозволуваат преземање акции против терористичките или криминални ќелии надвор од територијата на ЕУ. Тоа може да се случи само ако ЕУ ја преземе целосно улогата на полицијата во т.н. „пропаднати држави” („failed states”), или во случај тоа да биде побарано од локалните авторитети. Сè додека тоа не е случј, полициските мисии на ЕУ имаат потреба од незначителна разузнавачка поддршка за да ги исполнат своите задачи кои што се однесуваат на давање совети и обука на локалните авторитети.

Во полето на владеење на правото („rule of law”), државите членки на ЕУ треба да имаат на располагање 200 експерти (меѓународни обвинители и судии, персонал за обука и мониторинг). Овие експерти имаат задача да ги заменат локалните власти, меѓутоа тоа е предвидено да го сторат за краток период и само во вонредни услови. Како што и погоре неведовме, за исполнување на овие задачи персоналот нема потреба од разузнавачка поддршка од ЕУ сè додека Унијата не добие мандат да ги преземе извршните полициски функции, или со други зборови кажано, додека не е одговорна за собирање докази.

Она што е потребно за извршувањето на мисиите во доменот на полициските работи и владеењето на правото се проценки за заканите за животот на персоналот

на ЕУ ангажиран во операцијата. На тој начин, ангажираниот персонал на ЕУ нема потреба за никаква разузнавачка поддршка за извршување на поставените задачи, туку ЕУ има потреба од ваквата поддршка кога се одлучува за тоа дали да се распореди или не мисијата на Унијата.

Предвиденото воспоставување на европското гранично обезбедување („border guard") е сè уште во почетна фаза за да можат да се прават некои подетални анализи. Од каков вид разузнавачка поддршка ќе има потреба ќе зависи од одговорностите кои ќе му бидат доделени. Некаква размена на информации помеѓу граничното обезбедување, полициските станици и агентите советници веќе постои и е во функција преку Шенгенскиот информационен систем (Schengen Information System – SIS) и Царинскиот информативен систем (Customs Information System – CIS). Овие два информациски система се целосно децентрализирани мрежи без централна агенција. СИС го опишуваат како европска листа на „барани особи" и преставува систем за доставување на извештаи или инструмент за пребарување користен од страна на обичната полицијата, граничната полиција, царината и авторитетите одговорни за издавање визи и дозволи за престој. Иако предвидениот СИС II систем треба да биде нешто повеќе од обичен запис за тревога (се предвидува тоа повеќе да биде алатка за спроведување на истраги) не е предвидено преку него да се врши размена на криминалистички разузнавачки материјали. Иако сите полициски станици и агенти советници имаат пристап до мрежата и можат да дадат тревога во согласност со нивните национални закони тоа автоматски не значи и апсење на лицето во друга држава.

Шенген информацискиот систем е надополнет со неколку други договори кои треба да го унапредат спроведувањето на законите во подрачјето на ЕУ. Повеќето од нив имаат за цел да ја олеснат размената на информации и соработката помеѓу националните агенциии за спроведување на законот. Покрај размената на судски чиновници за врски и воспоставувањето на Европската судска мрежа (European Judical Network – EJN), ЕУ, исто така, воспостави и Европска канцеларија за борба против проневери (European Anti-Fraud Office – OLAF), Еуроџаст (Eurojust) и Европол (Europol). Редоследот по кој се набројани одговара на нивната релевантност во однос на разузнавањето. Па така, Европол е единствено тело дизајнирано да биде дел од криминалистичкото разузнавање.

Намената на судските чиновници за врски и ЕЈН е да им овозможат на судските авторитети да подготват ефективно барање за судска соработка или генерално да ја подобрат судската соработка. Оттука, тие не се заинтересирани за размена на криминалистичко разузнавање.

Административните истраги спроведени преку ОЛАФ имаат за цел откривање на нелегални активности кои влијаат на финансиските интереси на ЕУ. ОЛАФ може да се смета како база на податоци која им е достапна на националните

авторитети за да отворат и/или поддржат спроведување на криминални истраги. Во некои случаи, на пример, ако има сомнеж дека се работи за организиран криминал, националните авторитети можат да ја достават оваа информација до националните криминалистички разузнавачки агенции. Меѓутоа улогата на ОЛАФ како извор за криминалистичко разузнавање не треба да биде преценета. Иако таа открива постоење на нелегални активности, ОЛАФ не презема какви било криминалистички истраги со цел да се дојде до сознание кој е инволвиран во стореното криминално дело.

Еуроџаст може да се опише како тркалезна маса на национални судски чиновници. Ова тело е единствено место кадешто можат да се најдат криминалистички записи од сите држави-членки. Вработените во Еуроџаст ја олеснуваат соработката помеѓу националните авторитети и можат да посочат каде е потребна ваква соработка. Тие дискутираат конкретни случаи, разменуваат информации, соработуваат директно и им препорачуваат на националните авторитети да преземат соодветна акција. Меѓутоа, тоа не го прави Еуроџаст центар за размена на криминалистичко разузнавање. Причината за тоа е затоа што записите кои му стојат на располагање не содржат криминалистички разузнавачки информации туку попрво податоци во врска со тековните или завршените криминалистички истраги.

Европол, ја има улогата да биде центар за размена на криминалистички и до одреден степен контраразузнавачки информации. Беше формиран како место за размена на информации помеѓу државите членки и имаше задача да ги анализра информациите и разузнавачкиот материјал за тероризмот, трговијата со дрога и другите сериозни форми на меѓународен криминал. Со компилација на различни извештаи и анализи на информациите добиени од повеќе извори, од Европол се очекува да открива случаи, да ги открива врските помеѓу различните криминални активности и да донесува заклучоци коишто можат да бидат користени во борбата против криминалот. Во таа смисла анализите на Европол се повеќе од обичен збир на информации. Сепак, треба да се нагласи дека на Европол не му се пренесени одговорностите од националните служби ниту пак, тој има одредени извршни функции. Националните авторитети се уште очекуваат од националните агенции да им обезбедат соодветна разузнавачка поддршка а тоа не го очекуваат од Европол. Оттука, право е на националните авторитети да одлучат дали или не ќе му доставаат на Европол соодветни разузнавачки информации, дали ќе ги следат неговите совети и дали ќе ја користат помошта која тој ја нуди.[11]

[11] Треба да се забележи дека националните агенции кои ги поддржуваат авторитетите надлежни за спроведување на законот, исто така, разменуваат контраразузнавачки и криминалистички разузнавачки информации надвор од структурите на ЕУ. Како еден пример за тоа може да биде Клубот од Берн.

**Разузнавачка поддршка на цивилната заштита, разминирањето и хуманитарната помош**

Од разузнавачка перспектива, операциите коишто се спроведуваат во рамките на Првиот столб (цивилната заштита, разминирањето и хуманитарната помош) имаа потреба од слична разузнавачка поддршка која се однесува на процената на заканите од катастрофи. Состојбата во кризното подрачје мора да биде однапред проценета за да се знае каков вид помош и во колкав обем му е потребна на подрачјето погодено од некоја катастрофа. Иако ваквата процена на заканите од катастрофа не кореспондира со ниту една од четирите разузнавачки категории, техничките извори за добивање разузнавачки информации кои ги користат агенциите можат да одговорат на оваа задача. Локалното ХУМИНТ и навременото ИМИНТ (од воени и цивилни извори) имаа особено значење за ваквите процени. Во зависност од видот на катастрофата и ресурсите коишто ги поседува локалната влада, може да биде тешко во почетокот да се добие целосна слика за состојбата во погоденото подрачје. Ова преставува особена потешкотија ако се тоа земји надвор од ЕУ, а коишто имаат лимитирани капацитети за вршење процени и/или кога нередите се поврзани со насилен конфликт.

*Цивилна заштита.* Цивилната заштита добива на значење во последните години. Унијата сака да ја олесни соработката помеѓу државите членки и кандидатите за членство. За таа цел е воспоставен Центар за мониторинг и информации и Систем за комуникација во итни случаи. Целта на оваа соработка е да се олесни мобилизацијата на тимовите за интервенција, експертите и другите ресусрси коишто можат да бидат искористени во случај на катастрофи. Во случај на несреќа во држава членка на Унијата, процена на состојбите не се врши на европско рамниште, туку тоа го прават компетентните национални авторитети (ако е потребно тоа се прави со тимови за интервенции од времен карактер). Со мало прилагодување државите членки или агенциите на ЕУ можат многу лесно да ја обезбедат потребната разузнавачка поддршка од одговорните национални авторитети преку националните разузнавачки агенции на државата погодена со катастрофата. Тешкотии се појавуваат ако несреќата се случила во трета земја која нема фукционален национален авторитет одговорен за справување со кризната состојба (на пример, Центар за управување со кризи) или, пак, државата погодена со катастрофа нема контакти со разузнавачките служби на земјите ангажирани во механизмите на Унијата. Во таков случај нема подготвени канали преку кои државите членки на ЕУ можат да ја компензираат евентуално недоволната разузнавачка поддршка од локалните аворитети. Во тој случај тимовите за интервенција на ЕУ ќе имаат дополнителна одговорност да направат сопствена процена на заканите и така да ја водат операцијата.

*Деминирање.* Природно, активностите за деминирање се одвиваат надвор од територијата на ЕУ. Јасно е дека без без поддршка од ХУМИНТ и ИМИНТ е

невозможно да се започне операција за деминирање на локалните мински полиња и да се изврши процена на опасноста од поставените мини. Ако деминирањето се спроведува од страна на воените структури, потребната разузнавачка поддршка за подготовка на операцијата се добива преку воените разузнавачки канали. Меѓутоа, често пати разминирањето не се спроведува од страна на воените трупи. Во суштина, ЕУ изведува операции за чистење на мини само преку нејзиниот Прв столб. Мисиите се дизајнирани да го поддржат равојот на локални капацитети за таа намена. По насоки на Комисијата, на локалните авторитети им се дава помош во опрема, финансии и обука. Оттука, Комисијата честопати треба да се потпира на своите лични контакти (ХУМИНТ) и сама да ги собира потребните информации, да го планира изведувањето на мисијата и да им ја дава потребната поддршка на локалните авторитети откако ќе започнат операциите за чистење на мини.

*Хуманитарната помош.* Што се однесува до хуманитарните интервенции состојбата е поинаква. Хуманитарната помош Унијата ја доставува преку ЕЦХО (European Communbity Humanitarin Office – ECHO) до оние надвор од границите на ЕУ на кои им е потребна. За проценка на заканите во случај на катстрофи, може и да нема голема потреба на било каква техничка разузнавачка поддршка која можат да и ја обезбедат државите членки. Комисијата вообичаено ги добива потребните информации преку својот персонал ангажиран на теренот и контакти со локалните актерите во погоденото подрачје.

Кога се спроведуваат операции во политички нестабилни региони надвор од ЕУ, покрај процените за последиците од катастрофите мора да се направат и процени за опасноста по самата мисија на ЕУ и ангажираниот персонал. Ова е подрачје за кое се потребни информации од сите извори на надворешното разузнавање. Кога операциите се изведуваат паралелно со ангажирани меѓународни воени сили тогаш процените за заканите по персоналот на ЕУ се добиваат од воените структури. Меѓутоа, Комисијата мора да прави сопствени процени на заканите по персоналот ангажиран во операцијата кога делува самостојно. Ова е случај во хуманитарните интервенции и други операции кога се доставува одредена помош. Во овој случај Комисијата врши сопствени процени на заканите без директен пристап до разузнавачките структури и без можност да побара од некоја разузнавачка агенција да направи процена на заканите која ќе се темели на разузнавачки извори.

**Разузнавачка поддршка во однос на подрачјата поврзани со трговија и развој**

Политиките на Унијата коишто се однесуваат на трговијата и развојот можат да бидат дефинирани како индиректни безбедносни политики кои имаат влијание во корените на причините за одредена состојба. Меѓутоа, тие примарно не се водени од безбедносните аспекти и поради тоа немаат потреба од директна

поддршка од разузнавачките агенции. Дури и ако се применуваат инструменти на поддршка на дипломатските напори, тогаш оваа поддршка им се дава на оние кои одлучуваат за дипломатските прашања, па така таа не се поврзува директно со политиките за трговија и развој.

**Разузнавачка поддршка на дипломатските активности**

Дипломатијата е еден од главните инструменти на надворешната и безбедносна политика. Иако надворешното разузнавање е само еден параметар кој влијае на донесувањето на одлуките во овој ресор, неговото влијание е честопати незаменливо.[12] Тоа е значајно не само затоа што предвидува специфични политички решенија туку и затоа што се користи како референтна точка преку која другите учесници во процесот на донесување на одлуки можат своите активности да ги потврдат или не. Надворешното разузнавање може да им ги обезбеди основните извори на информации за вршење на процени на состојбите (на пример, преглед на актерите, интересите и развојот на настаните во одредено подрачје), да ги предвиди можните сценарија, да направи проценка на заканите, и во некои случаи, да достави информации за однесувањето на определени актери во спроведувањето на безбедносно релевантни меѓународни договори.

Во рамките на ЕУ, Заедничкиот ситуационен центар (Joint Situation centre – SITCEN), сместен во рамките на Генералниот секретаријат, произведува надворешно разузнавање. Во почетокоот СИТЦЕН беше формиран од преставницоиу од ИНТДИВ и Единицата за политичко планирање и рано предупредување (Policy Planning and Early Warning Unit – PPEWU) кои имаа задача да изготвуваат дневни извештаи за состојбите, како и заклучоци од пишувањето на печатот за моменталната состојба во светот. Во последните години амбициите на Центарот се зголемени, па така тој почна да изготвува дневни извештаи за проценка на состојбите во различни региони како и проценки на заканите за распоредените капацитети на ЕУ во рамки на ЕСДП.

Денес, СИТЦЕН добива разузнавачки информации од ЕУМС, како и директно од некои национални разузнавачки агенции преку персоналот кои е ангажиран во неговата работа. Понатаму СИТЦЕН добива дипломатски извештаи и други „неагенциски" информации. Тој е на листата на субјекти кои примаат дневни извештаи од Комисијата и од специјалните преставници на Унијата. Понекогаш, и министрите за надворешни работи доставуваат одредени извештаи до Центарот. Како резултат на сето ова, Центарот стана место каде што различни видови национални разузнавачки информации се синтетизираат во генерални процени за состојбите и се создаваат надворешно разузнавачки информации.

[12] За подетален опис на односот и разликите помеѓу дипломатијата и разузнавањето види кај: Michael Herman, "Diplomaqcy and Intelligence", Diplomacy&Statecraft, vol. 9, no. 2, July 1998, pp. 1-22 (5).

СИТЦЕН ги доставува своите извештаи до Политичкиот и безбедносен комитет (Political and Security Committee – PSC) и високиот претставник, EUMS, EUMC и PPEWU. Државите членки и Генералниот директорат за надворешни работи (Directorate-General External Relations – DG RELEX) на Комисијата можат да ги добиваат информациите од СИТЦЕН преку ПСЦ. Оттука, DG RELEX, врз основа на разузнавачките извештаи може да ги советува и другите тела во рамките на Комисијата, кои за тоа имаат потреба.

За разлика од другите организациони единици на Генералниот секретаријат, СИТЦЕН не е формиран врз основа на одлука на Советот туку на иницијатива на високиот претставник. Оттука, доделувањето на задачи и контролата како тие се извршуваат е во надлежност на високиот претставник. Генерални насоки се даваат со „Листата за набљудување" (Watchlist"), договорена помеѓу СИТЦЕН и DG RELEX врз основа на „глобалниот преглед" кој го дефинира Советот на секои шест месеци. Тој се состои од околу 25 до 30 географски подрачја во светот каде што е можно да се појават кризи и кои има потреба да се набљудуваат. Поради ограничувачките аналитички ресурси, СИТЦЕН треба понатаму сам да си ги одреди приоритетите, кога до врши набљудувањето и да прави процени за некои од географските подрачја дадени во листата за набљудување. Три параметри се од пресудно значење при донесувањето на одлуката. Прво, високиот претставник му дава задачи на Центарот да подготвува извештаи по временски редослед за подрачјата кои тој планира да ги посети. Второ, ПСЦ може да бара разузнавачка поддршка. Последно, СИТЦЕН ги насочува своите активности согласно случувањата и подготвува извештаи на своја иницијатива. Сепак, треба да се напомене дека капацитетот на СИТЦЕН е ограничен и тој не може да ја испорача потребната разузнавачка поддршка на сите институции на ЕУ.

Покрај овие задачи, од Центарот може да се бара да го набљудува спроведувањето на некои меѓународни договори, особено од делот за непролиферација. Многу меѓународни договори имаат непосредна врска со безбедноста (на пример, Ковенцијата за противпешадиски мини) чие спроведување најдобро се контролара со разузнавачка поддршка од надлежните служби. Оваа проблематика ЕУ ја смета за многу значајна и затоа и посветува соодветно внимание. Посебно, поради фактот што терористите се повеќе тргуваат со оружјето за масовно уништување, а неговото набљудување влегува во рамките каде што е ЦФСП и каде што функционира СИТЦЕН.

**Наместо заклучок**

Генерално може да заклучиме дека има неколку подрачја во делувањето на ЕУ каде што се јавуваат проблеми во обезбедувањето на соодветна разузнавачка поддршка. Прво, тоа се капацитетите за собирање на разузнавачки информации. Овој сериозен недостиг

ги ограничува капацитетите на ЕУ да ја обезбедат потребната разузнавачка поддршка за сите полиња на активности на ЕУ. Второ, во делот на цивилната заштита и хуманитарната помош Комисијата наместо да биде примарно корисник на разузнавачки информации, таа се јавува во улога на собирач на разузнавачки материјал. Трето, поради сè поголемите барања насочени кон СИТЦЕН да обезбеди соодветна разузнавачка поддршка потребно е да се зголемат неговите капацитети. Последено, на ЕУ ѝ недостасуваат капацитети кои ќе го верификуваат почитувањето на меѓународните договори со кои се ограничува вооружувањето, што е една од компонентите во имплеменатацијата на ЦФСП.

Во овој момент ЕУ нема извршни одговорности за справување со новите закани по безбедноста без оглед дали се работи за закани во или надвор од зоната на Унијата. Поради тоа, националните разузнавачки авторитети се повеќе зависни од меѓуагенциската разузнавачка соработка, отколку што се тоа телата на Унијата. Секако дека ЕУ има потреба од разузнавачка поддршка за акциите кои ги презема. Меѓутоа, во овој момент единствено тело кое може да и обезбеди прецизни разузнавачки информации од доменот на надворешната политика е СИТЦЕН. Европол е природно повеќе заинтересиран за криминалистичкото и контраразузнавањето во исполнувањето на поставените задачи. Но, за разлика од СИТЦЕН, ниту една од функциите кои и се пренесени на ЕУ не е зависна, единствено, од разузнавачката поддршка од Европол. Корисник на информациите од Европол се националните агенции за спроведување на законот.

Основното прашање кое се поставува кога се зборува за обликувањето на Европската разузнавачка заедница и дали е потребно формирање на нови разузнавачки агенции на европско рамниште или е потребна засилена соработка помеѓу постоечките национални агенции. Постојат два основни модела за меѓугранична соработка. Едниот е градење на систем на вертикална подреденост а другиот се однесува на подобрување на хоризонталната координација.[13] Како што видовме во оваа анализа европските структури во овој момент ги применуваат обете форми на соработка.

Кој од овие два модели е поадекватен за ЕУ? Наједноставниот одговор на ова прашање може да се даде ако се разјаснат две работи. Прво, дали новосоздаденото „европско централно тело" ќе произведува нешто што на национално рамниште не се произведува. Односно, дали одговорностите за произведување на одредена форма на разузнавачки материјал ќе биде трансферирана на европско рамниште. Ако некој од овие услови не е исполнет, тогаш вертикалната координацоја ќе биде нецелисходна. Националните агенци нема да бидат заинтересирани да го хранат со разузнавачки информации некое европско тело, ако тоа не исполни барем еден од наведените критериуми.

Оттука, во сегашната состојба активностите според Бјорн Милер-Виле[14] треба да се одвиваат во две насоки, од една страна со зајакнување на капацитетите на СИТЦЕН и

[13] Вертикалната хиерархија подразбира формирање на европско тело кое што ќе може да изготвува сопствени процени на заканите и преку кое разузнавачките информации од националните агенции ќе бидат процесуирани. Наспроти тоа, хоризонталната координација подразбира создавање мрежа преку која националните агенции ќе остваруваат директни билатерални и мултилатерални контакти и ќе разменуваат разузнавачки информации една со друга. Хоризонталлната соработка не подразбира формирање на европско централно тело.

[14] Björn Müller-Ville, *For our eyes only? Shaping an intelligence community wthin the EU*, Occasional Papers no. 50, Institute for Security Studies, January 2004, pp. 15-19.

проширување на компетенциите на Европол (тој би требало да ја преземе разузнувачката функција за меѓународните полициски мисии). Од друга страна треба да биде воспоставена Европска разузнавачка кумуникациска мрежа (European intelligence communication network) која ќе ги поврзува сите разузнавачки агенции на ЕУ со единствена личност за контакт во секоја држава-членка. Идеално решение би било секоја држава да назначи „висок национален авторитет за разузнавање („National High Authority of Intelligence")[15] или да се оствари директна врска со националните агенции. Преку централните личност за контакт ќе се овозможи и размена на разузнавачки информации со трети страни. На овој начин, Милер-Виле смета, не би се одело на штета на веќе воспоставени релации во разузнавачката соработка туку попрво би требало да дојде до олеснување на вака воспоставената соработка и да се поедностави иницирањето на размената со новите партнерски агенции.

Во секој случај европските безбедносни политики нема да бидат унапредени преку спојувањето на постојните разузнавачки агенции на ЕУ или со трансферот на одговорностите за создавање на разузнавачки информации од национално на европско рамниште. Она што и е потребно на ЕУ во овој момент е зајакнување на разузнувачките агенции кои ги има Унијата, како и поголема соработка помеѓу националните агенции.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Jeffrey Richelson, A Century of Spies: Intelligence in the XX Century, Oxford University Press, Oxford, 1995.
2. International Crisis Group, EU crisis Response Capability: Institutions and Processes forConflict Prevention and Management, Brussels,2001
3. Phillip Knightley, The Second Oldest Profession: Spies and Spying in the Twentieth Century, W.W. Norton, New York, 1998.
4. Hans-Cristian Hagman, "European Crisis Management and Defence: The search for Capabilities", in Adelphi Paper 353, 2002.
5. Michael Herman, "Diplomaqcy and Intelligence", Diplomacy&Statecraft, vol. 9, no. 2, July 1998.
6. Björn Müller-Ville, For our eyes only? Shaping an intelligence community wthin the EU, Occasional Papers no. 50, Institute for Security Studies, January 2004.


[15] Овој национален авторитет би требало да изврши координација на националните разузнавачки служби во матичните држави.

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ВОЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА СО ПРИМЕНА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА НА КОМПЈУТЕРСКИ ИГРИ

**Славко АНГЕЛЕВСКИ**
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје

**Апстракт:** *Во трудот е даден преглед на користењето на технологијата на игри во рамките на военото образование и обука. Постои долга историја на користење на игрите во војската, почнувајќи од песочни табли до современите компјутерски игри. Користењето компјутери за изведување воени игри може значително да го подобри квалитетот на истите. Согледана е методологијата за учење и обука со помош на воени игри. Воените сили ширум светот почнаа со прилагодување на технологијата на компјутерски игри како економично и робустно средство за тактичка воена обука. Денес сериозните игри се алтка што може да го подигне квалитетот на военото образование и обука.*

**Клучни зборови:** *воени игри, моделирање и симулации, образование, обука, компјуетрски игри, сериозни игри.*

# IMPROVEMENT OF MILITARY EDUCATION AND TRAINING WITH IMPLEMENATION OF COMPUTER GAMING TECHNOLOGY

**Abstract:** *This paper gives an overview of use of gamming technology in military education and training. There is a long history of using games in the military, starting from sand tables to modern computer games. Using computers for conducting war games can improve a lot their quality. Methodology for learning and training with war games is considered. Military forces around the world begin to adopt computer gaming technology as an apparently cost effective and robust means for military tactical training. Today, serious games are tool that can improve the quality of military education and training.*

**Key words:** *war games, modeling and simulation, education, training, computer gaming, serious games.*

## Вовед

Воените лидери често се наоѓаат во ситуација да донесуваат значајни и одговорни одлуки и да ги спроведуваат истите во практиката. Различните ситуации што треба да се разрешат со донесување и спроведување на некоја значајна одлука во услови на воени дејства, а за потребите на обуката во мирновремени услови, можат да се генерираат по пат на воени игри. На ваков начин, преку проигрување и извежбување, можат да се идентификуваат најверојатните клучни фактори што можат да доведат до успех во воениот конфликт. Воените игри се користат како метод за поддршка на обуката на команданди на воените единици и членови на нивни штабови, при што се креираат конкретни ситуации за чие разрешување треба да се донесе решителна одлука и да се согледаат консеквенците од нејзиното извршување.

Војската од секогаш ги користела воените игри за обука, тактички анализи и подготовка на воени мисии. Секоја од генерациите воени стратези морала да се соочува со јавното мнение околу тоа како игри се користат за нешто така сериозно како што е планирањето на борбени дејства во кои се ризикуваат човечки животи. Во 21-от век ова прашање повторно се отвора во врска со широкото користење на компјутерските игри, позајмени од индустријата за забава, во рамките на воеското образование и обука.[1]

Денес, во современите армии, пред се на земјите-членки на НАТО, во тек се различни студии што имаат за цел да ја согледаат можноста за примена на софтверски пакети базирани на технологијата на компјутерски видео-игри во воеското образование и обука, а со цел да се намалат трошоците и истовремено да се подигне неговиот квалитет. Се работи за апликациите што терминолошки се нарекуваат сериозни игри (*Serious Games*), а во суштина се работи за компјутерски, или видео, игри што се користат во воени цели, пред се за обука, образование, визуелизација, експериментирање и слично.[2]

НАТО-групата за моделирање и симулации (*NATO M&S Group - NMSG*) веќе има започнато со изработка на студија во рамките на која се обработува индустријата на компјутерски видео игри, со цел да се стекнат знаења и да се изнајде најсоодветниот начин за искористување на потенцијалот на комерцијалните компјутерски игри во воени цели. Во оваа насока одржани се серија работилници на оваа тема и воспоставена е работна група (*Task Group MSG - 051*) со задача да ги проучи заедничките потреби и најдобрата практика за искористување на потенцијалот на комерцијалните технологии од доменот на компјутерските видео игри.[3] Истовремено, голем број НАТО и партнерски земји веќе интензивно работат на искористување на предностите што ги нуди технологијата од доменот на компјутерските игри и имплементација во рамките на решенија во воената обука и образование што ги нудат комерцијалните и сериозните игри.

---

[1] Види пошироко во: Smith, R (2005). "**The long history of gaming in military training**", SIMULATION & GAMING, 40-th Anniversary Issue.

[2] Paul, R. Brown, D. (2008) **"Games – Just How Serious Are They?"**, Interservice/Industry Training, Simulation, and Education Conference (I/ITSEC).

[3] Smith, R. (2006). **"Technology disruption in the simulation industry".** Journal of Defense Modeling and Simulation, 3(1), pp. 3-10.

## Основни поими и дефиниции

Редуцирана на нејзината формална суштина, *играта* претставува активност помеѓу два или повеќе независни одлучувачи кои се трудат да ги постигнат своите цели во одреден дефиниран контекст. Во рамките на одредена поконвенционална дефиниција би можело да се каже дека играта е контекст со одредени правила во кој противниците настојуваат да ги постигнат целите. Овде може да се воведе поимот *сериозни игри* во смисла дека ваквите игри имаат експлицитна и внимателно замислена едукативна намена и притоа истите не се наменети како игри заради забава.[4]

Може да се даде серија дефиниции, кои во својата суштина ја имаат употребата на компјутерите како средство за реализација на играта. *Играта* претставува физички или ментален контекст, изведен според специфични правила, а со цел да се овозможи забава или наградување на учесниците. *Видеоигра* претставува ментален контекст, игра на компјутер во согласност со специфични правила за забава, рекреација или постигнување на чувство за победа и добивање награди. *Сериозна игра* претставува ментален контекст, игран на компјутер во согласност со специфични правила, при што забавата се користи за понатамошна обука, едукација, истражувања во медицината и постигнување стратешки комуникациски цели, а со цел остварување на одредени владини или корпоративни интереси.[5] Сериозните игри се дизајнираат со цел да се овозможи едукација и во нивната основа содржани се одредени педагошки знаења.

Значењето на игрите денес, може да се илустрира преку мислата на Џулијан Дибел (*Julian Dibbell*): „Играта во 21-от век претствува исто што претставуваше пареата во 19-от век - моќ што може да се искористи за социјална и економска добробит".[6]

## Историја на употребата на воени игри во обуката на воените лидери

Историјата на употребата на воените игри, а во нивни рамки и моделирањето и симулациите на сложени конфликтни процеси, во воени цели, има длабоки корени. Воените игри како метод за обука на воените лидери се споменуваат од почетокот на пишаната историја. Од кога се памети, чове-

[4] Види пошироко во: Abt, C. (1970). **Serious Games**. New York: The Viking Press.

[5] Види пошироко во: Zida, M. (2005). "**From visual simulation to virtual reality to games**". IEE Copmuter.

[6] Julijan Dibell. (2006). **Play Money: or how I quit my day job and struck it rich in virtual loot farming**. Basic Books.

кот настојувал да ја подобри својата способност за справување со критични ситуации. Еден од начините да го направи тоа бил обидот да се стави себеси во вештачки креирана ситуација слична на онаа со која сакал да се справи. На ваков начин, бил во состојба да се обучи за преземање на одредени постапки и активности, како и да врши експериментирање и анализа на последиците од преземените акции. Во рамките на ваквите настојувања, конструирани се помалку или повеќе сложени модели со помош на кои се објаснувани комплексните феномени што влијаат врз ваквите процеси.

Воените игри имаат долга историја и се појавуваат во најразлични форми во текот на целокупното човеково постоење, притоа менувајќи го текот на историјата, директно или индиректно. Почетоците на примената на воените игри датираат од 3000 години пред нашата ера во Кина, кога познатиот војсководец и најстариот познат филозоф од областа на војсководството Сун Цу (*Sun Tzu*), ја има креирано првата позната воена игра.[7] Раните форми на играта гшахг во Кина и Индија, во периодот околу 500 години пред нашата ера, претставувале првиот познат пример на моделирање на борбени дејства, или форма на воена игра базира врз стриктни правила. Во понатамошниот тек на историјата, воени команданти се обидувале да ги визуелизираат можните начини на одвивање на воените акции со користење на камења и едноставни модели на теренот направени од песок или глина. Примери на користење на песочни табли со репликации на луѓе, единици и воена опрема користеле Римските војсководци во 30 година во нашата ера.

За прва форма на модерни воени игри може да се сметаат оние што се практикувале во Прусија околу 1811 година. Во тој период, баронот Вон Реисвитс (*Von Reisswitz*), цивилен воен советник на Прускиот двор, ја промовира играта наречена Креигшпил (*Kreigsspeil*, или преведено од германски „воена игра“). Играта оригинално е играна на табли покриени со песок и со користење на дрвени фигури за репрезентација на различните воени единици. Правилата го покривале движењето и ефектите на теренот, а исходот на играта бил разрешуван со користење на табела за преглед на надмоќноста и шансите за успех. Пруските воени игри понатака се усовршувани, така што во подоцнежниот период се изведувале на топографска карта и имале обемни и точно утврдени правила за теренот, логистиката, отворањето оган, маршириањето, транспортот и слично. Ваквите воени игри биле понатака развивани и од 1824 година концептот за употреба на воени игри за обука на воените команданти бил воведен во официјална употреба во пруската војска.[8]

[7] Види пошироко во: Farmer, E., J. van Rooij, Riemersman, J., Jorna, P., Morral, J. (1999), **Handbook of Simulator-Based Training**, Ashgate Publishing Ltd., Vermount, USA.

[8] Види пошироко во: James F. Dunningan (2000), **Wargames Handbook – How to Play and Design Comercial and Professional Wargames**, Writers Club Press, New York, USA.

Понатамошниот развој на воените игри дошол до одреден застој, бидејќи правилата кои притоа се користеле станале премногу обемни и комплицирани. Како последица на ова се појавуваат таканаречените „слободни воени игри“ во кои е користена топографска карта и само одреден дел од правилата на оригиналните воени игри. Точно утврдените и обемни правила биле заменети со контролори на воената игра, во чија улога најчесто се поставувале искусни воени ветерани, кои ги анализирале и оценувале последиците од донесените одлуки и преземените акции во текот на играта.

Во текот на двете светски војни повеќето од земјите учеснички во воените судири го користеле методот на воени игри за обука и поддршка на процесот на донесување одлуки за ангажирање на силите во воените акции. На пример, Германците со помош на воени игри разработувале различни сценарија за изведување на инвазијата на Данска и Норвешка во 1940 година.[9]

Се до шеесеттите години на минатиот век „слободните игри“ доминираат во обуката на воените старешини во повеќето светски армии, додека таканаречените „стриктни игри“ во кои доминираат обемни и комплицирани правила доживуваат назадување во нивниот развој. Пресврт на овај план е направен со воведувањето на компјутери во воените игри, со што е овозможено да се креира конзистентна и стимулирачка средина за изведување на воените игри, што порано е постигнувано со помош на комплексните правила за играта. Компјутерите го поедноставуваат пресметувањето и користењето на големиот број податоци за изградба на комплексни модели со кои се симулира текот на борените дејства. Развојот на компјутерите, заедно со развојот на бази на податоци и средства за анализа, ги враќа во употреба „стриктните воени игри“, меѓутоа сега во форма на компјутерски поддржувани воени вежби/игри. Во текот на Заливската војна во голема мерка се користени компјутерски поддржувани воени игри и со нивна помош се тестирани различни оперативни решенија за преземање воени акции.

Во текот на дваесеттиот век се одвива еволуција на воените игри, во рамките на која се користат придобивките на современите технологии и се применуваат научни апликации од доменот на современи техники, како што се: операциони испитувања, аналитичка теорија на игри, Монте Карло-методи, математичко моделирање, системски анализи и слично. Најзначајна е примената на компјутери и изградбата на сложени математички модели

---

[9] Види пошироко во: Bermard, P. Z., Herbert, P., Tag Gon Kim (2000), **Theory of Modeling and Simulation – Integrating Discrete Event and Continuous Complex Dynamic Systems**, Second Edition, Acsdemic Pres, San Diego, CA, USA.

за поддршка на воените игри. Развојот на компјутерските алатки и нивната примена во процесот за донесување одлуки има направено напредок подеднаков на онај што го имаше изумувањето на компјутерот на крајот од Втората светска војна.[10]

Развојот на технологијата на изведување на воените игри, освен врз различни области на цивилниот и воениот сектор, влијае и на информатичката револуција. Од традиционалните пруски воени игри до современите компјутерски поддржувани воени вежби постигнат е голем напредок во технологијата и методологијата за изведување на воени игри со цел да се врши ефикасна и економична обука на воените лидери во мирновремени услови.

**Примена на компјутери во воените игри**

Традиционалните воени игри (штабни воени вежби) за обука на високите командни нивоа се организираат така што се поставува однапред определен развој на настани (*course of events*) и само по потреба се применуваат некои дополнителни алтернативни случувања. Во согласност со однапред предвидениот развој на настаните, во пишана форма, се вметнуваат (инјектираат) одредени настани, односно мала количина на информации во согласност со сценариото, со цел да се стимулираат активноси во текот на изведувањето на вежбата.

Главен недостаток на традиционалните воени игри претставува незадоволната динамика при развојот на настаните во текот на вежбата. Мерките и акциите што ги преземаат учесниците во текот на вежбата можат само незначително да влијаат врз текот на настаните бидејќи во спротивно, вметнувањето (инјектирање) на однапред подготвените случки, што треба да ја стимулираат работата во текот на вежбата, ја губат смислата и релевантноста. Друг дополнителен проблем претставува фактот што методот на работа бара ангажирање на голем број луѓе (играчи на одредени улоги) со цел да се генерираат настаните што треба да се вметнат во текот на вежбата во согласност со сценариото. Исто така подготовката на вежбата е долготрајна и бара многу работа.[11]

Компјутерски поддржуваните воени игри (вежби) претставуваат метод за обука и извежбување базиран врз користењето на компјутерски симулациски модели, така дизајнирани да овозможат ставање на воените лидери

---

[10] Vraikov, N. (1999), *"***The Computer Aided Exercises – An alternative of the Conventional Exercises in the Armed Forces***",* Information & Security Volume 3, pp. 119-131.

[11] Види пошироко во: Swedish Defence Wargaming Centre, **Command and Control Game**, достапно на www.fksc.mil.se/article.phd?id=5400.

во реалистичко и стресно опкружување со цел да се стимулира процесот за донесување одлуки, штабната интеракција и координација во рамките на процесот за командување и контрола. Ваквата генеричка дефиниција ги нагласува клучните елементи што ги сочинуваат компјутерски поддржуваните воени игри (вежби) и улогата на компјутерите во нивните рамки:[12]

Прво, тие претставуваат креирање на симулациско (виртуелно) опкружување што го стимулира човечкиот процес за донесување одлуки. Компјутерите се користат за симулација на силите и нивната интеракција, како и за презентација на релевантните информации на учесниците во вежбата.

Второ, поддршката (асистенцијата) што ја нудат компјутерите може да се разгледува на неколку начини. Компјутеризираните борбени симулации се користат во фазата на подготовка на вежбата за конструкција и прилагодување на основното сценарио на вежбата. Во текот на фазата на реализација на вежбата, компјутерите се користат за симулирање на елементите во рамките на вежбата што не се проигруваат од страна на вистински луѓе и каде на се користи вистинска опрема, како и да им овозможат на контролорите на вежбата да ги надгледуваат настаните и случувањата и по потреба да иницираат корективни акции. На крајот на вежбата, компјутерите се користат како поддршка во процесот на анализа.

Трето, компјутерите се користат за креирање на врска, или транслација, помеѓу информациите и базите на податоци што го креираат симулациското опкружување, како и помеѓу информациите и базите на податоци што ги користи реалниот систем за раководење и командување;

Четврто, во рамките на компјутерски поддржуваните воени игри вклучени се два аспекта - едукација и обука. За обука, типичната аудиенција може да ја сочинуваат мали штабни групи што се фокусирани на специфични функционални области. За извежбување, вообичаено постои поширок круг на учесници и фокусот се насочува кон функционалноста на главните организациски структури. Клучен интерес во вториот случај, претставува активирање на раководните и командните структури за справување со кризи и воени сценарија.

Примената на компјутерите за поддршка на воените игри овозможува, во случај ако истите правилно се користат, да се надминат претходно наведените недостатоци, а исто така и да се подигне општото ниво на квалитетот на класичните воени игри.

[12] Coppieters, D (December 2002), **Military Operational Requirements for Computer Assisted eXercises (CAX) in NATO**, Paper presented at the RTO SAS Lecture Series on "Simulation of and for Decision Making", held in Hague, The Netherlands, and published in RTO-EN-017.

Со развојот на информатичките технологии, компјутерите денес се толку моќни што овозможуваат целокупната воена игра да се трансформира во дигитална програма. На ваков начин се елиминира голем дел од мануелната работа за поместување на различни симболи на топографските карти, предвидување на резулатите од дејствата и калкулирање на податоци за анализа. Играчите се сконцентрирани само на тактичките потези и нивото на комплексност за работа со тастатурата на компјутерот. Ова овозможува зголемување на флексибилноста и подигање на нивото на комлексноста на вежбата. Ширината на географскиот простор, бројот на иконите и комплексноста на алгоритмите веќе не претставуваат ограничувачки фактор, за разлика од минатото кога работите се решавале со молив, хартија и калкулатор.[13]

На почетокот, дигиталните воени игри претставувале едноставна конверзија во компјутерска програма на веќе постојните изведувани на хартија. Било потребно одредено време дизајнерите и програмерите да го откријат потенцијалот на новите сметачки машини и да развијат покомплексни математички и логички алгоритми. Истовремено, овозможено е и дистрибуирано изведување на воените игри каде играчите се семестени во различни простории, или се наоѓале на различни географски локации.

Денес, персоналните компјутери и нивните графички картички претставуваат солидна платформа за поддршка на игри наменети за забава, воена обука, медицинска едукација и глобална комуникација. Воените симулациски софтверски пакети, како на пример Симулациска мрежа (*Simulator Networking - SIMNET*) и Модуларни полуавтоматски сили (*Modular Semi-automated Forces - ModSAF*), и покрај тоа што беа развивани за чисто воена примена, овозможија искористување на истражувањата за развој на графичките алатки направени во академски лаборатории да бидат комерцијализирани од страна на некои компании. Истовремено, компјутерски игри создадени за забава, како на пример *STEEL PANTERS* и *CLOSE COMBAT*, почнаа да се прилагодуваат и користат во воената обука.[14]

Низ декадите на долга еволуција луѓето сè уште се загрижени за прилагодувањето на компјутерските игри, што се првенствено наменети за забава, со цел да се овозможи нивна примена во военото образование и обука. Основна причина за загриженост е фактот дека овие игри и покрај

[13] Види пошироко во: Smith, R (2005). "**The long history of gaming in military training**", SIMULATION & GAMING, 40-th Anniversary Issue.

[14] Види пошироко во: Paul, R. Brown, D. (2008) **"Games – Just How Serious Are They?"**, Interservice/ Industry Training, Simulation, and Education Conference (I/ITSEC)

тоа што се визуелно атрактивни, сепак не нудат високо ниво и прецизна репрезентација на активностите што се случуваат на бојното поле. Слична загриженост се појавува и во други подрачја што прилагодуваат технологии првенствено развиени за друга намена. На пример, во областа на медицинската едукација направени се голем број студии со цел да се согледа дали симулациите од различен вид можат да обезбедат подобра обука од традиционалните форми на показна настава. Во поголемиот број случаи е дојдено до заклучок дека овие нови алатки за обука се есенцијални за развивање на покомплексни вештини, што се потребни за изведување на најсовремените методи за изведување операции во кои се користи модерна хирушка опрема.[15]

**Методологија на учење и обука со помош на воени игри**

Концептот на военото обрзование и обука вклучува три различни фази за усвојување на знаењата што се применуваат на групи и поединци, а тоа се: инструирање (како форма на учење), обука и извежбување. *Инструирањето* се однесува на првично усвојување знаења и вештини од страна на поединци или групи. После инструирањето следи *обуката*, нејзина цел е да го подобри однесувањето (начинот на кој се извршуваат задачите) на поединците и групите во примената на нивните новоусвоени знаења и вештини. *Извежбувањето* се изведува после добро извршената обука, може да се користи за одржување на нивото на стекнатите вештини во текот на инструирањето и обуката, овозможува тимовите и индивидуалците да го генерализираат постигнатото знаење преку нивно ставање во различни видови ситуации согласно со одредено сценарио и развој на знаења поврзани со условите во кои најдобро можат да се користат специфичните вештини.[16]

Во процесот на прогресија, од инструирање до извежбување, опкружувањето што се користи за остварување на трансферот на знаење станува многу покомплексно и разбирањето поврзано со користењето на трансферираното знаење се зголемува во тимот или индивидуата. Поради тоа, опкружувањата во кои се изведува извежбувањето се многу комплексни и се јавува потреба за формални репрезентации, што вообичаено најмногу му одговараат на процесот на автоматизација и користење на компјутерски потпомогнато учење.

[15] Lane, J.L.; Slavin, S.; and Ziv, A. (June, 2001). **Simulation in medical education**: A Review. *Simulation & Gaming*, 32(297).

[16] Види пошироко во: Coppieters, D (December 2002), **Military Operational Requirements for Computer Assisted eXercises (CAX) in NATO**, Paper presented at the RTO SAS Lecture Series on “Simulation of and for Decision Making”, held in Hague, The Netherlands, and published in RTO-EN-017.

Развојот на современите технологии, посебно информатичките, ни дава за право да кажеме дека денес се наоѓаме во ерата на дигиталното учење, при што во тек е трансформација на учењето од пасивно кон интерактивно. Новите компјутерски-базирани алатки, посебно мултимедијалните, го прават надежен новиот модел на учење базиран на откритија и учество. Компјутерски потпомогнатото учење (*Computer Assisted Learning - CAL*) е нераскинливо поврзано со развојот на теориите за учење и е резулат на новите трендови во образовната технологија и самиот развој на информатичката технологија.

Примената на компјутерите во процесот на учење ја промовираат мултимедијата како средина во која се одвива учењето. Целта е да се задлабочи, односно потполно да се вовлече корисникот во средината за учење. Постојат три пристапа за остварување на оваа цел: симулација, игри и виртуелна реалност.[17] Преку *симулацијата* учесникот може да се здобие со вештини и знаења преку лажното искуство овозможено со помош на делување во симулирана средина. Симулациите можат да се користат за да поддржат лажно искуство во вистинити или имагинарни светови. Притоа се користат техниките на набљудување, истражување или активност базирана врз извршување одредена задача. *Игрите* го усовршуваат имагинативниот ангажман и нудат задоволство во учењето. Компјутерските игри се дел од популарната култура на голем дел од младите генерации, поради што се атрактивни и мотивирачки. *Виртуалната реалност* е најмоќното раширување на системите базирани на симулација, при што субјектот е внатре во самата симулација. Целта е да се креира илузија за задлабочување во еден различен сензорен свет и на тој начин да се стимулира учењето. Компјутерските игри нудат своевиден спој на овие три техники, во нив е содржана симулација, игра и креирање на виртуелна реалност.

Образованието и обуката со помош на воени игри се разликува во однос на класичните форми на учење. Оваа метода претставува замена за вообичаените традиционални форми на едукација, опфатени со теориите на бихевиоризмот. Воените игри, односно проигрувањето, се користат за стекнување на одредени знаења и вештини, што во суштина претставува проблемски-ориентирано учење и се разликува во однос на вообичаеното тематски-ориентирано учење. Овде се работи за обука преку поставување на проблеми со кои оние што се обучуваат треба да се соочат и да ги решат, што е суштинско за конструктивистичките теории на учење. Со помош на

[17] Види поширoко во: Hand, C. (1996), **Other faces of virtual reality**, In P. Brusilowsky, P. Kommers and N. Streitz (eds), Multimedia, hypermedia, and virtual reality, LNCS 1077, Springer.

проигрувањето се врши обука со цел да се зголеми разбирањето и подобрат вештините за совладување на широк опсег комплексни активности.[18]

Услов за успех на обуката преку изведување на воени игри е учесниците што се обучуваат да имаат позитивен став во однос на ваквата форма на учење и да се подготвени (да имаат волја и желба) понатака да го подобрат нивниот начин на работа со цел да се оспособат за извршување на нови задачи. Нивната посветеност и волја за учество во играта е неопходна и мора да постои желба за понатамошно развивање на нивните способности и знаења.

Воените игри како метод за обука се засновани врз концептот на стекнување знаења преку искуство (*experience-based learning concept*). Ова подразбира дека учесниците во играта што се обучуваат треба да покажат креативност, независност, адаптивност и разбирање. Ваквиод метод на обука започнува со креирање на ситуација или случка, а притоа самото учество во играта значи соживување со дадената (вештачки креирана) ситуација и стекнување на искуства преку играње на одредена улога во разрешувањето на дадената ситуација. Ова е проследено со евалуација и акумулирање на знаење. Интуитивното разбирање расте преку стекнатото искуство и евалуација, учесникот во играта треба да го искуси чувството на задоволство при добро извршената улога, односно донесување на исправни одлуки во справувањето со дадениот проблем.[19]

Воените игри нудат можност да се проигруваат потполно нови ситуации што се разликуваат од денешната „реалност“. Новите ситуации им овозможуваат на учесниците во играта да се обучат како да реагираат на неочекувани ситуации, а исто така и како да работат во различни организациони целини (нови должности во други единици). Искуството стекнато преку учеството во воена игра на одреден начин се разликува од „реално“ стекнатото искуство (така на пример: искусување на ситуација кога вашиот живот е вистински загрозен не може да се обезбеди преку учество во воена игра).

Секако дека постојат одредени недостатоци при изведување обука со помош на воени игри. Основниот ризик е од погрешно учење, а се јавува кога учесниците во играта повеќекратно се ставаат во ситуација неправилно да ги согледуваат резултатите од преземена акција, или донесена одлука. Како пример за ова може да се наведе ситуација кога во симулацискиот модел е претпоставена преголема веројатност на погодување или уништување при

[18] Види пошироко во: Millwood, R.. Mladenova, G. (1994), **Educational multimedia: how to allow for cultural factors**, In P. Brusilowsky, P. Kommers and N. Streitz (eds), Multimedia, hypermedia, and virtual reality, LNCS 1077, Springer.

[19] Orbic, J., Lockart, J. (2001), **Role-players and Role-playing in Constructive Simulations,** AECT Conference 2001, Presentation Number 3405-A.

дејство од одреден систем на вооружување. Ваквата грешка може да доведе до ситуација оние што се обучуваат да стекнат погрешни сознанија, а ова може да доведе до неправилна употреба на нивните единици и системите на вооружување во реална ситуација при изведување на борбени дејства. Поради ова, треба да постои голема одговорност на оние што ги одредуваат правилата за изведување на играта. Треба да се користат реални проценки и правилно да се користи методот за обука имајќи ги предвид објективните недостатоци.[20]

## Можности за приемена на компјутрските игри во воеnото образование и обука

Основните предности што ги нуди примената на компјутерските игри во рамките на воеnото образование и обука се однесуваат на нивната ниска цена во однос на софтверските пакети што се дизајнирани за чисто воена обука, едноставната инсталација и користење, флексибилноста и можноста за едноставни модификации, Исто така ова се доли и на лесната достапност на хардверот и софтверот потребни за нивно користење, бидејќи се работи за комерцијална технологија што нема посебни ограничувања. Самиот софтвер на современите компјутерски игри и современата компјутерска графика нуди можност за детална репрезентација на теренот, вооружувањето, војниците и другите елементи на бојното поле, со што се создава менталната слика за борбените дејства. Сепак, верноста на приказот е само на ниво доволно да предизвика соодветна реакција кај корисникот - играчот, односно понекогаш не нуди висока верност и некои функции и алгоритми содржат одреден ниво на поедноставување на работите во однос на реалните.

Искуствата на корисниците на компјутерските игри, односно сериозните игри, во рамките на воеnото образование и обука укажуваат дека неговата примена дава добри резулати за подобрување во области како што се:[21]

– извежбување на различни борбени постапки, како на пример: реакција на контакт, борбени дејства на оделение/вод во напад или одбрана и слично;

– обука за мисии за обезбедување на конвои;

– извежбување на тактики, техники и процедури во форма на тимска работа;

– воспоставување на контролни точки и контрола на простор;

– постапки за справување со импровизирани експлозивни направи;

[20] Види пошироко во: Farmer, E., J. van Rooij, Riemersman, J., Jorna, P., Morral, J. (1999), **Handbook of Simulator-Based Training**, Ashgate Publishing Ltd., Vermount, USA.

21 Пошироко види во: Paul, R. Brown, D. (2008) **“Games – Just How Serious Are They?”**, Interservice/ Industry Training, Simulation, and Education Conference (I/ITSEC).

– тактичко обезбедување;
– планирање и извежбување на мисии (борбени и неборбени);
– патролирање (од борбени возила или пешки);
– огнена поддршка (артилериска, минофрлачка, воздухопловна);
– употреба на беспилотни летала;
– визуелизација на бојното поле;
– согледување на тактичка ситуација
– заштита и спасување и слично.

Примената на компјутерските игри може да се гледа и во контекст на поддршката на напредното дистрибуирано учење (*Advanced Distributed Learning – ADL*), или учење на далечина. Причина за ова е што на ваквиот метод на учење му недостасува интерактивност, изградба на тимови, тимска работа и извежбување во процесот на донесување одлуки. Технологиите на компјутерски игри можат да ја пополнат празнината помеѓу *ADL* и постојните скапи софтверски пакети за симулациска поддршка на воената обука, што се развивани исклучиво за таква намена.

Современите софтверски пакети што ги поддржуваат компјутерските игри можат да се користат за обука во комбинирано (мултинационално) и здружено опкружување, при што посебно се погодни при изведување мисии со кус временски рок на најава и ограничено време за подготовка. Со нивна помош може да се врши обука во фазата пред распоредување, а во одредени ситуации и во текот на реализацијата на мисиите, бидејќи опремата за изведување на обуката е лесно преносна.

Одредени битни карактеристики на софтверските пакети што овозможуваат користење на компјутерските игри се следните:[22]

- Софтверот не е наменет за симулација на комплексни борбени дејствија на здружени-тактички единици, туку за дејства на борбени тимови на ниво оделение и вод, при што се опфатени дејства на пешадија, оклопни единици, артилериска и воздушна поддршка.
- Постои капацитет во рамките на симулацијата да има повеќе учесници поврзани преку компјутерска мрежа.
- Во рамките на симулацијата противничките сили (*OPFOR*) може да бидат компјутерски генерирани (*standalone mode*), или да ги проигруваат други учесници поврзани преку компјутерска мрежа.
- Софтверот овозможува обработка на податоците и анализа на текот на обуката.

[22] Smith, R. (2006). **“Technology disruption in the simulation industry”.** Journal of Defense Modeling and Simulation, 3(1), pp. 3-10.

- Овозможено е генерирање на приказ на теренот, при што приказот е со високо ниво на резолуција.
- Овозможено е поврзување во федерација со други софтверски пакети преку протоколите за *HLA* (*High Level Architecture*), со што се овозможува остварување на специфичните потреби на корисникот преку поврзување со специјализирани софтвери или различни симулатори - тренажери за борбени возила, хеликоптери и слично.
- Овозможува брзо креирање сценарија со помош на 3Д-едитор на мисии (на пример, сценарио во кое неколку возила се нападнати од страна на непријалтелска група може да биде креирано за неколку часа работа од страна на тимот за подготовка на обуката).
- Овозможени се модификации на постојниот приказ на теренот, или креирање на нови и модификација на постојните 3Д-прикази на објекти.
- Постои можност за промена на симулациските карактеристики на единиците, што вклучува промена на параметрите на вооружувањето, возилата и слично.

Предностите што ги нудат комерцијалните компјутерски игри во воеността образование и обуката треба сериозно да бидат земени во предвид и да се разгледаат можностите за нивна примена во рамките на нашите национални потреби за едукација на припадниците на Армијата на Република Македонија. Ова е битно, пред се поради релативно ниската цена на чинење и позитивните искуства од страна на земјите што веќе ги користат овие технологии. Ваквите иницијативи треба да бидат разгледувана пошироко во рамките на примената на симулациите и современите компјутерски базирани технологии за учење и обука, со помош на кои може да се осовремени и подигне квалитетот на воното образование и обука.

Кога станува збор за примената на методите за компјутерски поддржувано учење, секогаш треба да се има предвид дека младите генерации (војници, подофицери и офицери) се повеќе ги прифаќаат компјутерите како средство за стекнување нови знаења, вештини и процедури. Притоа, информатичките технологии и компјутерите се дел од нивното секојдневие, како средство за учење и секојдневна комуникација, вклучувајќи и играње компјутерски игри.

Компјутерот и софтверот за симулација му овозможуваат на корисникот преку алтернативни методи да го подобри нивото на знаења и обученост. Притоа, треба да се води сметка за обезбедување на квалитетен и компетентен кадар што ќе биде вклучен во изградувањето правилна методологија за изведување на ваквиод вид воена обука. Ова е значајно, бидејќ

и и покрај тоа што се работи за симулации базирани на компјутерски игри, сепак обуката не треба да се базира на играње игри, туку на користење соодветна методологија за изведување на вистинска и прифесионална воена обука.

## Заклучок

Војската отсекогаш ги користела воените игри за обука, тактички анализи и подготовка на воени мисии. Примената на компјутерите за поддршка на воените игри овозможува да се подигне општото ниво на квалитетот на класичните воени игри. Основните предности што ги нуди примената на компјутерските игри во рамките на военото образование и обука се однесуваат на нивната ниска цена во однос на софтверските пакети што се дизајнирани за чисто воена обука, едноставната инсталација и користење, флексибилноста и можноста за едноставни модификации.

Сериозните игри се дизајнирани со цел да се овозможи едукација и во нивната основа содржани се одредени педагошки знаења. Примената на компјутерските игри може да се гледа и во контекст на поддршката на напредното дистрибуирано учење, или учење на далечина. Предностите што ги нудат комерцијалните компјутерски игри во воената образование и обуката треба сериозно да бидат земена во предвид и да се разгледаат можностите за нивна примена во рамките на нашите национални потреби за едукација на припадниците на Армијата на Република Македонија.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Smith, R (2005). “**The long history of gaming in military training**”, SIMULATION & GAMING, 40-th Anniversary Issue.
2. Paul, R. Brown, D. (2008) **“Games – Just How Serious Are They?”**, Interservice/Industry Training, Simulation, and Education Conference (I/ITSEC).
3. Smith, R. (2006). **“Technology disruption in the simulation industry”.** Journal of Defense Modeling and Simulation, 3(1), pp. 3-10.
4. Abt, C. (1970). **Serious Games**. New York: The Viking Press.
5. Zida, M. (2005). “**From visual simulation to virtual reality to games**”. IEE Copmuter.
6. Julijan Dibell. (2006). **Play Money: or how I quit my day job and struck it rich in virtual loot farming**. Basic Books.
7. Farmer, E., J. van Rooij, Riemersman, J., Jorna, P., Morral, J. (1999), **Handbook of Simulator-Based Training**, Ashgate Publishing Ltd., Vermount, USA
8. James F. Dunningan (2000), **Wargames Handbook – How to Play and Design Comercial and Professional Wargames**, Writers Club Press, New York, USA
9. Bermard, P. Z., Herbert, P., Tag Gon Kim (2000), **Theory of Modeling and Simulation – Integrating Discrete Event and Continuous Complex Dynamic Systems**, Second Edition, Acsdemic Pres, San Diego, CA, USA.
10. Vraikov, N. (1999), *“***The Computer Aided Exercises – An alternative of the Conventional Exercises in the Armed Forces***”,* Information & Security Volume 3, pp. 119-131.

11. Swedish Defence Wargaming Centre, **Command and Control Game**, www.fksc.mil.se/article.phd?id=5400.
12. Coppieters, D (December 2002), **Military Operational Requirements for Computer Assisted eXercises (CAX) in NATO**, Paper presented at the RTO SAS Lecture Series on "Simulation of and for Decision Making", held in Hague, The Netherlands, and published in RTO-EN-017.
13. Lane, J.L.; Slavin, S.; and Ziv, A. (June, 2001). **Simulation in medical education**: A Review. *Simulation & Gaming*, 32(297).
14. Millwood, R.. Mladenova, G. (1994), **Educational multimedia: how to allow for cultural factors**, In P. Brusilowsky, P. Kommers and N. Streitz (eds), Multimedia, hypermedia, and virtual reality, LNCS 1077, Springer.
15. Orbic, J., Lockart, J. (2001), **Role-players and Role-playing in Constructive Simulations,** AECT Conference 2001, Presentation Number 3405-A.
16. Hand, C. (1996), **Other faces of virtual reality**, In P. Brusilowsky, P. Kommers and N. Streitz (eds), Multimedia, hypermedia, and virtual reality, LNCS 1077, Springer.

# ТРГОВИЈАТА СО КОНВЕНЦИОНАЛНОТО ОРУЖЈЕ КАКО ГЛОБАЛЕН ПРЕДИЗВИК

**Драге ПЕТРЕСКИ, Росе СМИЛЕСКИ,**
**Методија ДОЈЧИНОВСКИ, Кемо ЃОЗО**
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски” - Скопје

**Апстракт:** *Светот денеска е преокупиран со процесите на глобализацијата во сите области на животот, при што дел од тие процеси се одвиваат видливо со наше учество и влијание во секојдневниот живот, додека друг дел се одвива како светски процес независно од нашите ставови, нашето делување и размислување. Процесите на глобализација не можат да ги заобиколат политичките, економските, социјалните и безбедносните системи, само е прашање со која динамика и со која големина тие ќе се реализираат. Брзината на глобализација на производството и трговијата на оружје, сериозно го игнорира хуманиот момент и стратегиските консеквенци на глобалното ширење на оружјето. Профитот е вистинскиот предизвик на воената индустрија кој влијае на одлуките за продажба и извоз на оружје, пречокорувајќи ги политичките средства на меѓународните институции за одржување на стабилноста, мирот, промовирањето на човековите права и демократија.*

**Клучни зборови:** *глобализација, безбедност, воена индустрија, трговија на оружје, профит.*

# CONVENTIONAL ARMS TRADE AS GLOBAL CHALLENGE

**Abstract:** *Today the world is ocuppy with the process of glabalization in the whole sphere of the life. Part of these processes run with our participation and influence, but some of them are part of world's process that run without our influence, action and thoughts. The globalization processes cannot go around political, social and security systems; however it is matter of dynamics and size how they will realize practically. The speed of globalization of the arms manufacturing and trade ignores the human moment and strategic consequences of the global spreading of the weapon seriously. The proffit is real challenge of the weapon industry that affects the decission of selling and exporting the weapon and consequently overlooked the international rules of keeping stability, peace, democracy and human rights.*

**Key words:** *globalization, security, military industry, arms trade, profit.*

## Вовед

Кон крајот на 80-те години во минатиот век, глобализацијата како нов термин стана популарен во секојдневната комуникација и во секојдневните известувања, пред сè во вокабуларот на политичарите и новинарите, но не и во научниот свет. Феноменот е во замав, процесот не може да сопре и работите да се вратат назад.

Употребата на овој термин требаше да го објасни брзиот и динамичен развој на економијата, политиката, развојот на демократските процеси во светски рамки, создавање на јавно мислење и др. Кога размислуваме за глобализацијата, всушност мислиме на процес на големо движење на луѓе, материјални добра, информации и идеи преку реални и замислени граници. Станува збор за глобални феномени и процеси кои се одвиваат и шират симултано на различни дестинации во светот. Се наметнува размислување за светот како едно единствено место каде ќе се надминат просторните граници. Трансцендирањето на границите треба да се разбере условно, бидејќи тоа не подразбира бришење на постоечките граници на државите и нивните култури. Но глобализацијата има тенденција тие граници да се премостат, со цел индивидуата да биде способна да се изрази во една сосема поинаква средина или заедница.

Овој термин внесе исто така забуна и недоразбирање, во обичниот свет и меѓу многубројните експерти што се обидуваат да ги протолкуваат и предвидат последиците од она што ни го наметнува глобализацијата. Според скептиците тоа е проект на привелигирани држави, кои ја спроведуваат доктрината на универзален империјализам и со тоа го ограничуваат надворешното економско-политичко движење и однесување на многу земји и нивното настојување самостојно да управуваат со сопствениот потенцијал и ресурси. Односно се врши длабоко раслојување и поделба на световите, маргинализација на најслабите и сиромашните чија судбина е одредена во времето на колонијализмот во 19-от век. Глобализацијата е често користен термин како параван за градење на униполарен свет со неприкосновени права и моќ на лидерот во тој свет за имплементација на светскиот поредок под униполарна доминација на транснационалниот капитал потпомогнат од најразвиените земји со кои раководат САД како воена империја.

## Потрошувачката за оружје во светот

Ако глобализацијата се дефинира како процес воден од технолошки промени, долгорочниот пораст на странски инвестиции, новите информатички технологии, како и новите екстензивни видови на меѓународни врски меѓу компаниите и земјите, односно се идентификува продлабочениот и интензивен раст на меѓународните економски активности и продлабочената интеграција и меѓузависност. Глобалните движења влијаат на околината и на самите нас од социјален, политички и економски аспект. Светот троши околу 1000 милијарди годишно за оружените сили. Воената потрошувачка во светот има достигнато до еден трилион долари и е блиску до потрошувачката за време на студената војна[1].

[1] Global arms sales, National Defence, archive, Washington, 2008.

Од салдото на воениот биланс, според известувањата за 2000/2001, според Меѓународниот институт за стратегиски студии може да го заклучиме следното[2]:

• Продажбата на оружје се движи во границите од 20-30 % од вкупниот воениот буџет.

• Поголемиот дел од средствата вообичаено се наменети за воени операции, одржување на техниката и за вработениот персонал.

• Околу 40-50 милијарди американски долари се средства кои се добиваат од реализираната продажба, кои доспеале после неколку години од моментот на првите потпишани договори за продажба.

• Околу 30-35 милијарди американски долари се средства кои се добиваат во продажбите направени во тековната година (договори, потпишани иницијативи за соработка и сл.).

Американскиот конгрес во своето известување, продажбата на оружјето ја поврзува во контекст на развојот на светот. Последното известување содржи податоци за периодот од 2000 до 2007, автор е Р. Гримет, во кои трансферот на оружје е прикажан преку неговата продажба[3].

**ТАБЕЛА бр.1: Продадено оружје за период 2000- 2007 г.**

| Земја извозник | Продажба во милијарди американски долари | Проценти од вкупната продажба |
|---|---|---|
| САД | 134.835 | 38% |
| Русија | 67.549 | 19% |
| Франција | 32.096 | 10% |
| В. Британија | 26.425 | 8% |
| Кина | 12.547 | 4% |
| Германија | 13.859 | 4% |
| Италија | 7.045 | 2% |
| Останати европски земји | 39.024 | 11% |
| Други | 22.523 | 7% |

**ТАБЕЛА бр.2: Продажбата на оружје по години за период 2000-2007**

| Година | милијарди американски долари | Проценти |
|---|---|---|
| 2000 | 45.013 | 13% |
| 2001 | 37.097 | 11% |
| 2002 | 32.878 | 10% |
| 2003 | 32.57 | 10% |
| 2004 | 44.767 | 13% |
| 2005 | 48.709 | 14% |
| 2006 | 54.908 | 16% |
| 2007 | 59.96 | 17% |

[2] The Military balance 2006, Internacional instittute for strategic studies, London, 2006.

[3] R. Grimmett, *CRS Report for Congress; Conventional Arms Transfers to Developing Nations,* 2008.

Годишната продажба на оружје во последните години е порасната на околу 50 - 60 милијарди американски долари.

Според истражувањата на меѓународните експерти може да се констатира:

• Земјите во развој продолжуваат да бидат примарно фокусирани и зависни како купувачи од странската продажба на оружје.

• Главни и најголеми купувачи се земји лоцирани во Азија, на Блискиот Исток и во Централна Америка.

• Моќта на индивидуалните економии на земјите во развиениот свет претставува предуслов и препознатлив елемент врз основа на кој се донесуваат одлуки за набавка на оружје.

• Зголемувањето на цената на нафтата за некои земји претставува добар индикатор и предност на нивниот главен извозен продукт кој директно влијае на набавката на оружје, додека земјите кои се увозници и конзументи на нафтата ги одложуваат одлуките или се рестриктивни за нови набавки на оружје.

**ТАБЕЛА бр.3: Потрошени средства на пазарот на оружје од земјите во развој за периодот помеѓу 1999 и 2006 година**

| Рангирање | Земја | Потрошен износ во милијарди американски долари |
|---|---|---|
| 1. | Индија | 31.9 |
| 2. | Саудиска Арабија | 26.4 |
| 3. | Кина | 16.0 |
| 4. | Обединети Арапски Емирати | 14.3 |
| 5. | Пакистан | 13.7 |
| 6. | Египет | 12.3 |
| 7. | Израел | 9.5 |
| 8. | Јужна Кореја | 8.9 |
| 9. | Сирија | 6.1 |
| 10. | Венецуела | 4.0 |
| 11. | Останати земји во развој | 93.1 |

На врвот се пет земји кои најмногу профитираат од трговијата со оружје и тоа се петте постојани членки на Советот за безбедност: САД, Велика Британија, Франција, Русија и Кина. Заедно, тие се одговорни за 80 проценти од пријавениот извоз на конвенционалното оружје[4].

Од 1998 до 2001, САД, Велика Британија и Франција заработиле повеќе средства од продажба на оружје на земјите во развој, отколку што тие донирале парична помош за нив[5].

Здруженијата кои водат кампања за контрола на оружјето како што се Amnesty International,International Action Network on Small Arms (IANCA) и Oxfam,

[4] Global arms sales, National Defence, archive, Washington, 2008.

[5] Ibid

истакнуваат дека трговијата со оружјето во некои региони во светот е надвор од контрола.

Немањето механизми за ефикасна контрола на трговијата со оружје овозможува инволвираните во овој бизнис да профитираат од болката на другите.

• Додека меѓународното внимание е фокусирано на потребата за контрола на оружјето за масовно уништување, трговијата со конвенционалното оружје продолжува да функционира во легалниот и морален вакуум на институциите.

• Сè повеќе земји почнуваат да произведуваат мало оружје, а многу од нив со мали производствени капацитети, кои се во директна зависност од нивните купувачи.

• Постојаните членки на Советот за безбедност - САД, В. Британија, Франција, Русија и Кина доминираат со трговија на оружје на глобално ниво.

• Повеќето држави својата неефикасна контрола на оружјето ја правдаат со неосновани одговори или немање ефикасен правен систем.

• Клучната слабост е во слабата контрола на трговците, лиценцираните производители и крајните корисници на оружјето.

• На крај, оружјето често оди во погрешни раце низ лавиринтот на слабата контрола на субјектите вклучени во ланецот на трговијата со оружје.

Индустријата за оружје е контрадикторна, истата трпи штета од распространетите корупција, мито и создадениот повратен профит од системите дизајнирани да убиваат и повредуваат човечки суштества.

## Воената индустрија и незиното влијание на пазарот за оружје

Третиот свет е честа дестинација за продажба на оружјето во недостаток од домашни и традиционални пазари за воена опрема, новите пазари се веќе формирани или се бараат, што е битно за корпорациите од воената индустрија и клиентите кои чекаат за набавка на оружје.

Одговорноста околу човековите права во земјите со сомнителна демократија често е надмината тема или непредизвикува интерес кај земјите произведители кои го пласираат и продаваат оружјето.

Големата милитаризација на поедини региони го зголемува ризикот на тероризирање, предизвикува побуни и незадоволство кај локалното население. Средниот и далечен исток се најнови примери, додека Латинска Америка е пример од претходните декади каде повеќе влади се соборени со странска ассистенција и заменети со корумпирани лидери или монархии.

Диктатурата понекогаш дава резултати, но како повратна рекција се појавува незадоволство, побуни или угнетување на невини луѓе.

Насилството во поедини региони се поврзува со трговијата на оружје и со геополитичките интереси на големите сили. Било како, продажбата на оружјето претставува значаен контрибутор на проблемите. Некои режими за да

ги дисциплинираат граѓаните на своите земји се подготвени за набавка на оружје под изговор дека имаат легално право на одбрана и борба против тероризмот.

Во цитатите на повеќе меѓународни тела, шест основни точки го карактеризираат однесувањето и влијанието на воената индустрија во светот:

1. Оружјето од компаниите има активна улога во потикнувањето милитантни репресии и заплашувања во убедувањето кои го практицираат земјите купувачи од каде потекнува воинственоста и желбата за зголемување на количините на оружје.

2. Компаниите за оружје имаат изградено начини и методи за доближување до официјалните влади, а и на оние надвор од дома.

3. Компаниите за оружје имаат специјални методи за креирање на поволни извештаи подредени да го стимулираат трошењето на оружјето во поглед на воената програма на поедини земји.

4. Компаниите за оружје сакаат да влијаат на јавното мислење преку контрола на средствата за јавно информирање дома и во странство.

5. Овие фирми имаат организирано меѓународни здруженија за оружје кои наметнуваат трка во вооружување во одлучувачката игра на спротивставените земји една наспроти друга.

6. Компаниите за оружје имаат организирано интернационални картели за оружје кои влијаат на зголемување на цената на купопродажните договори за оружје.

За жал, овие проблемите се сѐ повеќе присутни денес. Оправданоста за производство на оружје и создавањето на пазарот за негово трошење, не е нов концепт.

Брзината на глобализација на производството на оружје и неговата продажба, сериозно го игнорира хуманитарниот мотив и стратегиските консеквенци на глобалното ширење на оружјето. Профитот е реалниот мотив во воената индустрија и директно влијае на одлуките за продажба и извоз на оружје, пречокорувајќи ги политичките средства на меѓународните тела за одржување на стабилноста и промовирање на човековите права и демократија.

Веќе одамна само богатите земји можат да инвестираат милијарди долари за воени цели и се во состојба секогаш да ги помогаат нивните корпорации во зделките и договорите од доменот на одбраната и истражувањето на напредната технологија во индустриските капацитети.

САД и европските корпорации имаат големи даночни олеснувања и истите позајмуваат пари на други земји кога се склучуваат договори за купување на нивно оружје, и притоа ја субвенционираат продажбата на оружје.

Еден од познатите настани кој го испровоцира јавното мислење за зделка и дадени субвенции од САД за Полска како помош при продажбата на американските борбени авиони на крајот од 2002 и почетокот на 2003. Оваа зделка беше опишана како најголема која се случила воопшто во Европа во тоа време.

Згрозени од ужасниот чин на тероризам во САД од 11 септември 2001, Џорџ Буш им објави војна на милитантите. Организацијата за човекови права расправаше за намерата на САД за продажба на оружје и давање воена помош на други земји не водејќи сметка околу потенцијалните споредни ефекти.

Центарот за одбранбени истражувања констатира дека САД се подготвени како никогаш до сега да продаваат и дистрибуираат оружје на земји кои им имаат ветено помош во глобалната војна против тероризмот. Научниците од САД поддржаа повеќе одлуки за воената поддршка на САД за трети земји, како причина и оправдание беше глобалната војна против тероризмот и потребата за разбирање за недоследностите кои пркосат на хуманитарното воено право.

За време на вториот мандат на Бушовата администрација, Пентагон обезбеди донации од 390 милиони американски долари државите кои им даваат поддршка на САД во операциите против тероризмот и 120 милиони американски долари „за доверливост на активностите на терен". Подготовката и реализацијата на „доверливите активности" е посебно тешка задача бидејќи се работи на проекти кои можат да се класифицираат како тајни активности[6].

## Трговијата со оружје е сомнителна и корумптивна

Нелегалната трговија со оружје претставува еден од најсложените и најопасните проблеми на современиот свет. Незаконската трговија и шверцувањето на оружје претставува значајна активност на транснационалниот криминал, кој остварува големи профити. Мотивите се од финансиска, политичка и воена природа во функција на остварување на определени цели на геополитички и геостратегиски интереси. Оваа активност претставува реална закана за националната безбедност и мирот на поедини земји во определени региони.

Во 2000 година САД контролираа половина од светскиот пазар на оружје и имаат апсолутна доминацијата на глобално ниво на пазарот на оружје. Во статијата „Војна на теророт" се истакнува дека развиените земји понекогаш продавале оружје или соработувале со земјите кои имале сомнителна демократија. Со децении оружјето е често продавано во рацете на корумпирани влади и сето тоа влијаеше или имаше ефекти на спречување на некои форми на демократија во тие земји.

Многу држави се противат на зголемувањето на транспарентноста и законитоста на меѓународната трговија со оружје.

Според Transparency International, водечката глобална организација за мониторинг е на некој начин корупирана, а меѓународната трговија со оружје има тенденција да стане висококоруптивен бизнис во светот.

---

[6] R. Grimmett, *CRS Report for Congress; Conventional Arms Transfers to Developing Nations,* 2008.

Натпреварот во вооружувањето за време на Студената војна ја зголемуваше веројатноста за корупција. Подмитувањето во трговијата со оружје нема тенденција на опаѓање по Студената војна. Порестриктивните домашни пазари ги приморуваа компаниите да бараат нови пазари во странство. Според една груба проценка, во меѓународната трговија со оружје се трошат околу 2,5 милијарди долари годишно за подмитување, односно една десетина од самиот обрт[7].

Релевантните фактори во ланецот на трговијата со оружје се интимно инволвирани во бизнисот со оружје и стануваат толерантни кон непочитувањето и спроведувањето на законите. Дел од трговијата со оружје тешко се детектира, исто како и трговијата со дрога.

## Геополитички и економски интереси

Владите и корпорациите на оружје соработуваат на заедничките средби од распоредот на нивните политички и економски агенди. Продажбата на оружјето на земји со сомнителен демократски легитимитет помага во остварувањето на геополитичките и стратегиските интереси на големите сили во региони од национален интерес за нив.

Профитот и зголемената побарувачка се насочени кон странство во кризни региони привлечни за продажба на модерно и софистицирано оружје. Овој тренд ја наметнува желбата за истражувања и развој во воената индустрија како примарна цел и аргумент кој ја држи воената индустрија во добра кондиција и исплатив бизнис.

Ќе ја разгледаме како пример ситуацијата околу Индија. Таму подолг период има насилство во односите помеѓу муслиманите и хинду групациите. Исто така, постојат тензии во односите помеѓу Индија и Пакистан околу Кашмир. На Индија и е наметната потреба од зголемување на незината воена моќ, додека трговците на оружје се подготвени да им помогнат и на двете спротивставени страни [8] .

„The Financial Times" од Велика Британија напиша „Додека меѓународната зедница повикуваше на одмереност на индиско-пакистанската граница, владините претставници на богатите земји се натпреваруваа како никогаш пред тоа да зграбат од големото парче на Индискиот голем воен буџет за вооружување и опрема. Воената индустријата официјално призна дека регионалните тензии помеѓу нуклеарните соседи претставува единствена и добра можност за продажба на нивното оружје. Компаниите оптоварени со нивниот опстанок во бизнисот со оружје на глобален план, го почувствуваа моментот за да направат профит како влијателен показател во пазарната економија.

---

[8] H. Semjuel, *Sukob civilizacija i preoblikovanje svetskog poretka*, Banja Luka, 2000.

Додека во јавните контакти на владите и нивните лидери се зборува за хуманитарни и мировни мисии со намера да се смираат тензиите, во исто време, од друга страна се договара продажба на оружје, често и на двете страни во конфликтот. Геополитички гледано, ова го претставува мотото „раздели па владеј“ и тоа до ден денес сè уште функционира, им носи економски бенефиции на компаниите за оружје и нивните влади. Во тој контекст, често корумпираните лидери на земјите кои купуваат оружје се задоволни ако добијат или земат нешто како мито.

За жал, ова не се изолирани случаи во кои јавните функционери и лидери се инволвирани во сомнителни одлуки или зделки.

**Заклучок**

Изменетите геостратегиски и геополитички интереси на големите сили и безбедносните заедници на поедини региони ја изменија безбедносната состојба по завршувањето на Студената војна и ја направија покомплексна, ранлива, понестабилна и поопасна од минатиот период. За новонастанатата ситуација се појавуваат различни одговори на новите безбедносни предизвици, дилеми, и проблеми со кои се соочуваат државите и меѓународната заедница.

Искуството во трговијата со оружје низ вековите има развиено стандардна постапка во создавањето на општественото богатство, и како секогаш богатите и моќните земји се присутни таму каде што се прават големи пари на пазарот за оружје.

Денес соработката на производителите на оружје се продлабочува, блиската соработката со владите избледува и се концентрира на меѓусебна врска и зависност за преживување на пазарот за оружје и неговата зголемена побарувачка. Во конкретни ситуации, често тие обезбедуваат оружје за страните во конфликтот и подеднакво за потенцијалните непријатели на нивните земји.

Стохолмскиот институт за меѓународни мировни истражувања во известувањето за војните во 1997, ни укажува на прогрес во конфликтите и нивното смалено влијание на случувањата во светот. Проценката за случувањата во сите овие години нè наведува да заклучиме дека имаме долг пат за одење и реализација на политиката на мирољубива коегзистенција во вооружените конфликти.

Генералното собрание на ОН на педесет и петтото заседание во 2001 г., донесе Резолуција број 225, Протокол против недозволеното производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција како дополнение на Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал. Меѓународните институции сакаат да и помогнат на воената индустрија и нејзините активности во креативно-творечкото партнерство со легитимни договори и поголема транспарентност, со цел да се спречи нелегалната трговија на оружје. Меѓународните тела вршат континуиран и суштински притисок на земјите производители на оружје со намера да бидат повеќе одговорни околу начинот на продажба и целта за које го прават тоа.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Малевски Д., *Меѓународна политика*, Правен факултет, Скопје, 2000.
2. Solana Javier, A Secure Europe in a better world, European Security strategy, European Council, Brussels, 2003.
3. The Military balance 2005-2006, London, 2005.
4. The Military balance 2006, London, 2006.
5. Даскаловски С.,*Создавање на нови воени сили како одговор на новите закани*, Годишен зборник на Филозовски факултет, Скопје, 2007.
6. Славевски С., The Societal security dilemma: The Case of the Republic of Macedonia, Macedonian Affairs, Vol. IV, No 9, 2003, pp.5-28.
7. Renato R., Moving towards global stability, New York, 1999.
8. Richard F. Grimmett, CRS Report for Congress; Conventional Arms Transfers to Developing Nations, 2000-2007. October 23, 2008.
9. Travis Sharp, U.S. Defense Spending, 2001-2009, Center for Arms Control and Non-Proliferation, February 20, 2008.
10. Gordon H. Philip, Allies at War: America, Europe and Crisis over Iraq, New York, 2004.
11. Hantigton P. Semjuel, Sukob civilizacija i preoblikovanje svetskog poretka, Banja Luka, 2000.
12. В. Василевски, *Меѓународно хуманитарно право*, Скопје, 2002.
13. М. Котовчевски, *Современ тероризам*, Скопје, 2003.
14. Paul T.V., States, Security Function and the New Global Forces, Montreal, 2000.
15. McDonald M., Human Security and the Construction of Security, Global Society, 2002.
16. Кузев С., Арсовски М., Дамјановски Р., *Војната во Македонија во 2001 година*, Скопје, 2006.
17. Трипуноски М., *Глобализација Глобализација*, Куманово, 2007.
18. Д. Петрески, *Динамичка анализа и компјутерска симулација на осцилаторните движења на механизмите кај автоматските оружја*, *докторска работа,* Скопје,2005.

# САМОУБИСТВЕНИТЕ НАПАДИ – НОВОТО ЛИЦЕ НА ТЕРОРИЗМОТ

**Методија ДОЈЧИНОВСКИ, Драге ПЕТРЕВСКИ, Кемо ЃОЗО**
Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје

**Апстракт**: *Трудот укажува на значењето, опасноста и активностите неопходни за целосно детерминирање на појавата од асиметричните закани, олицетворени во новото лице на тероризмот – самоубиствените напади. Целта на трудот е да фрли критички поглед врз условите за создавање на етиолошките и феноменолошките карактеристики, да укаже на неговите уништувачки перспективи, масовноста, медиумската кампања, како и напорите на меѓународната заедница за негово спротивставување. Содржината на трудот не навлегува во деталите и во опасната замка на вовлекување на емоциите и предрасудите при анализата на самоубиствените терористички напади, туку низ куси компаративни анализи, укажува на согледување на реалните околности во кои живееме, влијанието на глобалните промени, како и заштитата на човечката популација и животната средина. Во завршниот дел дефинирани се моделите за понатамошно дејствување од страна на меѓународната заедница и развиениот свет.*

**Клучни зборови** : *самоубиствен тероризам, антитерористички операции, безбедност, анализа*

# SUICIDAL ATTACKS-THE NEW FACE OF THE TERRORISM

**Abstract:** *The purpose of this paper is to shed some critical light on the suicidal terrorism without submerging into details and into the dangerous trap of dragging emotions and prejudice into the analysis of the suicidal terror attacks. Objective analysis of every process (the suicidal terrorism is precisely that) is allowing us to notice not only the details but also the big picture of the process, so that we can derive conclusions for further action in order to control the process itself. There are many variables in a process in witch people are involved but with a statistical analysis of the data it is possible to discover the pattern that is in the core of every repeating process in that way giving us the opportunity to predict ,and if we have done our job well, to prevent the suicidal terrorist attacks.*

**Key words:** *Suicidal terrorism, anti-terrorist operations, security, analysis*

**Вовед**

Два века искуство укажуваат на тоа дека терористите, иако подготвени да ги ризикуваат своите животи, сакаат да преживеат за да уживаат во резултатите на својата работа. Меѓутоа, новиот вид тероризам е во спротивност со таквите верувања. Квалитативно различен, мошне смртоносен, речиси натприроден, овој нов вид тероризам, се чини, зема замав и е невозможно да запре.

Со нападите во осумдесетите години врз американски цели во Либан и Кувајт и самоубиствените напади во Израел, стана јасно дека новиот вид убиства влезе во репертоарот на модерниот тероризам: самоубиствена акција чиј успех зависи од желбата за смрт на починителите.

Самоубиствените напади врз силите на коалицијата во Ирак и Авганистан станаа секојдeневие, а исто така и самоубиствените напади од страна на палестинските групи на подрачјата на Израел и окупираните подрачја на Западниот Брег и Газа, каде што не се прифаќа мировниот договор со Израел. Под ударот на бомбашите самоубијци, во текот на изминатите години беа и Русија, Индонезија, Мароко, Пакистан, Саудиска Арабија, Египет, Турција и други.

Обидот за аналитички пристап на дефинирање на самоубиствениот тероризам и пронаоѓање можни формули за борба против ваквиот вид тероризам е структурата на овој осврт на израелско-палестинскиот конфликт, без навлегување во детали за начинот на реализирање на тактичките постапки во борбата против ова зло.

## Етиолошки гледишта на самоубиствените напади

Во научната теорија постојат повеќе различни гледишта за потеклото, причините и карактеристиките на терористите–самоубијци и самоубиствените напади. „Голтачот на хашиш“, како што во превод означува зборот **„assassin“**, се однесува на еден вид верска интоксинација на која се препуштиле верските секти пред тргнувањето во нивната самостојна мисија[1].

Самоубиствените напади не се производ на дваесеттиот век. Првите документирани самоубијци уште пред две илјади години биле припадници на еврејските племиња Зилоти и Сикари во стара Јудеја, кои во тоа време биле под римска окупација. Неколку векови подоцна и исламските „Асасини”[2] преземаат самоубиствени акции во крстоносните војни. Исламските заедници во Индија, на Суматра и на Филипините во осумнаесеттиот век, исто така, ги користеле нападите на самоубијците во борбата против колонијалните владари. Со откривањето на динамитот при крајот на деветнаесеттиот век, самоубиствените акции добиваат на значење и во почетокот на дваесеттиот век нив ги користат и руските анархисти.

Систематските напади од овој вид, поради постигнување на одредени воени цели, зад кои стои некоја држава, првпат се среќаваат при крајот на Втората светска

[1] Митко Котовчевски, Борба против тероризмот, Македонска цивилизација, 2004

[2] „Assassin” – убиец, атентатор

војна. Имено, јапонското воено раководство соочено со поразот, организирало самоубиствени мисии на своите пилоти врз американските пловни цели. Пилотите се наречени „Камикази”, синоним на „„олујниот ветер“, кој според легендата во 1281 година ги уништувал бродовите на монголските освојувачи.

Во втората половина на 20-от век самоубиствените напади почнале да се применуваат на Блискиот Исток. Иран, после победата на Исламската револуција во 1979 година, на светот повторно му ја претстави концепцијата на луѓе подготвени да умрат за воена победа. Илјадници Иранци како припадници на паравоените Басиџи и елитни Пасдарани, свесно и доброволно се жртвувале во нападите врз ирачките позиции, мотивирани од желбата за свесно жртвување и доминантната улога на религиозната индоктринација.

Појавата на новиот начин на војување имаше силно влијание врз целиот Блиски Исток, особено на либанските шиитски групации. Под влијание на либанскиот Хезболах и палестинските групи на окупираните делови на Западниот брег и појасот Газа, се започнува со подготовки регрутација, обука, мотивирање, финанисрање и примена на активностите на самоубистveниот тероризам, кој во деведесетитте години се проширува и на територијата на Израел.

Од почетокот на деведесеттите години, самоубистveниот тероризам во Израел добива многу помалициозен и посериозен облик. Палестинските терористички групи „Хамас“ и „Исламски џихад“, не признавајќи го мировниот договор со Израел, отпочнуваат со изведување серија напади од страна на бомбаши-самоубијци врз израелските воени и цивилни цели при што во околу стотина такви акции Израел има голем број жртви.

Примената на новото лице на тероризмот, се прошири ширум светот, особено во кризните региони на светот. Иако нивната активност престана во последните години, „Тамилските тигри“, според бројот на самоубиствените бомбашки напади во последните десет години сè уште се една од поактивните терористички групи. И Русија од крајот на деведесеттите години се соочува со серија напади од страна на чеченски бомбаши - самоубијци, додека „Курдската работничка партија“ во Турција во повеќе наврати изведе акции на цели во Турција.

На светската сцена приматот го презеде терористичката организација наречена „Ал Каеда”, која се појави во почеток на деведесетите години, и се претстави како врховна организација на исламските терористички групи и организации во целиот свет.[3]

[3] Во август 1998 година раководеше со напади врз американските амбасади во Најроби - Кенија и Дар Ес Салам во Танзанија, потоа со нападот на американски брод „USS Kol” во јеменските територијални води, како и со напади со најдалекосежни последици во историјата-напади со киднапирани патнички авиони на зградите на светскиот трговски центар во Њујорк и Пентагон на 11.09.2001 година при што се убиени околу три илјади луѓе.

**Дефинирање на заканата и психолошки профил**

Во светот сè уште претставува дилема дефинирањето на тероризмот. Различни извори, различно го дефинираат терминот, имајќи предвид кои критериуми се користат за тоа и кој е засегнатата страна при дефинирањето на проблемот. Едно е јасно, дека ако активностите имаат политичка цел, а притоа се утврди дека целокупната активност ги опфаќа карактеристиките на организација на чие чело стои водач (лидер) или група раководители (штаб), поседување вооружување и минско-експлозивни средства, ако се утврди дека постои регрутирање, логистика на активностите, униформирање, финансирање и планско и организирано изведување на акциите, тогаш со сигурност може да се каже дека се работи за активности на тероризмот.

Со оглед на тоа, самоубистveниот напад наједноставно може да се дефинира како теророристички акт во којшто сторителот уништува или настојува да уништи одредена цел, свесно жртвувајќи го притоа и сопствениот живот.

Поимот е исто така од терминолошка природа бидејќи постојат многубројни фрази со кои се означува самоубиствениот тероризам. Одредени автори го користат изразот самоубиствени бомбардирања (**suicid bombings**), што е премногу ограничено, бидејќи би се однесувало само на терористите бомбаши самоубици. Одредени видови како што се геноцидното бомбардирање (**genocid bombings**) и нападите на убијците (**homisaid ataks**), се изрази за самоубиствен тероризам што го користат авторите кои се поистоветуваат со жртвите на самоубиствените напади.

Од друга страна пак маченичките операции (**martsrdom operations**) претставуваат израз што го користат носителите на исламистичките самоубиствени напади преку кој ја истакнуваат врската помеѓу поимот света војна и самоуништување, дури и во случај кога жртвите се цивили.

Ваквиот напад може да се дефинира и како облик на физичко загрозување на безбедноста на луѓето и имотот и предизвикување страв и паника што ја изведуваат една или повеќе единки-припадници на терористички организации со употреба на некои од средствата за напад (експлозивни средства, огнено оружје, превозни средства итн.), од кои што со сигурност и самите ќе загинат. Постигнувањето смрт или ранување на жртвата на терористичкиот напад и нанесената огромна материјална штета, претставува целта од терористичкиот акт, воедно и остварување на целите на организацијата.

Психолошкиот профил открива дека самоубијците се разликуваат, исто како и мотивите поради кои се борат. Освртот на целта на ова истражување укажува на различноста, која се создава зависно од феноменолошките и етиолошките карактеристики на појавата на проблемот. Така издвојуваме неколки типа психолошки профили:

• „Хамас“ и палестинскиот „Исламски џихад“ ги користат мачениците (шехидите)[4] во борбата против Израел. Тие, пред сè, се мажи, верници, неженети и невработени, со средно образование, стари помеѓу 18 и 27 години. Многумина од нив ги изгубиле своите роднини или пријатели.

• Припадниците на „Тамилските тигри“ се млади, неженети и невработени, социјализирани во општествениот и културниот живот, каде се воздигнуваат жртвувањата и се слават многубројните мртви херои.

• Од петнаесет луѓе во последните пет години кои ги извршиле самоубиствените напади во името на „Курдистанската работничка партија“, само четворица извршители не се жени. Овие многу млади девојки имаат помеѓу 17 и 27 години, не се вработени и се со низок степен на образование, без оформена професија, со потекло од сиромашни и големи семејства од рурални, традиционални средини[5].

Примерите укажуваат дека не постои единствен психолошки или демографски профил на терорист-самоубиец. Зедничко за сите е тоа што тие често ја користат верската мотивација, патриотизам, омразата кон непријателот и длабокото чуство на пожртвуваност, за да ја зацврстуваат намерата кон жртвување за општота добро на етничката група[6].

Нивниот култ кон смртта никогаш не извира од нивниот очај. Нивниот фанатизам претставува облик на надеж што им овозможува тие да се чувствуваат како деца на рајот. Со тоа, во суштина, се руши прифатеното мислење дека тие кои свесно и намерно го жртвуваат својот живот, мора да се многу очајни, фрустрирани и душевно осакатени што не им преостанува ништо друго, освен што би претставувало порака на еден камиказа. Наместо во безизлез, тие веруваат дека го знаат излезот, односно силно се убедени дека со нивниот маченички чин ќе го надитрат „страшниот суд”. Располагаат со желба и увереност да се оди и доживее таквиот „крај“ и способност за замолчување на сите сомневања.

Тоа, овој вид терористи ги прави многу моќни на еден шокантен начин, а нивното „експлозивно тело“ во движење предизвикува масовна психоза.

## Мотивираност и појавни облици на самоубиствените напади

Истражувањата на причините за масовно уништување укажуваат дека основните причини за ангажирањето на најекстремните видови, користејќи ги и самоубиствените операции, се претставени во стратегијата и во идеологијата.

---

[4] Предавање на проф. д-р Ариел Авин Мерарс /Ariel Avin Merars/ ,од универзитетот во Тел Авив

[5] Догу Ергил /Dogu Ergil/ од универзитетот во Анкара - Извјештај ЦРС за американскиот Конгрес “Terrorists and suicide attacks”, 28.08.2003

[6] Предавање на проф. д-р Ариел Авин Мерарс /Ariel Avin Merars/ , од универзитетот во Тел Авив

Комбинацијата на овие два фактора и определби се согледува и дефинира во можностите на транснационалната поддршка, базирана на верската идеологија во современите земји и земјите со исламски предзнак; напредните концепти на унифицирано спротивставување и војување; користење на терористичките можности за напади со што поголем број жртви; проширување и поддршка на активностите за прифаќање и омасовување на глобалното војување; насочување на нападите кон целите поврзани со прозападните влијанија.

Тероризмот е дефиниран како синтеза меѓу војната и театарот[7]. Таа дефиниција добро им прилега на бомбашките напади што ги изведуваат самоубијците. Веруваме дека причините за ангажирање на бомбашите самоубијци најдобро ги познаваат оние кои ги организираат и спроведуваат, но голем број теоретичари од арапските земји сѐ уште тврдат дека самоубиството е грев, додека екстремистичките лидери безрезервно го прифаќаат како легитимно средство на „џихадот“ или „светата борба“, применувајќи го поради следните причини:

– тоа е наједноставна и најевтина операција (нема потреба од повлекување или мисија за спасување на извршителите);
– ја зголемува веројатноста дека ќе има голем број жртви и големи разорувања (со оглед на тоа дека бомбашот може прецизно да го бира времето и местото на нападот);
– нема опасност дека ангажираните терористи ќе предадат важни информации (со оглед на тоа дека нивната смрт е речиси сигурна);
– нападот има големо влијание на јавното мислење и на медиумите (со оглед на тоа дека преовладува чувството на беспомошност).

Терористичките групи кои рутински ги користат бомбашите самоубијци ја имаат искористено идејата за маченииштво и саможртвување како крајно средство во борбата против конвенционално посилниот непријател[8].

Различниот пристап во детерминирањето на теоретските укажувања и појавните облици на самоубиствените активности, бараат максимален пристап и посветеност кон овој опасен феномен. Разликите во дефинирањето на поделбата се евидентни , но би сакале да укажеме на постоењето на два вида самоубиствени операции:

– операции изведени врз воени цели во воени конфликти (војни);
– операции извршени врз цивилни цели и во воени и во мирновремени услови.

Бомбашите-самоубијци истовремено се појавуваат како ефикасно средство и начин за извршување на терористички напади. Во позадината на таквиот напад,

[7] R. Gunaratna, “Suicide terrorism a global threat”, Janes Inteligence Review, 2000.

[8] Митко Котовчевски, „Современ тероризам”, Македонска цивилизација, Скопје, 2003

се наоѓаат различните терористички организации, кои во потполност и детално ја планираат акцијата.

Овој вид терористи обично е последната алка во тој организациски синџир, во кој е вклучена цела низа актери почнувајќи од верските водачи, наредбодавци, идеолози, соработници, помагачи и други лица од иста или слична ориентација, кои непосредно не го изведуваат терористичкиот напад, но без нивното учество и помош не би можел да се изведе. Меѓутоа, успехот на целата операција директно зависи од свесната смрт на извршителот и совршеноста во организацијата и планирањето, за што зад секој успешен самоубиствен терористички напад стои терористичка организација.

Организирањето на самоубиствената задача е многу поедноставно од спроведувањето на класичните терористички напади. Имено, самоубиствените задачи се организираат без планирање за враќање на извршителите. Тие остануваат на местото на акцијата и сведочат за својата решителност, но и за решителноста на своите соборци дека во спроведување на операцијата не се откажуваат и од најрадикалните потези. Нагонот за преживување кој е еден од основните човечки потреби, самоубијците го совладуваат, со тоа што освен физичкото уништување, на противникот му праќаат и исклучително силна психолошка порака.

Реализацијата на самоубиствениот напад (операција), е комплексна активност и се планира во најмалку шест фази меѓу кои најзначајни се: изборот на целта; собирање на податоци; регрутирање; физички и духовен тренинг; подготовка на експлозивот и транспортот на бомбашот во реонот на целта.

Во такви задачи најчесто се вклучени десетина терористи и соучесници кои нема да извршат самоубиство, но операцијата без нивното учество не може да се изведе. За потполн успех на акцијата потребно е да се обезбеди потполна тајност. Успехот зависи од многу фактори: од степенот на тајноста на подготовките; деталното извидување на целта и детални подготовки. Од тајноста зависи изненадувањето, а тоа е клучно во самоубиствената задача.

Со анализа на облиците на манифестирање на самоубиствениот тероризам и согледувањето на тенденциите, конструирани се одредени појавни облици на самоубиствениот тероризам и можно е да се изврши идентификација и класификација на појавните облици според табелата бр.1[9]:

[9] Миле Шикман, „Појавни облици самоубилачког тероризма", Висока школа унутрашњих послова, Б.Лука, 2006

**ТАБЕЛА 1: Појавни облици на самоубствениот тероризам**

| ПОЈАВНИ ОБЛИЦИ НА САМОУБСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ | |
|---|---|
| **Критериум на класификација** | **Појавни облици** |
| **1. Број на непосредни извршители на самоубиствен терористички напад** | **- еден терорист - бомбаш самоубиец;<br>- повеќе терористи - бомбаши самоубијци.** |
| **2. Употребено средство за изведување на самоубиствени терористички напади** | **- употреба на експлозиви;<br>- употреба на автомобили;<br>- употреба на камиони;<br>- употреба на авиони;<br>- употреба на чамци;<br>- употреба на велосипеди / мотоцикли.** |
| **3. Непосредна жртва или објект на самоубиствен терористички напад** | **- определена личност;<br>- човечки колектив;<br>- јавни објекти;<br>- државни објект;<br>- превозни средства.** |
| **4. Можни облици на самоубиствени терористички напади** | **- употреба на оружје за масовно уништување за извршување на самоубиствени терористички напади.** |

Деталното извидување на целта овозможува собирање на релевантни податоци за целта на нападот. Врз основа на тие податоци се подготвува изведување на нападот. Подготовките му овозможуваат на бомбашот на местото на нападот да остане незабележан сè до моментот кога ќе нападне. Истиот вообичаено има група за поддршка која е одговорна за сместување, снабдување и безбедност до извршување на задачата. Агентите на теренот помагаат при собирање на релевантните податоци за целта и теренот каде ќе се изведе нападот, а тие податоци дополнително ги проверуваат членовите на групата за поддршка. Често се случува и самиот бомбаш да учествува во последните извидувања непосредно пред извршување на нападот. Со оглед на тоа дека е потребно да се соберат голем број податоци за целта, теренот, мерките и постапките за безбедност, терористичките организации мораат да имаат развиено цели мрежи на агенти кои го извршуваат известувачкиот дел од работата.

По извршување на самоубиствените напади нема потреба за извлекување и организирање извлекување на сторителот. Самиот план на извлекување најчесто е најтежок дел од операцијата, но во овој случај тој дел не постои. Доколку е можно да се доближи до целта, операцијата е успешна.

Со анализа на употребените средства за изведување на нападите може да се дојде до ефектите по околината дадени во Табелата бр. 2:

**ТАБЕЛА 2: Употреба на автомобили и камиони за изведување на самоубиствени терористички напади**

| Тип на возило (опис на возилото) | Максим. износ на експлозивот | Убиствено дејство | Минимална дистанца на евакуација | Дејство на парчиња од стаклото |
|---|---|---|---|---|
| **Помал автомобил** | 227 кг | 30 м | 457 м | 381 м |
| **Поголем автомобил** | 455 кг | 38 м | 534 м | 534 м |
| **Патничко комбе** | 1.818 кг | 61 м | 838 м | 838 м |
| **Помал камион** | 4.545 кг | 91 м | 1.143 м | 1.143 м |
| **Камион цистерна** | 13.636 кг | 137 м | 1.982 м | 1.981 м |
| **Камион со приколка** | 27.273 кг | 183 м | 2.143 м | 2.134 м |

## Модуси на одбрана и заштита

Бомбашите-самоубијци се сложено „оружје“ со скоро невозможен начин на одбрана. Развојот на каква било противстратегија бара истражување, анализи, развој на нови постапки и на крајот секогаш може да се заклучи дека се неопходни многу пошироко поставени активности.

Се стекнува впечаток дека проблемот околу борбата против самоубиствениот тероизмот многу тешко се решава на индивидуално и на државно рамниште и затоа тоа прашање стана преокупација на целиот свет. Затоа администрациите на државите кои се борат против ова зло се определиле да се иницира усогласување на политичките ставови во рамките на борбата против самоубиствениот тероризам.

Согласно на тоа, политичката борба мора секогаш да биде помогната со силен оперативен притисок и да се зајакне глобалниот одговор на самоубиствениот тероризам.

Оперативните мерки за заштита и одбрана вклучуваат голем спектар на акции за ослабување на цврстината и ефикасноста на терористичката организација

и на нејзината движечка политичка сила. Тие напори и акции честопати се непопоуларни, што без сериозна и макотрпна работа тешко може да бидат рационални и успешни, а понекогаш се и со неславен крај.

За разлика од политичките решенија за заштита и одбрана, оперативните мерки најчесто се посебни за секоја држава и исто така разновидни. Спектарот на нивното дејство би можеле да се подреди и објасни по следниот редослед:

1. Политички и економски санкции.
2. Воена доктрина за пресметка со терористички организации.
3. Противтерористички акции за одмазда.
4. Физичка заштита.
5. Акции на превенција низ доктрина на набљудување.
6. Давање на чувство на психолошка сигурност .

**Политички и економски санкции**

Политичките и економските санкции против заедниците од кои доаѓат терористите, комбинирани со дипломатскиот притисок на нивните заштитници можат да го намалат или укинат самоубиствениот тероризам. Проблемот со политичките антитерористички мерки е тоа што резултатите никогаш не се извесни и треба многу време.

Масакарот во Хеброн 1994 година, кога израелскиот лекар Баруцх Голдстеин убил 29 Палестинци во текот на молитвата, измени сѐ. Одлучни да се осветат за смртта на нивните сонародници, оперативците на „Хамас" посегнаа по бомбите со кои ги напаѓаа автобусите по израелските градови. За само неколку седмици новиот бран на тероризам сериозно ја поткопа израелската колективна доверба во мировниот процес, како што планираа верските лидери на „Хамас", кои се противеа на преговите со Израел. Сепак, нападите се потполно запрени во 1995 година, кога масовните економски санкции резултираа со сѐ поголема соработката помеѓу безбедносните служби на Палестина и на Израел.

**Справување со терористичките организации**

Воената доктрина за пресметка со терористичките организации го разгледува самоубиствениот чин како процес кој е создаден од одредени елементи заемно поврзани во одредена целина за постигнување на некаква цел. Поврзувањето на елементите во ланец овозможува да се откријат алките помеѓу елементите и ефективно да се нападнат, на тој начин попречувајќи го процесот. Успехот на воената пресметка зависи од точната и прецизна анализа на нападите, начините на нивното изведување и средствата за нивно изведување.

Сите акции се координираат и забележуваат од Центарот за анализа кој е задолжен за доразвивање на методите на антитерористичката одбрана на база на податоците собрани од претходните случаи.

Ахиловата петица на самоубијците е тоа што тие се дел од големата оперативна инфраструктура. Можеби не е можно да се осуетат идните бомбаши, но кога еднаш ќе се докаже дека некоја организација прибегнува кон самоубиствен тероризам, службите за безбедност треба да ги нападнат наредбодавците и одговорните кои ги регрутираат и обучуваат убијците и планираат напади. Затоа е потребно создавање на ефикасна шпионска (разузнавачка) мрежа, постојано следење на можните соработници и постојана соработка со меѓународните разузнавачки служби. Нивните оперативци мора да извршат притисок на терористичката мрежа низ постојани напади. Исто така, мора да ги пресечат нивните финансиски канали.

Без оглед на присуство или недостиг на докази во планираните операции од суштинска важност е потенцијалните терористи да се натераат во бегство.

***Противтерористички акции за одмазда***

Противтерористичките активности за одмазда станаа вообичаени во кризните региони, особено во државите со муслимански предзнак. Практичен пример за тоа изгледа вака:

*Во текот на 2002 година Израел, одговарајќи на ескалацијата на палестинските самоубиствени напади, тргна во воена пресметка со палестинските терористички организации на Западниот Брег. Во терористичките напади имаше могубројни жртви, бидејќи терористите избираа објекти и места каде што се движеа поголем број луѓе. Така во самоубиствениот напад на палестинскиот самоубиец на 19. јуни 2002 година на израелски автобус во Ерусалим загинаа 19 луѓе, а повеќе од 50 се ранети. Истиот ден самоубиец-бомбаш активира бомба на раскрсница во Ерусалим каде загинаа 8, а се ранети 37 луѓе.*

Како резултат на терористичките акти, израелската влада одлучи да употреби воени ресурси, тенкови и оклопни транспортери за уништување на објектите во кои се наоѓаа штабовите на палестинските служби за безбедност, канцелариите на терористичките организации и бегалските логори во Наблус, Калкилија, Џенин и Рамалах, но притоа, израелските безбедносни сили со булдожери ги уништуват и куќите во кои живее и недолжно население. На тој начин се прави обид за принудување на палестинското општество да страда поради акциите на терористите, со што самото население би се свртело против терористичките организации кои ги планираат тие напади.

Втор сличен пример се активностите на турската влада. Во пролетта 2007 година истите мерки ги презема турската војска која ги гранатира базите на военото крило на Работничката курдска партија (П.К.К.) во Северен Ирак, од каде потекнуваа нападите насочени против властите во Анкара и армијата, а во која страдаа и цивилите.

Турција наведува дека има право да дејствува и да ги спречи прекуграничните упади од борците на Работничката курдска партија (П.К.К.) во Турција, каде што изведуваат смртоносни акции, а потоа се враќаат назад во Ирак. Следи пешадиска операција на турската војска во Северен Ирак, меѓутоа, според изјавите на очевидците, курдските борци брзо се повлекле во внатрешноста на Ирак, со што го избегнале директниот судир со турската војска, која се вратила на сопствена територија.

Ефективноста на противтерористичките нападите е сè уште дискутабилна. Нејзината ефективност не може да биде потврдена од независни набљудувачи, но од друга страна израелските безбедносни сили продолжуваат со селективните напади против терористичките водачи и организаци,што може да се земе како показател за успешноста на кампањата против самоубиствените терористи и мрежата која ги обучува и финансира. И покрај прецизноста на нападите и обидите да се избегнат колатералните штети, при овие напади сè повеќе загинуваат невини цивили, предизвикувајќи револт кај палестинското население и загриженост на меѓународната заедница.

Освен тоа, проценка е дека не би требало да се изведуваат воени акции против бомбашите-самоубијци доколку не се располага со веродостојни информации за нивната поврзаност со одредени терористички организации.

***Физичка заштита***

Физичката заштита на можните цели е оперативна мерка за заштита и одбрана, која исто така вклучува голем спектар на мерки и напори за ослабување на ефикасноста на терористичката организација. Кревањето на бетонските ѕидови можеби на некого му се чини како смешна идеја, но таа исполнува две основни цели: го намалува ефектот на експлозијата на бомбата, но и кога терористот ќе успее да дојде до целта, тие служат да ги одбијат потенцијалните напаѓачи. Кога се соочени со добро заштитените цели и кога никогаш не знаат кога ќе бидат уапсени или убиени, секоја самоубиствена група тешко дека ќе се одлучи на акција.

Особено значајно е разгледувањето на аспектите на физичката безбедност: заштитни бариери, стражари, кучиња, електрооптичка опрема, затворен ТВ систем за набљудување, контрола на влезот и комуникациите, систем за детекција, осветлување, одбележување на забранета територија.

Физичката безбедност мора да се урамнотежи во нејзиното управување и да се поистовети со системот кој се користи во превенција на криминалот што може во голема мера да доведе до намалување на степенот на самоубиствениот тероризам.

Зголемувањето на физичката заштита бара големи средства и често може да е неизводливо (на пр. како да се заштитат автобусите за време на големи гужви, со голем број на постојки и голема фреквенција на патници) и не гарантира сигурен успех. Поради елементот на изненадување, предноста ја имаат бомбашите.

***Акции на превенција низ доктрина на набљудување***

Искуството во борбата со терористите ја става во преден план доктрината која почива на принципот на непрекинато набљудување, извидување и максимална будност. Тој принцип мора дисциплинирано да се почитува и да стане речиси начин на живеење на секој оној кој може да биде загрозен.

Политиката и стратегијата на меѓународната заедница во борбата против тероризмот треба да бидат универзално прифатени од сите земји во светот. Постојаната будност, набљудување и извидување на терористичките сили и активности е услов без кој не може успешно да се реализира противтерористичка одбрана, без разлика колку моќен модел да има.

Како за пример, безбедносните сили на САД имаат изработено стручни упатства во кои се прецизираат стандардизирани мерки за противтерористичката заштита, кои мора да бидат применети во сите воени бази на вооружените сили на САД низ целиот свет, што е само почетна основа на новиот модел.

Во доктрината на набљудување, новина е и тоа што членовите на Меѓународната асоцијација на шефовите на полициите имаат нова обука за спротивставување на бомбашите-самоубијци по нападите во Лондон. Меѓународните полициски сили треба да ја обелоденат доктрината која вклучува употреба на специјално обучени одреди на кои им е наредено врз сомнителните бомбаши самоубијци да пукат право во глава.

***Давање на чувство на психолошка сигурност***

Владите никако не смеат да заборават дека тероризмот е вид психолошка војна и дека самоубиствениот тероризам е неговиот краен облик.

Спротивставувањето против тероризмот мора да е психолошко, а битката најчесто се води во умовите на обичните луѓе. Дури и ако владата нема ефикасни мерки против самоубиствениот тероризам, мора да ги убеди граѓаните дека не се глинени гулаби и дека таа прави сѐ што може за да ги заштити. Обичниот народ би требало, всушност, да биде известен за психолошката војна која се води против него. Слободните граѓани кои знаат каква војна се води против нив, имаат тенденција да развијат многу отпорни „терористички антитела“ кои внесуваат оптимизам и објаснување на заднината и крајните цели на извршените дела.

## Заклучок

Самоубиствениот напад наједноставно може да се дефинира како терористички акт во кој извршителот ја уништува или настојува да ја уништи целта, а притоа свесно го жртвува својот живот. Парадоксот на овој феномен на свесно жртвување на сопствениот живот за политичките цели е уште поголем бидејќи во модерните војни, тренд е намалување на загубите кај војниците како и колетарните жртви, а дури и во држави кои не се темелат на либерални начела, зачувување на животот на луѓето стана императив. Денес во светот

постојат десетина терористички групи способни за изведување вакви терористички акци[10]. И покрај тоа што портретирањето на бомбашите-самоубијци може да биде извонреден академски предизвик, во вистинскиот свет тоа е помалку битно од разбирањето на состојбата на свеста и модус операнди /modus operandi/ на терористичките лидери кои никогаш сами не вршат убиства, но посегнуваат по самоубиствените акции со ладнокрвна пресметаност.

Иако не постои единствена формула за борба против тероризмот, искуствата од изминатите две децении укажуваат на заклучок дека постојат комплементарни политички и оперативни мерки за заштита и одбрана. Во борбата против бомбашите-самоубијци од голема важност е да се натераат организациите да разберат дека мораат да платат висока цена за своите акции. Водачите на организациите кои се служат со самоубиствениот тероризам очигледно се подготвени за големи ризици. Согласно со тоа, политичката борба против бомбашите самоубијци секогаш мора да биде потпомогната со силен оперативен притисок.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Ackermann Alice, “The Prevention of armed conflicts”, 2003;.
2. Volsh Edmund.School of Foreign Service Georgetown University, 2001;
3. Wilkinson Paul, „Why Modern Terrorism?”, 2003;
4. Merars “Palestinian suicide terrorism»“, Power Point presentation;
5. Котовчевски М. „Разузнавањето златен клуч во борба против тероризмот”;
6. R. E. Pape, “Dying to kill us”, New York Times, 2003.
7. .R. Gunaratna, “Suicide terrorism a global threat”, Janes Inteligence Review, 2000;
8. Christopher Greenwood, “International Law and the Conduct of Military Operations”, 2001
9. Gray Colin, “Combating Terrorism” 1993;
10. Hans H. Mack “Terrorism and Changing Nature of Conflict” 2003;
11. Nick Pratt, “The New Terrorism”, 2003;
12. Kinney Pancho, The U.S. View of the Terrorist Threat, 2003;
13. Kangas Roger ” International relations and global trends: Has global terrorism introduced a new era?, 2003;
14. Sean D. Murphy, “Terrorism and the Concept of Armed Attack”, 2002;
15. Списание„Современа македонска одбрана“, Скопје 2002
16. Списание “Time” од 8. април 2002;
17. Списание “Time” од 14. април 2002;
18. United States Department of State “Patterns of Global Terrorism” 1999
19. Шикман М., „Појавни облици самоубилачког тероризма“, Безбедност - Висока школа унутрашњих послова, Бања Лука, 2006;


[10] Тоа се „Ал Каеда“ /Al Kaeda/, потоа во моментов неактивните „Тамилски тигри“ од Шри Ланка, „Курдската работничка партија“ – ПКК во Турција, тука се и незаобиколните палестински групи: „Исламско движење на отпорот – Хамас“ и „Исламски џихад“, на кои во последно време им се имаат придружено и „Бригадите на мачениците на Ел Акса“ /El Aksa/, потоа чеченската група „Ал Ансар“, либанонскиот „Хезболах“, египетскиот „Исламски џихад“ и „Гама ал Исламија“ / Gama al Islamija/, потоа „Вооружената исламска група ГИА“ /GIA/ од Алжир, „Ласкхар-е-Таиба“ во Кашмир како и помалку познатата индиска група „Барбар Кхалса“ /Barbar Khalsa/, а секако тука треба да се спомнат и ирачките милитанти чија политичка заднина сè уште не е до крај позната.

# ПСИХОЛОШКИТЕ ПОРЕМЕТУВАЊА И ВОЈУВАЊЕТО – КРАТКА ИСТОРИЈА ЗА PTSD

**Јулијана СТОЈАНОВА**
Министерство за одбрана на Република Македонија

**Апстракт:** *Војната не е вообичаено животно искуство и кога таа ќе се случи, им се случува на поголем број луѓе во нивниот простор и време и од нив неопходно бара дополнителни напори и ангажирање на механизми за справување, кои не се дел од секојдневниот репертоар на справување. Психолошките пореметувања како последица на војувањето, не оставаат видливи траги. Тоа е една од главните причини зошто е тешко да се зборува со јазикот на статистичките проценки, евидентирани случаи низ постарата и понова историја на војувањето. Однесувањето на војниците и населението во услови на војна било набљудувано низ историјата на војувањето. Психичкиот шок кај војниците на боиштата е познат од памтивек. Реакциите, како и симптомите на стрес за време на војна се опишани од учесниците во војната кои се почувствувале како жртви во неа, и тие симптоми и реакции се непроменливи со векови. Низ историјата, овие реакции се спомнуваат со различни термини иако опишуваат исти состојби како што се борбен замор, исцрпеност, гранатен шок.... до посттрауматски стресни реакции или растројства (PTSD). Проучувањето на психичката траума се соочувало со тенденцијата во општеството жртвата(те) да се дискредитираат или да се направат невидливи. Во истражувањата на оваа проблематика се сретнуваат низа полемики, кои во одредени историски периоди стануваат доминантни, а се однесуваат за тоа дали пациентите со посттрауматски состојби имаат право на нега и почит или заслужуваат презир, дали тие навистина страдаат или симулираат, дали нивните приказни се вистински или лажни, дали се измислени или злонамерно фабрикувани. И покрај обемната литература што го документира феноменот на психичка траума, дебатата сеуште се фокусира врз основното прашање: дали овие феномени се веродостојни и вистински. Систематското проучување на психичката траума зависи од поддршката во заедницата и политичката клима. Имено, дали таквото проучување може да се спроведе или дискутира во јавноста е само по себе политичко прашање. Проучувањето на воената траума станува легитимно само во оној контекст кој што го доведува во прашање жртвувањето на младите мажи и жени во војната. Психолошкиот третман на случаите со PTSD е од комплексна и мултидимензионална природа кој бара холостички пристап.*

**Клучни зборови:** *војна, психолошки реакции низ историјата, PTSD*

# PSYCHOLOGICAL DISORDERS AND WARFARE
# BRIEF HISTORY OF PTSD

**Abstract:** *Warfare is not the usual life experience and whenever it occurs, it happens to a larger number of people in their own environment and time, and it is necessary to seek additional efforts and to employ management mechanisms that are not part of the everyday coping repertoire. Psychological disorders as consequences of war do not leave visible traces. This is one of the main reasons why it is so hard to use the language of statistical evaluations throughout the older and more recent history of war. The soldiers' behavior and the behavior of the population in times of war have been studied in the history of war. The psychological shock that soldiers suffer on the battlefield has been known since the beginning of mankind. Reactions, as well as symptoms of stress during times of war have been depicted by those who felt to be the victims, and those symptoms and reactions remain as such for centuries. In the course of history, these reactions are mentioned under different terms, although describing one and the same conditions, such as "*combat fatigue.*" "exhaustion", "soldiers heart", "shell shock" , etc. as well as PTSD.*
*The study of psychological trauma has encountered the tendency where the society discredits the victims or makes them invisible. In the research of this subject there are many polemics, which in certain historical periods have taken a dominant role, and they relate to the fact whether patients suffering from PTSD have the right to medical attention and people's respect or they are worthy only of contempt, whether they suffer indeed or they simulate the symptoms, whether their stories are real or fake, whether their stories are made up or malicious or fabricated. In spite of the extensive reference materials that document this psychological phenomenon, the debate still focuses on the basic issue: whether these phenomena are genuine or not. The systematic study of psychological trauma depends on the community's support and the political ambiance; namely, whether this study can be conducted or discussed publicly is inherently a political issue. The research on war trauma becomes legitimate only in the context which poses the question of sacrificing young men and women in times of war. The psychological treatment of PTSD cases has a complex and multidimensional nature that calls upon a holistic approach.*

**Key words:** *war, psychological reactions throughout history, PTSD*

## Вовед

*Луѓето не се вознемирени од работите сами по себе,*
*туку од тоа како гледаат на нив*
***Епиктетус***

Војната како општествен феномен низ историскиот развој на човештвото ги следи сите промени кои ги носи општествениот, економскиот, техничко-технолошкиот и друг развој. Военото организирање и делување, како иманентна функција на организираните заедници на луѓето, од самите почетоци до современите државни зедници условуваат сите

земји да одржуваат помалку или повеќе бројни и моќни вооружени сили, како гаранција на својата безбедност и сувереност, но и како инстумент на воспоставување, наметнување и одржување на нарушениот мир во меѓународни рамки.

Императив на секоја армија во светот е да има воен персонал, високо професионален, врвно обучен и психофизички подготвен за предизвиците на секојдневното конфликтно живеење, кое е стресно и високоризично по сопствениот живот и животот на другите. Со напредокот на науката и технологијата, се менувал и начинот на војување, а со тоа и последиците предизвикани од нив. Физичките повреди, ранувања и смрт се карактеристични за традиционалните војувања, додека во современите воени конфликти од 20[от] век наваму, со осовременувањето на начините на војување, софистицираната опрема, техники и оружја, бројот на психичките пореметувања како последица на војната има тенденција на зголемување. Кога се разгледуваат вакви случаи често сме насочени да ги броиме жртвите и физичките повреди или исчезнатите. Често заборавме една многу значајна околност, која ја носи војната, а која се манифестира преку психолошките повреди и страдања. На одреден процент од оние кои преживеале, им се случува секојдневно да ги предоживуваат ужасите на војната. Се проценува дека во Втората светска војна имало околу 1.339.000 вакви случаи. Американската асоцијација на психијатри, создавајќи го терминот посттрауматски стрес (PTS), исто така и посттрауматско пореметување (PTSD) ги објаснува и клинички ги идентификува условите под кои страдаат индивидуите и тоа секогаш за време на конфликти и војни откако ќе доживеат трауматски настани.[1]

Психолошките пореметувања како последица на војувањето, не оставаат видливи белези. Тоа е една од главните причини зошто е тешко да се изброи колку војници од една војна имаат ваков вид пороблеми или болести. Војниците во секоја војна, дури и оние кои биле сметани за херои, огорчено се жалат дека никој не сака да ја знае правата вистина за војната. Кога постои чувството дека жртвувањето е обезвреднето, тогаш се открива дека најтрауматските настани од животот се случуваат вон царството на општествено потврдената реалност. Тогаш сопственото искуство станува неискажливо.

Проучувањето на психичката траума мора постојано да се бори со тенденцијата жртвата да се дискредитира или да се направи невидлива. Низ историјата на оваа проблематика, владее полемиката за тоа дали пациентите со посттрауматски состојби

[1] While PTSD has likely been around for centuries, only as recently as 1980 has the American Psychiatric Association (APA) officially added PTSD to its Diagnostic Manual of Mental Disorders (DSM). The criterion that the American Psychiatric Association uses to diagnose PTSD includes: - A person has been exposed to a catastrophic event involving actual or perceived death or injury. This event must be characterized by intense fear. -The duration of the PTSD symptoms last at least a month. -The person experiences significant occupational, social or other distresses as a result of the PTSD. -The person starts to avoid anything that will cause them to re-experience the event. He also general experiences a numbing effect that interferes with his personal relationships.-The person tends to be in a state of *hyper arousal* that results in him being startled very easily and being vigilant to the point of paranoia.-The traumatic event persists as a dominating psychological experience, typically causing a person to experience flashbacks of the event from other stimuli. -

имаат право на нега и почит или заслужуваат презир, дали тие навистина страдаат или симулираат, дали нивните приказни се вистински или лажни, дали се измислени или злонамерно фабрикувани. И покрај обемната литература што го документира феноменот на психичка траума, дебатата сѐ уште се фокусира врз основното прашање: дали овие феномени се веродостојни и вистински. Постојано се доведува во прашање не само веродостојноста на пациентите туку и на истражувачите на пост-трауматските состојби.

За да се задржи трауматскиот настан во свеста, неопходен е општествен контекст, којшто на жртвата ѝ дава потврда и заштита и на тој начин ги задржува жртвата и сведокот заедно во сојузништво. За индивидуалната жртва, овој општествен контекст го создаваат пријателските, љубовните и семејните односи. За поширокота општествена заедница, општествениот контекст го создаваат политичките околности, движења што им даваат глас на немоќните.

Систематското проучување на психичката траума зависи од поддршката во заедницата и политичката клима. Имено, дали таквото проучување може да се спроведе или да се дискутира во јавноста е само по себе политичко прашање. Проучувањето на воената траума станува легитимно само во оној контекст кој што го доведува во прашање жртвувањето на младите мажи и жени во војна. Во ова поле ќе забележиме напредок само ако постои политичка волја и поддршка, која треба да е доволно силна да го оправда сојузот меѓу истражувачите и пациентите и да дејствува спротивно од вообичаените општествени процеси на замолчување и одрекување. Во отсуство на ваква политичка поддршка за човекови права, активниот процес на сведочење неизбежно отстапува пред активниот процес на заборавање. Потиснувањето, подвојувањето и одрекувањето се феномени како на општествената така и на индивидуалната свест.

Некои прекршувања на општествените правила и норми се премногу страшни за да бидат обелоденети. Меѓутоа, желбата да се одрече ужасот е речиси еднакво силна како и убедувањето во залудноста на одрекувањето. И во народните преданија духовите не почиваат мирно во своите гробови се додека наоколу кружат приказни за нив. Убиството сака да излезе на виделина како и сите други неправди и страдања. Паметењето и кажувањето на вистината за застрашувачките настани се предуслов за обновување на редот во заедницата и за излекување на жртвите.

Конфликтот помеѓу волјата да се одрече ужасот предизвикан од некој настан и вољата тој настан да се објави гласно, е средишна оска во дијалектиката на психичката траума. Луѓето кои преживеале ужасни случувања, често своите приказни ги раскажуваат на крајно емоционален, противречен и фрагментиран начин што ја подрива нивната веродостојност, служејќи на двојниот императив- или вистината да се изнесе на виделина или да се затаи. Тогаш кога вистината ќе се осведочи, преживеаните можат да го започнат процесот на заздравување. Но, бидејќи затајувањето преовладува, приказната за трауматскиот настан не излегува на површината како вербален чин туку како симптом (на некоја болест). Зафатени од влијанието на трауматскиот настан не се само жртвите туку и сведоците на траумата. Оние кои се обидуваат да ги опишат ужасите на кои биле сведоци, истовремено го ризикуваат својот кредибилитет. Да се говори јавно за она што се знае во врска со ужасните настани, значи да се навлече врз себе истиот жиг на срамот со која што е обележана жртвата.

Знаењето за ужасните настани, одвреме навреме продира во јавната свест, но ретко се задржува. Одрекувањето, потиснувањето и подвојувањето дејствуваат како на

општествено така и на индивидуално рамниште. Проучувањето на психичката траума има „подземна“ историја. Исто како и трауматизираните луѓе, мора да се разбере минатото за да се подобри сегашноста и иднината. Според тоа, разбирањето на психичката траума започнува со повторното откривање на историјата. Кога потиснатите чувства, идеи, сеќавања испливуваат на површината во свеста, јасно се забележуваат, како во историјата на општествата, така и во историјата на поединците. Кога преживеаните ја раскажуваат својата приказна и сведочења, ја реконструираме историјата во светлината на минатите настани и на тој начин им даваме значење на сегашните симптоми, крајно и на сегашноста.

Пострауматското стресно пореметување или познатиот PTSD (Post-Traumatic Stress Disorder), е акроним кој сите војски не сакаат многу да го употребуваат. Повеќе се претпочитале термините „ситуационо пореметување“, „маладаптивни проблеми“, со нагласување на привремено, ситуационо условените проблеми. Денес сè уште со PTSD се мачат повеќе од 30 проценти од виетнамските ветерани. Последните статистички податоци за последиците од војната во Ирак зборуваат дека помалку од 10% од домашната општа популација ќе развијат PTSD, а секој шести војник кој ќе се врати дома ќе страда од ова заболување. Се очекува војниците за двапати повеќе да се подложни на развивање на PTSD од офицерите, а кај жените кои биле во мисија во Ирак се сретнуваат потешките заболувања на PTSD[2].

Во денешно време има големи разлики во третирањето на овој вид проблеми, а повеќето од евидентираните случаи не преминуваат во хрончни. Освен тоа, во изминатиот период, терапијата била екстремна, или пациентите биле игнорирани или биле третирани како реконвалесценти. Научените лекции од Виетнам, и другите воени конфликти се однесуваат исклучиво на улогата и значењето на превенцијата, на навремената реакција на службите, на заедницата. Тогаш, можеме слободно да кажеме дека повеќето случаи можат да се решат само со мала поддршка и терапија.

Значајно е да се имаат предвид искуствата на армиите во светот во справувањето со PTSD кај своите војници. Со тоа, после враќањето од мисијата тие можат да се вклопат во социјалното живеење, на работа, со семејството. Ненавремените мерки го попречуваат вообичаеното функционирање во општеството и создаваат, не само лични и семејни, туку и проблеми за заедницата.

Да се проучува психичката траума значи да им се погледне в лице, како на човековата ранливост, така и на способноста за зло, што се крие во човековата природа. Да се проучува психичката траума значи да се биде сведок на ужасни настани.

## Психолошки нарушувања

Во право би биле кога би кажале дека реакциите како и симптомите на стрес за време на војна се опишани од учесниците во војната кои се почувствувале

2 www.psychiatric-disorders.com

како нејзини жртви, и тие симптоми и реакции се непроменливи со векови. Однесувањето на војникот и населението во услови на војна било набљудувано низ историјата на војувањето. Поинаку кажано, без разлика дали се работи за Првата или Втората светска војна, Фокландите, Заливската војна, Ирак или Авганистан, кај војниците било забележано слично однесување. Низ вековите, биле употребувани различни термини за да се опишат овие искуства. Почнувајќи од носталгија, гранатен шок, трауматски воени неврози, борбена исцрпеност, голем стрес. Тие биле употребувани да се опишат состојбите покасно познати како посттрауматски стресни пореметувања или PTSD.

Посттрауматското стресно пореметување е дефинирано во 1980 година од Американското здружение на психијатри, при што оваа дијагноза е вклучена во Дијагностичкиот и Статистички прирачник за ментални пореметувања (DSM)[3], кој упатува на DSM III, како званична дијагностичка категорија и според тоа разгледува стресни реакции кои се во врска со војна познати како PTSD. Факт е дека PTSD е ново име за една стара приказна- војната секогаш имала одредени психолошки влијанија врз луѓето со краткорочнни или долгорочни последици. PTSD има историја  која е значајна како и секоја од болестите за себе. Таа постои заедно со нас со илјадници години, како и катастрофите и  трагедиите низ историјата.

Пред три илјади години, еден египетски воин по име Хори, вака ги опишал чувствата кои ги доживеал пред одење во битка: ...„Ти си се одлучил да одиш напред.... Ти поминуваат морници , ти се креваат влакната на косата, ти се чини како душата да ти е во рака”.

Во историјата постојат податоци дека кај војниците Египќани, Римјани, Грци се сретнувале случаи на мажи скршени и загубени во воените услови - со други зборови, војниците во минатото не биле помалу уплашени од смрта и умирањето.

Така на пример, грчкиот историчар Херодот, во пишувањето за битката за Маратон во 490 година пред н.е., го наведува примерот за еден атински борец кој целосно ослепел кога  војникот кој бил до него го убиле, иако  истиот „не бил погоден на ниедно место од неговото тело“. Според тоа, ослепувањето, глувоста, парализирањето, под други околности, се заедничка форма на „конверзивните реакции“, доживеани и добро документирани кај денешните случаи на пост-трауматски реакциии.

Херодот исто така пишувал за спартанскиот војсководец Леонидас, кој во битката кај Термопилите во 480 г п.н.е, отстранил дел од своите воини  во следната битка затоа што јасно препознал дека биле психолошки истрошени од

[3] American Psychiatric Association, *Diagnostic and Statistical Manual of Mental Disorders*, Washington, American Psychiatric Association, 1980.

претходнната битка. „Тие немале срце за борба и биле неподготвени да ја понесат тежината и опасноста која претстоела”. Херодот пишувал и за друг Спартанец по име Аристодемус, кој толку многу се тресел по битката што бил наречен „тресачот“- кој потоа се обесил не можејќи да се справи со срамот.

Илјада години подоцна, овие појави не се промениле и се опишуваат на примерот на еден англиски лидер. Во *Anglo Saxon Chronicle* се говори за битката во 1003 година помеѓу Англичаните и Данците, во која англискиот командант Алфред, наводно станал толку многу болен што почнал да повраќа и не бил способен да ги води своите луѓе.

Познато е дека PTSD не е ограничен стриктно само на воените доживувања и искуства од војните. Samuel Pepys бил англичанец кој живеел во Лондон во периодот околу 1600 г. Неговиот дневник го преживеал големиот пожар во Лондон и обезбедува исклучителни записи за развивањето на PTSD симптоми. Во записите за големиот пожар во Лондон во 1666, Pepys ги наведува примерите за човечкиот терор и неможниста да го заштити сопствениот имот или да се запре огнот. Тој напишал: „Многу непријатен, грозен крвав пожар....Повеќе преовладуваше нашиот страв...тоа беше доволно да не избезуми“. Иако неговиот дом бил недопрен од огнот, Pepys не можел да спие со денови после пожарот. Тој напишал: „ И буден и на сон чувствувам страв во срцето, затоа морам да земам малку одмор“. После две недели тој напишал: „Во денешно време многу е потешко во ноќите со соништата за пожарот и рушењето на куќите“. Дневникот ни кажува за општите чувства на бес и незадоволство кои преовладувале следните четири месеци. Потоа Pepys забележал дека потоа и гледањето на чадот од оџакот, некое време „му предизвикувало голем страв и непријатност”. Сите овие симптоми денес се опишуваат во болеста дијагностицирана под името PTSD.

За првпат, во записите на швајцарските воени доктори, во 1678 година, се идентификува однесувањето кое предизвикува борбена реакција или денес позната PTSD, преку терминот „н*осталгија“.*Овој термин го користеле за да ги идентификуваат условите окарактеризирани како меланхолија, постојано мислење за дома, немирен сон или несоница, слабост, губиток на апетит, анксиозност, срцебиење, укоченост и грозница.

Германските доктори го дијагностицирале проблемот кај нивните трупи речиси во исто време како и швајцарските. Тие упатуваат на состојба како heimweh**,** или болест за дома. Очигледно, силно се верувало дека симптомите доаѓат заради мечтаењето на војниците за враќање дома.

Во исто време, со истиот термин „носталгија“, француските доктори ги означувале симптомите како **maladie du pays**, а шпанските доктори, соочени со слични реакции кај нивните војници, овие реакции ги нарекле **estar roto**, или „да се биде скршен“.

За време на опсадата на Гибралтар 1727г., војник, кој бил дел од одбраната на градот, пишувал дневник. Во него, има споменато настани во кои војниците се убиваат и повредуваат меѓу себе. Тој исто така опишал состојба на екстремен физички замор кој предизвикал војникот да не може да разбере или изврши дури и наједноставни наредби. Во таа состојба, војниците одбивале да јадат, пијат, работат или да се борат за одбраната на градот, иако тие биле повеќе пати камшикувани за одбивањето на овие наредби.

Француски хирург, Larrey, го опишал пореметувањето кое денес го нарекуваме PTSD- во три различни фази. Првата е состојба на силна вознемиреност и фантазирање; втората е период на  грозница и нагласени гастроинтестинални симптоми; последната фаза е состојба на фрустрираност и депресија.

За време на Граѓанската војна во Америка, воените доктори дијагностицирале многу случаи на функционална неспособност како резултат на страв од борба и стресовите во воениот живот.Тоа вклучува широк степен на болести, денес познати како болести предизвикани од емоционални турбуленции, вклучувајќи ја и парализата, треморот, самоповредување, носталгија, некои палпитации - наречени *„војничко срце“, и „изморено срце“.* Имало изненадувачки записи дека некои војници кои се вратиле од Граѓанската војна во нормален живот, често паѓале во емоционални болести дома, иако не покажувале никакви симптоми на ментални проблеми пред да го напуштат боиштето.

Сè до крајот на 19. век општото сфаќање и третирање на овие појави било особено негативно: војниците кои покажувале симптоми за потешкотии, страв, разочараност и сл., во текот на војната или после тоа се третирани како слаби, кршливи, па обично ги казнувале, дури и ги стрелале за пример на другите, а во најдобар случај биле отпуштани од војска со нечесна етикета на страшливци, „слаби“ мажи и докажани кукавици.

Таквиот пристап веројатно произлегол од традиционалните настојувања учеството во војна да се прикаже во исклучително позитивно светло со цел да се зајакне мотивацијата на војниците и подготвеноста за изложување на опасности и ризици на бојното поле. Во митовите и легендите, во литературните дела и филмовите за војните и војувањето, се зборува (ло)  како за исклучителна чест и витешка улога во која доаѓаат до израз не само најдобрите вредности и особини на учесниците, туку и нивната решителност, храброст и подготвеност на жртвување за општото добро на заедницата(Gabriel, 1991).

Во светот кој не е совршен, особено кај малите народи кои биле осудени да ги јакнат своите одбранбени потенцијали и својот народ да го подготвуваат за ситуациите на воена загрозеност, со прикривањето или минимизирањето на другата, потемната страна на војната, која неизбежно носи низа трагични последици, од умирања, инвалидитет, ранување, загуба на блиските, на имоти, но и сериозни психички трауми и пореметувања, се настојувало да се избегне

можноста за колебливост на идните војници. Во согласност со ова, секое однесување на бојното поле, кое отстапувало од пожелните и прокламирани обрасци на однесување, е доживувано како закана на темелните одбранбени начела на заедницата  и затоа морало да биде казнето.

Во современите војни, водени во 20.век, со учество на значително поголем број луѓе и  разорни оружја за масовно уништување,  многу поголем број на луѓе биле изложени на разорните дејствија на дотогаш непознатите оружја, што, заедно со другите фактори, довело до голем број психички загуби: оние кои без знаци на физичка повреда, ранување, биле неспособни за понатамошно учество во војната на подолго време. Врежаното сфаќање за кукавиците, морало да биде променето, затоа што прогласувањето на цели полкови, па и дивизии војници за кукавици, не само што би било погрешно, туку и би го отежнало или оневозможило нивното враќање на боиштето, односно би ја ослабнало целокупната одбранбена моќ на целата земја.

Интересно е да се збележи дека во првите обиди да се даде стручно толкување на психичките потешкотии предизвикани од трауматски настани, кои се јавуваат кон крајот на 19 и почетокот на 20 век, вниманието е насочено главно на физичките причини и физиолошките симптоми кај трауматизираните, додека психичката пореметеност сама за себе во почетокот потполно се отфрла или се избегнува да се воочи. За тоа,  веројатно постојат неколку причини. Прво, сè до 19-иот век постоело општоприфатеното негативно мислење за психичките заболувања, психичките болни се доживуваат како закана за општествената зедница, а третманот се сведува на изпртување и криење од очите на јавноста во затворени клиники со многу лоши животни услови. Второ, во тоа време многу мал број  експерти се знимавал со прашањето на менталното здравје, а психијатријата и психологијата почнувале да се потврдуваат како нови научни и стручни дисциплини. И трето, и самите заболени, под притисок на веќе прифатените ставови, во страв дека ќе бидат жигосани како страшливци, кукавици или лудаци, кај докторите обично пријавувале физиолошки симптоми, прикривајќи ги значително побројните психички тешкотии.

Така, кон средината на 19-тиот век, голем број луѓе кои ги преживеале, тогаш зачестените железнички несреќи, се јавувале кај лекар жалејќи се на болки во пределот на карлицата и со симптоми на одземеност. Новата болест добива име *„железничка карлица“* или железничка хистерија (“railway spine” or “railway hysteria”)  и се толкува како последица на физичката траума на ‘рбетот до која доаѓа при железничка несреќа. Меѓутоа, направените аутопсии покажале дека ‘рбетот на овие пациенти бил скоро неоштетен, што упатувало на заклучок дека болките во грбот и другите телесни симптоми се јавиле како последица на стресот доживеан за време на трауматскиот настан, односно ,дека станува збор за психички предизвикано пореметување кое било означено како *„трауматска*

*невроза"*. Познатиот автор Чарлс Дикенс, доживеал железничка несреќа во Staplehurst во Кент , Англија, на 9 јуни 1865 година. Тој страдал од симптоми кои денес ги дијагностицираме како PTSD. Дикенс, во своето писмо ја опишува ужасната сцена на настанот: „Два или три часа работа. . . меѓу мртвите, умираат… опкружен сум во страшно место ...“ По некое време, тој напишал дека се променил:„Јас не сум сосема добар, но веруваат дека тоа е резултат од ефектот на тресење на железницата.“

За време на Првата светска војна, голем број војници се жалеле на проблеми со слухот. Потоа следело толкувањето дека интензивната изложеност на топовски оган предизвикува шок до кој доаѓа под влијание на гасовите од експлозијата на гранатата, или пак, поради потрес или нагмечување на мозокот. Во почетокот, симптомите на нервниот слом биле припишувани на телесни причини. Британскиот психолог Чарлс Маерс (1915) испитувал некои од првите случаи, овие симптоми ги припишал на потресувачките ефекти од експлозиите на гранати, а нервното растројство што произлегло од тоа го нарекол *„гранатен шок"(shell shock*). Името и денес се задржало, иако наскоро станало јасно дека синдромот може да се најде и кај војници кои што не биле изложени на никаква физичка траума. Емоционалниот стрес поради долготрајната изложеност на насилна смрт бил доволен да произведе кај мажите невротичен синдром, сличен на хистерија. Уште за време на Првата светска војна, на војниците кои биле глуви, им е направена аутопсија и најчесто не им било најдено оштетување на мозокот или тапанчето. Врз основа на тие наоди, заклучено е дека треба да се разликува „гранатен удар“, кој навистина предизвикуива телесни оштетувања од „гранатен шок“, кој е последица на интензивно емоционално доживување во ситуации на изложеност на артилериски оган (според Trimble, 1985).

Во Првата светска војна, за четири години загинале над осум милиони луѓе. Но бројот на психијатриските жртви бил многу голем. Според една проценка, нервните сломови претставувале 40% од британските воени жртви[4]. Воените власти се обиделе да ги прикријат извештаите за психијатриските жртви заради нивниот деморализирачки ефект врз јавноста. Една од многуте жртви на военото пустошење била илузијата за машката чест и за воената слава. Во услови на постојана изложеност на ужасите на рововската војна, мажите почнале да доживуваат сломови со шокантен број. Затворени и беспомошни, под постојана закана од уништување, присилени да бидат сведоци на сакатење и смрт на своите другари, без никаква надеж за ослободување, многу војници почнале да се однесуваат хистерично. Тие врескале и плачеле неконтролирано.

[4] Artur Anderson,”Anxiety-Panic History: Anxiety, Disorders and Treatments Throughout the Ages” [www.anxiey-panic.com/history/h]

Се вкочанувале и не можеле да мрднат. Онемувале и престанувале да реагираат. Го губеле сеќавањето и способноста да чувствуваат.

За време на Втората светска војна, психичките загуби се сведени во широките и неодредени категории *„воени неврози“ или „борбен замор“* . И со овие именувања, се забележува избегнување  да се воочи разорното дејство на трауматските воени искуства на психичкиот статус на нормалните луѓе, затоа што психичките сломови кај војниците се обидувало да се  прикажат како нездрава, невротска состојба, односно како последица на доготрајната ангажираност која доведува до психичка заситеност и исцрпеност.

Освен трауматските искуства на војниците по учеството во воените операции во Втората светска војна, забележани се бројни потресни сведочења на луѓето од логорите и воените заробеници кои имале бројни психички тешкотии кои поради својата специфичност биле означувани како *„синдром на преживеани“.*

Со доаѓањето на Втората светска војна, дошло и до оживување на медицинскоит интерес за воената невроза. Надевајќи се дека ќе најдат брз и ефикасен начин на лекување, воените психијатри се обиделе да ја отстранат срамната дамка од стресните реакции во борбата. За прв пат се признало дека секој човек може да се скрши под оган и дека психијатриските жртви  можат да се предвидат во директен сооднос со степенот на изложеноста на борба. Навистина, особено внимание било посветено на одредување на точното ниво на изложеност, кое што сигурно произведува психички колапс. Една година по завршувањето на војната, двајца американски психијатри, Х.V.Apel и Х.V. Bibi, заклучиле дека се доволни 200 - 240 денови борба за да се скрши и најсилниот војник: „Не постои  ‘навикнување на борба’ ...Секој момент од борбата наметнува толку големо оптоварување што луѓето се кршат во сразмерност со интензитетот и времетраењето на нивната изложеност. Така психијатриските жртви во војната се исто толку неизбежни како и раните од куршуми или од шрапнели.“

Почитувајќи ја посебноста и различноста на појавите, како и бројноста на забележаните случаи во популацијата ветерани од Втората светска војна, експертите, прв пат во 1952 година, вовеле нова дијагностичка категорија под името *„голема стресна реакција“* (DSM I., 1952), што воедно значело и службено признавање на тоа психичко пореметување. Дијагнозата предвидувала „состојба на интензивен и невообичаен стрес“, во кој „ нормална личност не може да ги користи вообичаените начини на реагирање како би можела да се носи со стравот кој преплавува“, а значителен напредок претставува тоа што оваа дијагноза е применлива и кај нормални личности кои доживеале стрес, кој не можел да се толерира. Со тоа е направен значителен напредок во однос на поранешното сфаќање дека психичкото пореметување на боиштето, по правило, се толкувало како последица на „слаба“ психичка конституција, односно диспонираност за психичко заболување. Во дефиницијата за големата стресна реакција јасно е

нагласено дека станува збор за пореметување кое се јавува кај нормални, психички здрави луѓе изложени на екстремно ненормални настани и ситуации.

Сепак, бројните лични сведочења на војниците, согледувањето на поедини старешини и новите сознанија на експертите, придонеле , во втората половина на 20-тиот век, да дојде до промена во сфаќањето на однесувањето на луѓето во воени ситуации, и до постепено отфрлање на едноставните толкувања. Започнал да се почитува различниот начин на изразување на страв, страшливост или храброст, стресните реакции и посттрауматското стресно пореметување, а посериозно се пристапило во истражувањето на предизвикувачите и причините за нивно јавување во воени и цивилни околности.

## Справување

*„Долго време откако трупите ги напуштија борбите, убивањата и хуманитарните катастрофи, сè уште се соочуваат со личните битки; битки со сеќавањата за сè она што го виделе и доживеале“*

***Casualities of Peace- Judy Piercey;***
***CBC National-Magazine- 2002***

Американските психијатри се обиделе да ги идентификуваат факторите кои што можат да заштитат од акутен нервен слом или да водат кон брзо закрепнување. Тие ја откриле моќта на емоционалната приврзаност меѓу борците. Kardiner и Spigel (1947)[5], психијатри, кои биле на фронт, образложуваат дека најсилна заштита од несовладивиот страв е степенот на поврзаност на војникот со својата непосредна борбена единица и со водачот. Слични откритија пријавиле и психијатрите Roj Grinker и Jon Spigel кои забележале дека, ситуацијата на постојана опасност ги тера војниците да развијат екстремна емоционална зависност од групата на соборци и од нивните водачи. Тие забележале дека најсилна заштита од психичкиот слом е високиот морал, кохезивноста и доброто водство во мала борбена единица.

Стратегиите за лекување што се развиле во Втората светска војна биле направени со цел, одделувањето на заболениот војник од своите другари да се сведе на најмала можна мерка. Се препорачувало куса интервенција, што е можно поблиску до борбените линии, со цел војникот брзо да се врати во својата борбена единица.

Искуствата на психијатрите укажуваат дека растоварувањето од стресните и трауматски сеќавања, само по себе, не е доволно за да се оствари трајно излекување. Кардинер и Шпигел предупредуваат дека, иако хипнозата може да го забрза враќањето на трауматските сеќавања, едноставното катарзично искуство

[5] Judith Lewis Herman, “Trauma and recovery”, 2000

само по себе е бескорисно. Ефектот на борбата, не е како записот на плоча од шкрилец, што може да се избрише, оставајќи ја плочата каква што била порано. Војната остава траен печат во умовите на луѓето, менувајќи ги исто толку корените колку и кое било друго судбинско искуство што го преживуваат.

Според еден извештај, 80% од американските борци , кои доживеале акутен стрес во Втората светска војна, биле вратени на некои должност, најчесто во рок од една недела.30 % биле вратени во борбените единици. Но, малку внимание било посветено на судбината на овие луѓе откако се вратиле на активната служба, а уште помалку откако се вратиле дома, после војната. Сè додека можеле да функционираат на минимално ниво се сметало дека закрепнале. Со крајот на војната, познатиот процес на амнезија започнувал повторно. Тогаш и медицината и јавноста малку ги интересирала психичката состојба на војниците повратници. Долготрајните последици на воената траума биле повторно заборавени.

Систематско истражување од поголеми размери за последиците од војната, било преземено дури по завршувањето на Втората светска војна.

Периодот помеѓу 50-те и 90-те години на 20 -от век е одбележан како период на интензивни проучувања, собирање податоци и сведочења за психичките страдања на луѓето во воени ситуации. Многу слични симптоми на психичка пореметеност се забележани кај луѓе кои доживеале некоја интензивна траума во цивилниот живот, како што е силување, грабнување, учествување во тешка сообраќајна несреќа или страдање во некоја друга катастрофична ситуација (при земјотрес, пожар, во поплави, и сл).што на крајот резултирало со дефинитивно отфрлање на поранешните ставови за тие појави и согледување дека до психичко пореметување кај луѓето може да дојде не заради нивната страшливост или "слаба психичка конституција", туку најчесто, "после изложеноста на стресен настан во кој животот и телесниот интегритет на трауматизираната личност бил целосно загрозен, или насилна смрт или тешко страдање на некоја блиска личност, а на настаните реагирала со силно чувство на страв, беспомошност или загрозеност" (DSM IV., 1994). Освен тоа, утврдено е дека треба да се разликуваат реагирањата на стрес кои се случуваат непосредно после доживеаната траума, во однос на проблемите кои се појавуваат со одредено временско одложување. Затоа, првичната дијагноза, голема стресна реакција, со време е разделена во две посебни дијагностички категории: акутно стресно пореметување и пострауматско стресно пореметување (DSM IV., 1994).

Најголем замав во изучувањето на посттрауматското стресно пореметување уследило за време и после Виетнамската војна. Воениот ангажман на американците во Виетнамската војна оставил непријатни длабоки траги врз целото американско општество, што се искажувало преку бројните тешкотии кои ги изјавувале повратниците од таа војна во периодот на прилагодување на цивилниот живот. Според американските извори, знаци на PTSD покажувале помеѓу 18% дури до

54% виетнамски ветерани, некои пак психичките последици ги преживувале низа години по враќањето од воиштето. Заради масовноста на појавата, но и заради посебноста на природата на воениот судир и дочекувањето на војниците во американската јавност, за посттрауматското пореметување кај виетнамските ветрани се одомаќило иметео на „виетнамски синдром“, кој потоа во медиумите, скоро некритички се одомаќил како синоним за PTSD.

Во 1970-та година, додека Виетнамската војна била во ек, психијатрите Роберт Џеј Лифтон и Чеим Шетан, се стретнале со нова организација „Виетнамски ветерани против војната“. Дотогаш било нечуено воени ветерани да се организираат против сопствената војна и тоа, додека таа сè уште трае.Тие понудиле јавно сведочење за своите воени злосторства, иако некои од нив биле и одликувани за храброст, тие ги вратиле медалите. Тие ги отвориле прашањата за општото сваќање за социјализираниот борец и воениот систем и го демаскирале лажното тврдење на својата земја дека се работи за праведна војна.

Антивоените ветерани организирале „групи за разговори“. На овие интимни средби на луѓе со слични искуства, ветераните ги прераскажувале и преживувале трауматските доживувања од војната. Тие поканиле и психијатри за да им пружат стручна помош. Се поставувало прашањето зошто овие ветерани побарале помош надвор од традиционалното психијатриско окружување? Многумина од нив „трпеле болка“, но не сакале да одат во Управата за ветерани за помош, ним им било потребно нешто што ќе се случува на нивен терен, каде што се комотни и можат да зборуваат со луѓе кои ќе ги разберат.

Целта на групите за разговор била двојна: да се даде утеха на ветераните кои страдале од посттрауматски стрес, и да се подигне свеста за последиците од војната. Сведоштвата што произлегле од нивните групи, го насочиле јавното внимание кон трајните психички повреди од борбата. Овие ветерани одбивале да бидат заборавени, уште повеќе одбивале да ја понесат дамката на срамот. Инсистирале на оправданоста и достоинството на нивната несреќа.

До средината на 70-ите години биле организирани стотици неформални групи за разговори. До крајот на деценијата, политичкиот притисок на организациите на ветераните резултирал со законска обврска за програма за психичко лекување, наречено „Операција за пружање  помош“ во рамки на Управата за ветераните на Америка. Упорното организирање на ветераните го поттикнало систематското психијатриско истражување. Студијата произлезена од ваквите истражувања ги опишува последиците од Виетнамската војна и синдромот на посттрауматското стрес нарушување и ја покажа во неговата несомнена директна поврзаност со изложеноста на  борба.

Тогаш и официјално се признала психичката траума како трајно неизбежна последица од војната. Во 1980-та година, за прв пат карактеристичниот синдром на психичката траума  станал „вистинска“ дијагноза. Тогаш бил вклучен во

Дијагностичкиот и Статистички прирачник за ментални пореметувања (DSM)[6], кој упатува на DSM III, како званична дијагностичка категорија и според тоа разгледува стресни реакции кои се во врска со војна познати како PTSD.

Според Меѓунардната класификација на болестите[7], каде се дефинира посттрауматското растројство, се наведени и типичните реакции на лицата заболени од PTSD. Тие имаат епизоди на повторно предоживување на траумата со наметнати сеќавања ( „флешбекови“), со ноќни кошмари и исцрпувачки соништа, емоционална отапеност, желба за повлекување од луѓето, рамнодушност кон околината, и одбегнување на активности и ситуации што потсетуваат на траумата. Обично постои состојба на претерана будност и засилена реакција на исплашеност и несоница. Анксиозноста и депресијата се често здружени симптоми со овие состојби, со присуство на суицидални идеи, чувство на вина заради тоа што тој/таа преживеал/а а другите не, проблеми со концентрацијата, памтењето и сл.

Низ вековите, биле употребувани различни термини за да се опишат овие искуства. Почнувајќи од носталгија, шел-шок, трауматски воени неврози, борбена исцрпеност, голем стрес. Тие биле употребувани да се опишат состојбите подоцна познати како посттрауматски стресни пореметувања или PTSD.

Dr Jacques Gouws, воен психолог, има спроведено екстензивни студии за борбениот стрес. Тој истакнува во истражувањето дека состојбата на PTSD е како психолошка повреда на мозокот.[8] Овие истражување отишле многу подалеку со покажувањето преку магнетната резонанца (MRI) дека мозокот на оној со PTSD има исти структурални промени како оној со повреди на мозокот. Доктор Gouws (2003) ова тврдење го објаснува со покачувањето на адреналинот во телото на војникот до максимални количини, кои потоа, со изложеноста на стресните настани, оставаат трајни траги и промени во мозокот каде силно се врежуваат сликите од настанот, мирисбите, звуците, чувствата доживеани за време на трауматскиот настан.

Често ги слушаме или употребуваме термините стрес, траума, посттрауматско стресно пореметување (PTSD) , некогаш ги изедначуваме нивните значења или пак, препознаваме некои нивни сличности. Сите овие поими означуваат животни настани кои може да бидат дел од животното искуство на секој човек и сите означуваат гранични ситуации во кои се “тестира“ способноста на поединецот да ги надмине. Во секое од овие искуства се јавува извесна неусогласеност помеѓу барањата на средината и можноста единката тој несклад да го реши и

[6] American Psychiatric Association, *Diagnostic and Statistical Manual of Mental Disorders*, Washington, American Psychiatric Association, 1980.

[7] MKB-10, Svetska Zdravstvena Organizacija, Zeneva, 1992

[8] “Broken Soldiers : Combating Military stress”, CTV W5, 7 March 2003

совлада со вообичаеното користење на механизмите за справување. Стресот и траумата се состојби кои претходат на посттрауматското пореметување, но не го предизвикуваат секогаш. Континуираниот стрес, поради постојаната адаптација и притисокот на средината предизвикува промени кај основните психички процеси.

**Наместо заклучок**

Денес, експертите укажуваат на тоа дека околу 80% од населението доживува најмалку еден трауматски настан во текот на животот. Со цел да се спречат последиците кај преживеаните да развијат пострауматски нарушувања, се промовираат превентивните програми за рано заздравување, интервенции базирани на валидни проценки достапни за пошироката популација.

Суштинатата е да се обезбеди адекватна психосоцијална грижа за жртвите од катастрофата или несреќата. Потресниот исказ на генерал-мајорот R.A. Dallaire покажува колку е значајна навремената интервенција и поддршка на лицата со доживеана траума: „Понекогаш, посакувам да ја имав изгубено ногата наместо да ги имам сите овие извртени сиви клетки во главата. Ќе ја изгубиш ногата и тоа е очигледно, добиваш терапија и сите други работи. Вака го губиш умот, многу е тешко да се објасни тоа, многу поразлично е да се препознае и да се добие поддршката која ти треба. Но, оние кои нема да го препознаат тоа кај себе и нема да побараат помош, сами се доведуваат под ризик, а и нас исто така. Да не отидев да барам помош, јас никогаш немаше да бидам промовиран затоа што веројатно, не ќе бев жив.“ (Major General R.A. Dallaire , On Rwanda- UNAMIR).

Денес, високите воени раководства на армиите во светот заземаат проактивен пристап во решавањето на овие проблеми. За лидерите е многу значајно како нивните војници се справуваат со овие тешки ситуации и колку ќе бидат ефикасни во исполнувањето на идните задачи и колку понатаму ќе останат корисни членови на заедницата. Во тој правец се спроведуваат низа превентивни програми вклопени во програмата за обука на единиците, особено на оние кои одат на специјални задачи, како и во мировни мисии. Новата парадигма во воеността образование и обука, иако не сосема нова, одговара на предизвиците и процесите во светот. Во рамките на овој пристап, на афективната компонента во процесот на образованието и обуката и се придава подеднакво значење како и на физичката и когнитивната. Тие се посматраат како нераздвојни фактори на високопрофесионалниот процес на усвојување на воени вештини и знаења, каде се потенцирани чувствата на самопочитување и самодоверба и лична вредност на војникот, неговите потреби, чувствата за припаѓање и идентитет. Процесот за образование и обука, каде и личноста на војникот е во процес, не се занимава само со однесувањето и физичката подготвеност и постигнувањата на војникот, туку и со неговиот внатрешен живот со неговите доживувања, со вредностите и емоциите.

Новиот пристап во психолошките подготовки и третирањето на психичките проблеми, има за цел да влијае на подигањето на свеста кај раководните структури во армијата, за потребата и значењето на психолошките подготовки, разбивање на предрасудите и стереотипите околу психолошките проблеми и стигматизација, да се посвети целосно внимание и поддршка на секој припадник на армијата во правец на

зачувување и јакнење на нивното психофизичко здравје заради ризиците и предизвиците кои ги носи воената професија.

Како успех на секоја мисија не се смета само зачувувањето на физичкото здравје на војниците кои се во мисија и отсуството на болести, туку и позитивното чувство за себе и добросостојбата на секој од нив. Според проценките на досегашните студии, повеќето случаи на нарушено здравје кај луѓето низ целиот свет не се должи само на инфекции и други физички влијанија, туку се од социјална и бихевиорална етиологија. Според тоа и новата парадигма го менува фокусот од третирањето на болестите во грижа за здравјето до превенција на болестите, од лекување во промоција на здравјето.

Некои настани влијаат на индивидуите на многу различни начини, зависно од возраста, полот, културата, когнитивните капацитети, и развојниот степен. Погрешно е да се заклучува дека еден настан е за сите доживеан како стресор и ако е, дека тој има исто влијание на секој што бил изложен на него. Стресот е лична интерпретација и субјективно доживување на ризикот. Стресот е состојба каде интегритетот на една индивидуа е во опасност и таа мора да ја насочи својата енергија за своја заштита. Што ќе го направи настанот стресен зависи од неговиот капацитет да ги промени вообичените активности на индивидуата. Стресот бара одговор. Изразувањето на одговори, исто како и покажувањето на искуството од стресот, лежи повеќе во субјективното значење дадено на настанот, отколку на неговата објективна реалност.

Искуствата покажуваат дека човекот има способност да се адаптира на околината кога е загрозувачка и опасна, ако успее да воспостави внатрешна контрола на сите расположиви механизми за справување. Интерниот локус на контрола е клучен протективен фактор за отпорноста/резилиентноста кај луѓето. Компетентноста ја креира позитивната самопроценка која е карактеристика на резилиентноста и која води кон емпатија и про-социјално однесување.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1, Ackerman Peter and Duvall Jack, ***A Force more Powerful,*** Palgrave***,*** Hampshire, 2001

2. Aldwin M Carolyn., loriena A. Yancura, ***Coping and Health: A Comparison of the Stress and Trauma Literature,*** Dept. of Human Community Development , University of California, Davis, 2003

3. American Psuchological Association, ***Lover Intelligence may be Risk factor for Posttraumatic Stress Disorder (PTSD)***, 1998, www.sciencedaily.com/releases

4. Bartone T Paul., Thomas W. Britt, & Amy B. Adler, ***Stress, Health & Adaptation During Operation Joint Endeavor*** U.S. Army Medical Research Unit - Europe, Walter Reed Army Institute of Research, Heidelberg, Germany, 1997

5. Bickle Philip, State Emergency recovery Unit, Dept of Human Services***New approaches to assessing vulnerability and resilience***, Australian Jurnal of Emergency menagement, 2000

6. Bramsen Inge, Anja J. E. dirkzwager, M.A, Henk M. van der Ploeg, ***Predeploument Personality traits and Exposure to Trauma as predictors of posttraumatic Stress Symptoms : A Prospective Study of Former Peacekeepers,*** Am J Psychiatry 2000; 157:1115-1119

7. Bjom Helge Johansen, jarle eid, Jon Christian Laberg , Julian F. Thayer, ***The efect of sensitization and coping syle on post-traumatic stress symptoms and quality of life: Two longitudinal studies,*** Scandinavian Journal of Psychology, Vol. 43 Issue 2 p. 181, 2002

8. Bolton E. Elisa., Ph.D, ***Traumatic Stress and Peacekeepers, Nnational Center for Post-traumatic Stress Disorder***, Department of veterans Affairs, 2003
9. **Breslau Naomi, Ph.D., Howard D. Chilcoat, Sc.D., Ronald C. Kessler, Ph.D., and Glenn C. Davis, M.D. ,** ***Previous Exposure to Trauma and PTSD Effects of Subsequent Trauma: Results From the Detroit Area Survey of Trauma,*** Am J Psychiatry 156:902-907, June 1999
10. Britt W Thomas., ***Psychological Ambiguity and Stress on Humanitarian Operations,*** US Army Medical Research Unit-Europe, Walter Reed Army Institute of Research, Heidelberg, Germany, 1997
11. Carlson W Lyle, Robin Gurwitch, Nancy Molitor, H.Katherine O'Neill, Ronald S. Palomares, Morgan Sammons, ***Resilience in Time of War***, American Psychological Association (APA), Washington, D.C, U.S., 2003
12. Carlson B. Eve, delenberg Constance, Armstrong judith, Jull Walker Daniels, Loewenstein Richard, Roth David; ***Multivariate Prediction of Posttraumatic Symptoms in Psychiatric Inpatiens,*** Journal of Traumatic stress, Vol.14,No.3.,2001
13. Cohen Alan, Lahad Mooli, ***Community Stress Prevention,*** The community stress prevention centre, The Health Centre, Kiryat Shmona, Israel, 1993
14. Getso Robert, Ph.D. , ***Preparing Warriors to be Peacekeepers***, University of Maryland,2003
15. Gifford K Robert., Darren R. Ritzer, Thomas W. Britt, John N. Valentine, ***Human Dimensions Research to Support Psychological Readiness,*** Division of Neuropsychiatry and the U.S. Army Medical Research Unit - Europe of the Walter Reed Army Institute of Research, Washington, D.C.
16. Harig T Paul., Ph.D., ***The U.S. Army War College's type-A behavior reduction program: integrating stress mangement a senior leadership development program,*** U.S. Army War College, Carlisle Barracks, Pennsylvania, United States of America, 2000
17. Каличанин Предраг, Лечиќ-Тошевски Душица, ***Књига о стресу,*** Медицинска књига, Београд, 1994
18. Kong W Daniel., Lynda A. King & Dawne S. Vogt, ***Manual for the development risk and resilience inventory (DRRI)***, Boston, MA: National Center for PTSD, 2003
19. Кризманиќ М., Фучкар Г., Хавелка М., Колесариќ В., ***Психолошка помоќ ратним страдалницима,*** Тисак М&Д, Загреб, 1994
20. Laffittan Dominique and Yves Biville, ***Psychological Support for Military Personnel on Operations,*** Centre d'Etudes Sur la Selection du Personnel de l'Armée de Terre, Compiegne Cedex, France
21. Lamerson C.D. and E.K. Kelloway, ***Towards a Model pf Peacekeeping Stress: Traumatic and Contextual Influences,*** Canadian Psychology, Vol 37, 1996
22. Litz Brett, Susan M. Orsillo, ***The returning of Iraq War: beckground Issues and Assessment Guidelines, D***partment of Veterans Affairs, National Center for PTSD, 2004
23. Mangelsdorff. A David, Ph.D., M.P.H, ***NATO Research Study Grup on Psychological Support,*** Center for Healthcare Education and Studies, U.S. Army Medical Department Center and School, Fort Sam Houston, Texas , United States of America, 1997
24. Преград Јасенка, ***Стрес, Траума, Опоравак,*** Друштво за Психолошку помоќ, 1996, Загреб
25. Ronald S. Palomares, Morgan Sammons, ***Home Coming.Resilience After Wartime***, American Psychological Association APA, 2003
26. Savard S., M.Ed., CTDP; ***Needs assessment of training and education on operational stress injures,*** Canadian Forces Training Development Centre, Canadian Forces base Borden, Ontario, 2002
27. Schade B., T., Schunk, and W. Schüffel, ***M 11/ Stress and Stress-Reactions of Members of the German Armed Forces in Peacekeeping Missions:***
***Health Promoting and Health Detrimental Factors***, Department of Psychosomatic Medicine, CentreforInternal Medicine, Philipps-University Baldingerstraße D-35033 Marburg, Germany




# КРИЗИТЕ ВО НЕЗАВИСНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (проф. д-р Трајан Гоцевски)

**Жанет РИСТОСКА**
Министерство за одбрана

*...Историјата на секој народ, па и на македонскиот, е исполнета со безброј настани што оставиле неизбришливи траги врз неговиот економски, културен, национален и верски идентитет, што тешко можат да се заборават, да се избришат или да се симнат од сцената на нивното постоење во човековата цивилизација...*

*(од Предговорот на книгата)*

Месецот септември е месец на значајни датуми во историјата на Република Македонија, а секако најголем од нив е 8-ми Септември-Денот на независноста на нашата држава. Нашата млада држава ги измина овие деветнаесет години од своето осамостојување како и секој еден адолесцент-бурно, емотивно, со силен почетнички елан, амбиции и стремежи кон сето она што како држава никогаш не сме го имале-рамноправност и признаеност во меѓународната заедница, создавање свои реномирани институции, сопствена армија, признаени научници и експерти, но и со многубројни проблеми, негирања, оспорувања и немири...

За, жал, како и секогаш низ нашата историја, патот на Македонија и на Македонците никогаш не им бил послан со рози, од секој агол, од секој соседен двор се коваа завери и се попречуваше трасирањето на патот на Независна Република Македонија кон иднина без проблеми, без пречки, уцени и непријатни компромиси.

Од самиот почеток на формирањето на нашата држава во тие процеси се вклучуваа и луѓе –експерти кои несебично сакаа да дадат свој придонес во разрешувањето на сите проблеми, дилеми, конфликти и кризи што ја придружуваа

нашата држава. Еден од нив, секако е и проф. д-р Трајан Гоцевски, универзитетски професор и првиот министер за одбрана во Независна Република Македонија. Автор на многу книги од областа на одбраната и безбедноста, но и повеќе од тоа, тој е и директен учесник и сведок на многуте настани од сферата на безбедноста и нејзиното нарушување, кои се појавија во Република Македонија во облик на спорови, конфликтни ситуации, кризи и друг вид безбедносни нарушувања.

Појавата на оваа книга е повеќе од добредојдена во вој тежок период за нашата држава.

Во книгата се обработува период од осамостојувањето на Република Македонија во 1991, па сè до 2001 година, година во која се случи и најголемата криза од постоењето на државата.

Значи, во ова капитално дело на проф. д-р Трајан Гоцевски, на преку петстотини страници пишан материјал, по пат на строга научна елаборација, со мноштво научни методи и постапки се евалуирани сите кризни состојби во Република Македонија, што несомнено е мошне актуелна проблематика од аспект на безбедносната теорија, но исто така содржината на овој труд е и исклучително важна за историјата на македонската држава како една солидно направена ретроспектива и хронологија на настаните кои имаа силни импликации врз текот на поновата македонска историја.

Во врска со презентираните настани, самиот автор во **Предговорот** на книгата посочува дека..„настаните, со оглед на својата турболенција, во основа создаваа кризна состојба во земјава, па затоа ги поделив во четири периода, и тоа: Првата криза се однесува на периодот на прогласувањето на независноста и на одбранбеното осамостојување на Република Македонија; Втората криза го опфаќа периодот на ембаргото на соседна Грција кон нас, како и ембаргото на ООН кон СРЈ; Третата криза е сврзана со нападите на НАТО врз СРЈ и на Бегалската криза од Косово; а Четвртата криза е кризата предизвикана од вооружениот конфликт во 2001 година“.

А, во рамките на концепциската замисла на книгата проблематиката со која се занимава овој труд е поделена во пет тематски целини, кои сами по себе се тематски заокружени, но сепак се меѓусебно функционално поврзани и претставуваат логичен дел на органски поврзана целина.

Првиот дел на оваа книга ја дава **Теориската рамка** и во него се сместени сите дефиниции, определби, методи, средства и постапки кои се поврзани со помите конфликт, криза и спор. На прецизно аналитички и научно-стручен начин, од сите можни аспекти на разгледување и толкување е појаснето што е тоа конфликт, какви видови конфликти имаме, кои се факторите што придонесуваат за порастот на конфликтите и кои се можните начини за нивно разрешување. Исто

така дознаваме за тоа што е криза и кои се најчестите видови кризи, како и за сите аспекти на спорот како современа безбедносна појава.

Вториот дел на книгата го носи насловот **„Првата криза поврзана со прогласувањето на Независна Република Македонија“** и тука, проф. д-р Трајан Гоцевски, од позоција на директен сведок и учесник во овие значајни историски моменти за Република Македонија ги презентира и објаснува сите фактори на загрозување кои во тој период ѝ се закануваа на кревката држава, ставајќи го акцентот на сите кризни моменти во тој процес на осамостојување. Голем дел од оваа целина се занимава со реализирањето на концепциските определби за формирање сопствена армија, односно реализирањето на сопствен модел за одбрана на државата.

Третиот дел од книгата **„Втората криза-грчкото ембарго спрема Република Македонија,** го обработува периодот на ембаргото од страна на Грција кон Република Македонија. Во овој дел се поместени сите значајни настани од меѓународната активност кои му претходеа на ембаргото, како и настани кои се случија подоцна во соседството (ембаргото на ООН кон СРЈ), но кои исто така имаа влијание за појава на економска криза во Република Македонија.

Четвртиот дел е насловен како **„Бегалската криза“** и ги обработува состојбите во РМ во текот на 1998 година. Тука се прави осврт на улогата на НАТО-силите на просторот на Република Македонија и се прават проекции за можните импликации од оваа криза врз безбедноста на РМ во иднина.

Петтиот дел на книгата е и најзначаен, затоа што се обидува од оваа временска дистанца да даде нови видувања и толкувања на периодот на воениот конфликт во Република Македонија. Насловен е како „**Четврта криза-Кризата во 2001 (вооружен конфликт)“**. И самиот наслов, во заградата појаснува дека во овој период кризата веќе ја достигнува својата кулминација и започнува вооружен судир на територијата на Република Македонија.

Сите настани, сите фактори од домашната и од меѓународната сцена, лица и институции имаат свое определно место во рамките на овој дел. Хронолошки, со прецизни датуми и појаснувања е прикажан текот на сите случувања, без разлика дали се од воен, дипломатски или политички карактер.

Сите парченца од мозаикот наречен „Конфликтот во Република Македонија“ се детално разгледани, за на крајот авторот како заклучок во своето дело да даде целосно реконструирана и научно елаборирана слика на овој Конфликт и неговите импликации врз понатамошниот тек на македонската историја.

На крајот од книгата, за уште подетален увид во сето она што ни беше предочено во оваа книга, авторот, ги ставил како прилог сите оригинални документи кои биле донесувани во овој период, дипломатска преписка на

највисоко ниво, писмените известувања од релеванти меѓународни фактори итн..

За крај, повторно ќе потенцирам дека освен научните придобивки од аспект на теоријата на безбедноста ние мораме да го вреднуваме и напорот на проф. д-р Трајан Гоцевски во целост да ја запознае пошироката јавност со сите збиднувања во Република Македонија за време на кризите, коешто го направил на најубав можен начин, со спојување на научната елаборација со историскиот тек на настаните. Хронолошкиот ред на настаните се подвргна на една строга научно-теоретска студиозност и аналитичност со цел да ја согледаме од сите страни тежината на мигот.




# МЕТОДИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ
## (проф. д-р Росе Смилески)

**Марина МАЛИШ-САЗДОВСКА,**
Факултет за безбедност-Скопје

Во март 2010 година излезе од печат книгата „Методика на истражување на пожари" од авторот д-р Росе Смилески.

Материјалот содржан во оваа книга е плод на дваесетипетгодишното работење на авторот во областа на експлозивните материи, пожарите, експлозиите, форензиката и слични дисциплини.

Книгите и учебниците кои ја опфаќаат оваа проблематика се навистина реткост во нашата научна и образовна средина и затоа радува фактот што пред нас стои едно дело кое ќе ја пополни празнината од долгогодишниот недостиг на стручна литература со оваа проблематика.

Издавач на книгата е Факултетот за безбедност-Скопје, кој, воедно ја прифати книгата како учебник за слушателите на безбедносните студии, кои во својата програма треба да совладаат делови од оваа област. Исто така, оваа книга ќе биде ненадоместив материјал од кој ќе се информираат и питомците на реформираната Воена академија, на чие чело како декан стои токму професорот д-р Росе Смилески.

Содржински, материјалот во книгата е поделен во два дела. **Првиот дел** е фокусиран на истражувањето на пожарите. Предавањето на теориските елаборации во врска со проблематиката на пожарите се одвива етапно и аналитички. Авторот најнапред нè запознава со историскиот развој на истражувањето на оваа појава, воедно пренесувајќи ја теоретската основа на процесите на согорувањето, односно горењето. Во овој дел, исто така , подетално се разработени и причините за појава на пожарите. Па така, прецизно и концизно теоретски се разработени појавите како што се електричната енергија како извор и причина за појава на пожари, од нејзиното производство, транспортот до крајните корисници и уредите и инструментите кои што ја користат електричната енергија како основен извор за нивно функционирање, преку статичкиот електрицитет, природните причини за појава на пожари, самозапалувањето на материите како причина за

појава на пожар, сѐ до експлозивните материи како причина за појава на пожар, кои заземаат посебно место во овој дел. Во однос на експлозивните материи ( барутите), односно муницијата во која се тие вградени, како причина за појава на пожар, авторот поседува голема теориска и практична поткрепеност во рамките на своето долгогодишно работно искуство и како професионалец од оваа област и како научен и педагошки работник токму од оваа област.

Пожарите кои настануваат како последица на големите експлозии предизвикани од несоодветно ракување, транспорт или друг вид активности со експлозивните материи, најчесто се придружени и со големи материјални и човечки загуби.

Потсетувањето и анализата на најпознатите и специфични експлозии на муниција во светски рамки во периодот од 1997 до 2004 година има за цел да ни ги прикаже сите аспекти и димензии на ваквите настани. Авторот ни посочува и на фактот дека 26% од вкупно предизвиканите експлозии на складиштата каде се чува муницијата се предизвикани како последица на самозапалувањето на потисните експлозивни материи вградени во муницијата.

Во следното поглавје авторот веќе навлегува во методиката и експертизата на самите пожари, а со тоа практично навлегува и во форензиката. Тој и теоретски и со содветни слики го објаснува изгледот на материјалите, предметите и објектите по опожарувањето (траги на дрво, на стакло и на нивните производи, изгледот на метални елементи и други градежни материјали, инсталации, осигурувачи и склопки преку кои се врши пренос на електричната енергија).

Во рамките на Првиот дел, во посебни поглавја се опишуваат трагите коишто може да се пронајдат во околината на опожареното место,од надворешната и од внатрешната страна на објектот и во центарот на самиот опожарен објект, како и трагите од лицата кои се предизвикувачи на пожарот(намерно или случајно). Посебно се опишани и анализирани карактеристиките на пламенот, на чадот, како и методите за вршење експертиза на веќе настанат пожар.

Во Вториот дел на книгата„Методика на истражување на пожари и еплозии“, авторот се задржува конкретно на методиката на истражувањето на експлозиите, почнувајќи со теоретска елаборација за експлозивните процеси, експлозивните материи, нивното дејство врз околината и ефектите коишто тие ги манифестираат на местото на самата експлозија, експертиза на самата експлозија во разни услови, а во кратки црти се задржува и на муницијата и нрјзиното дејство врз околината, објаснувајќи ги научно пресметките за количината на употребената експлозивна материја, видот и растојанието од местото на експлозијата и последиците во зоната на детонаторскиот, ударниот бран и фрагментното дејство. Сие теориски раработки се поткрепени и со соодветни слики, формули и равенки.

Во последното поглавје на Вториот дел, авторот е длабоко нурнат во методите и постапките на форензиката. Тој со помош на најразлични физички и

хемиски методи, објаснува како може да се определи материјалот кој е употребен при експлозијата, односно пожарот.

Ова последно поглавје на книгата, всушност, ја дава целината на трудот, во смисла на точното определување на метеријалот кој е употребен, неговите својства и доколку се дојде до доволно информации, и до потеклото на експлозивната материја.

Со печатењето на овој материјал, како што споменав и во воведниот дел на Приказот, се пополнува една голема празнина во научно-образовниот процес и во рамките ма Факултетот за безбедност и во рамките на Воената академија, но со ова дело се отвораат и нови можности за нејзина употреба од страна на лицата кои се дирекно инволвирани во процесот на истражувањето на причините за појава на експлозии и пожари на територијата на Република Македонија. Со ова четиво тие и тероетски и практично ќе си го надополнат своето знаење и ќе можат уште посодржајно да го вршата вештачењето на пожарите и експлозиите кои, за жал, сè почесто се појавуваат и во нашата држава.

**„*СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА*“**, теоретско списание
Министерство за одбрана, „Орце Николов“ б.б., Скопје

# УПАТСТВО ЗА АВТОРИТЕ

**„*СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА*“** (во понатамошниот текст Списание) е теоретско списание кое по правило излегува двапати годишно. Во Списанието се објавуваат оригинални стручни трудови: научно стручни трудови, прикази на книги, куси соопштенија и др.

**Оригиналните стручни трудови** ги содржат резултатите на сопствените дотогаш необјавени научни истражувања кои претставуваат заокружена целина. Прифаќањето на оригинална научна статија во Списанието ги обврзува авторите да не ги објавуваат и во други списанија.

**Научно-стручните трудови** известуваат за корисни сознанија кои што помагаат во ширењето на знаењата и прилагодувањето на изворните истражувања кон потребите на науката и практиката.

**Прикази на книги** претставуваат концизни прикази на книги и сознанија до кои што дошле авторите во определена научна област, за која компетентноста на авторите во приказите е потврдена преку публикувањето - објавувањето на книгите.

**Кусите соопштенија** содржат резултати на помали, но завршени научни истражувања.

**Доминантни рубрики на Списанието се:**

1. Општо теоретски, доктринарно-стратегиски и други теми од областа на одбраната;
2. Геополитички, геостратегиски, военополитички и теми од меѓународен ангажман во областа на одбраната;
3. Евроатлантски интеграции;
4. Техничко-технолошки достигнувања, вооружување и опрема;
5. Странски автори;
6. Други рубрики од областа на безбедноста, одбраната и заштитата; и
7. Прикази на книги, стручни трудови и др. од областа на одбраната.

# ПОДГОТОВКА НА РАКОПИСОТ

Ракописот треба да се доставува во **еден отчукан примерок** на ласерски печатар, без проред, на двете страни на хартијата, со формат Б5 и во електронска верзија, за да се олесни печатењето на Списанието. Страниците и прилозите треба да бидат нумерирани.

Трудовите треба да бидат напишани на македонски или на англиски јазик, а на авторите им се препорачува насловот, апстрактот на трудовите, приказите и кусите соопштенија да ги пишуваат и на англиски јазик.

Трудовите што не се земаат во печатење им се враќаат на авторите со образложувања.

При подготвувањето на ракописот задолжителна е употреба на Меѓународниот систем на единици (SI).

**Ракописот треба да содржи:** наслов, автори, институција, апстракт, клучни зборови, вовед, содржина на трудот, заклучок и литература.

**Наслов:** големина на масни **(Болд)** букви, 14 points, Times New Roman, центрирано, прво на македонски (кирилична поддршка), а потоа и на англиски јазик (пред апстрактот на англиски јазик). Насловот на трудот треба да биде кус, но да дава верен одраз на содржините и по можност да содржи што повеќе клучни зборови од опфатената проблематика.

Еден празен ред.

**Автори:** име и презиме, мали масни **(Болд)** букви, 11 points, Times New Roman (кирилична поддршка), центрирано.

Два празни реда.

**Институција:** ракописни букви, 11 points, Times New Roman (кирилична поддршка), центрирано.

Два празни реда.

**Апстракт:** прво на македонски јазик, 11 points, Times New Roman (кирилична поддршка), а потоа и на англиски јазик, 11 points, Times New Roman, единечен проред. Содржината на апстрактот треба да е суштинска и независна целина.

Еден празен ред.

**Клучни зборови:** максимум до 5 збора, 11 points, Times New Roman, единечен проред, на македонски (кирилична поддршка) и на англиски јазик.

**Вовед:** 11 points, Times New Roman (кирилична поддршка), единечен проред. Во воведниот дел треба накусо да се наведе само најважното од поранешните истражувања поврзано со обработуваната проблематика, а потоа да се објасни целта и важноста на работата - истражувањето.

Еден празен ред.

**Содржина на трудот:** 11 points, Times New Roman (кирилична поддршка), единечен проред. Содржината на трудот треба да ги опфати теоретските основи, експерименталниот дел и резултатите до кои што се дошло.

Трудовите кои што се однесувааат на теоретски истражувања, наместо експериментален дел, треба да имаат поглавје **теоретски основи**, во кои ќе бидат изнесени подробностите за проверка на наведените резултати.

Експерименталниот дел треба да биде издвоен и да содржи податоци за употребуваните материјали и опис на применетите принципи и методи на начин којшто ќе овозможи репродуцирање на постапките, но без детално опишување на веќе познатото.

Резултатите до кои се дошло и дискусијата треба да бидат дадени во едно поглавје. Дискусијата треба да содржи анализа на резултатите и заклучоците кои што можат да се извлечат.

Еден празен ред.

**Заклучок:** 11 points, Times New Roman (кирилична поддршка), единечен проред. Заклучокот треба да претставува кусо резиме од трудот, а да ги опфати и резултатите до кои се дошло со истражувањето.

Еден празен ред.

**Литература:** 11 points, Times New Roman, цитирана според светските стандарди. Литературата се наведува во посебно поглавје при што библиографските единици се нумерираат по оној ред по кој што се појавуваат како во фус нотите во текстот.

**Маргини:** - Б5 формат, трудовите отчукани на непровидна хартија од канцелариски формат А4 со работен простор:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - горна: 5 см | | - Top: | 1.89" |
| - долна: 5 см | или Page Setup компјутерски | - Botoom: | 1.89" |
| - лева: 4 см | параметри во инчи (инцх) | - Left: | 1.58" |
| - десна: 4 см | | - Right: | 1.58" |
| | | - Gutter: | 0" |

**Печатар:** ласерски принтер.

**Примените ракописи** Уредувачкиот одбор ги испраќа на рецензенти. Рецензентите и авторите остануваат анонимни. Рецензираните трудови, заедно со евентуалните забелешки и мислења на Уредувачкиот одбор, се доставуваат до авторите. Тие се должни, најмногу во рок од 15 дена, да ги извршат неопходните корекции.

**Категоријата на трудот** ја предлага авторот, но Уредувачкиот одбор ја донесува дефинитивната одлука врз основа на мислењата на рецензентите.

**Пробните отпечатоци** по потреба, им се испраќаат на авторите заради корегирање на печатарските грешки, а не за измена на текстот. Евентуалните нови сознанија можат да се дадат само како куса белешка после текстот. Корегираните пробни отпечатоци треба да ѝ се вратат на редакцијата во рок од 2 (два) дена.

Брзината на објавувањето на трудот, покрај останатото, зависи и од придржувањето кон ова упатство.

**Трудот** се доставува отпечатен според горенаведените пропозиции и во електронска верзија.

**Рокови за испраќање на трудовите:** 30.04. и 31.10. во тековната година на

АДРЕСА: 1. ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
проф. д-р Трајан Гоцевски, главен и одговорен уредник
e-mail: trajan@fzf.ukim.edu.mk
или
2. МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА - Одделение за односи со јавноста
м-р Жанет Ристоска, уредник
e-mail: zanetristoska@morm.gov.mk
e-mail: zanetristoska@yahoo.com

***УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
***НА СПИСАНИЕТО***
***„Современа македонска одбрана“***

СК/СК
***Скопје, 23.12.1999 година***